СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 185 год. LXVII | 30 декември 2011, петок | Цената на овој број е 280 денари.

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4139.	**Закон** за дополнителна супервизија на финансиски конгломерат.....	4
4140.	**Закон** за вложување на Република Македонија во акционерскиот капитал на Европа Ре.....	23
4141.	**Закон** за дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.	23
4142.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки.....	24
4143.	**Закон** за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по договорот за заем за финансирање на проектот за осигурување од природни катастрофи.....	38
4144.	**Закон** за изменување на Кривичниот законик.....	39
4145.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.....	39
4146.	**Закон** за дополнување на Законот за бесплатна правна помош.....	43
4147.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за процена.....	43
4148.	**Закон** за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштвото АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО Охрид.....	44
4149.	**Закон** за одбрана (Пречистен текст)...	46
4150.	**Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.....	62
4151.	**Решение** за разрешување и именување член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св.Наум Охридски“ – Скопје.....	62

Стр.

4152. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Прилеп..... **62**

4153. **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје..... **62**

4154. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми – Скопје..... **62**

4155. **Решение** за именување член на Органот за надзор – претставник на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје..... **63**

4156. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје..... **63**

4157. **Правилник** за изменување и дополнување на правилникот за класификација на приходите..... **63**

4158. **Упатство** за изменување и дополнување на упатството за начинот на евидентирање, распоредување и повраток на јавните приходи..... **64**

4159. **Правилник** за изменување и дополнување на правилникот за единечно одобрување на возило..... **65**

4160. **Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност..... **66**

4161. **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведување на едукацијата..... **67**

Стр.

4162. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана енергетска дејност производство на електрична енергија на АД ТЕЦ Неготино во државна сопственост Неготино за 2012 година..... **70**

4163. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и цена за вршење на регулираната енергетска дејност производство на електрична енергија на АД Електрани на Македонија – Скопје за 2012 година..... **70**

4164. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2012 година, како и основен приход за 2012, 2013 и 2014 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на ЕВН Македонија АД Скопје..... **70**

4165. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и цена за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на ЕВН Македонија АД Скопје за 2012 година..... **71**

4166. **Одлука** одобрување на основен приход за 2012, 2013 и 2014 година, регулиран максимален приход за 2012 година и регулирана просечна тарифа за 2012 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на операторот на електропреносниот систем на Македонија АД Мепсо – Скопје..... **71**

4167. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за 2012 година и регулирана просечна тарифа за 2012 година за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД Мепсо - Скопје..... **72**

		Стр.
4168.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифа за вршење на дејностите пренос и управување со системот за пренос на природен гас за 2012 година и годишен приход по составни елементи за вршење на дејностите пренос и управување со системот за пренос на природен гас за регулиран период 2012-2016 година на АД ГА-МА Скопје.....	**72**
4169.	**Одлука** за одобрување на тарифа за вршење на регулирана дејност дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони – Скопје, (ДТИРЗ) за 2012 година и годишен приход по составни елементи за регулиран период 2012-2016 година.....	**73**
4170.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за производство на топлинска енергија за греење и тарифни ставови за регулиран период на топлификација АД Скопје.....	**73**
4171.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење и тарифни ставови за 2012 година на Скопје север АД-Скопје.....	**74**
4172.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија за греење и тарифни ставови за регулиран период на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје.....	**74**
4173.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2012 година за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење на снабдување исток ДООЕЛ Скопје.....	**74**
4174.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2012 година за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење на снабдување запад ДООЕЛ Скопје.....	**75**
4175.	**Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2012 година за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за греење на снабдување центар ДООЕЛ Скопје.....	**76**
4176.	**Одлука** за продолжување на важноста на одлуката за примена на цена за вршење на дејноста снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас на Макпетрол пром-гас ДООЕЛ Скопје.....	**76**
4177.	**Одлука** за продолжување на важноста и примената на одлуките за АД ЕЛЕМ Подружница „Енергетика“.....	**76**
4178.	**Решение** за стекнување со својство на квалификуван потрошувач на природен гас.....	**77**
4179.	**Правилник** за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни (*).....	**77**
4180.	**Исправка** на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло.....	**83**
	Огласен дел.....	**1-96**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
4139.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА СУПЕРВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТ

Се прогласува Законот за дополнителна супервизија на финансиски конгломерат,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2011 година.

Бр. 07- 5391/1
27 декември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА СУПЕРВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТ

I. Општи одредби

Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат правилата за вршење дополнителна супервизија на банки, друштва за осигурување и брокерски куќи кога истите претставуваат дел од финансиски конгломерат.

Примена

Член 2

Одредбите од овој закон се применуваат независно од и без да се попречува примената на законите и другите прописи кои се однесуваат на вршењето супервизија на банки, друштва за осигурување и брокерски куќи.

Дефиниции

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Финансиски конгломерат е група којашто ги исполнува следниве услови:

а) на чело на групата:

- е регулиран субјект или најмалку една од подружниците во групата е регулиран субјект и регулираниот субјект којшто е на чело на групата е матично лице на правно лице од финансискиот сектор, или правно лице кое има учество во правно лице од финансискиот сектор, или правно лице поврзано со друго правно лице на начин утврден во точката 18, потточки б) и в) на овој член или

- не е регулиран субјект, но активностите на групата главно се вршат во финансискиот сектор во смисла на членот 4 став (1) од овој закон;

б) најмалку еден од субјектите во групата е правно лице од осигурителниот сектор и најмалку едно правно лице е од банкарскиот сектор или од секторот за инвестициски услуги и

в) консолидираните и/или агрегираните активности на правните лица од осигурителниот сектор во групата и консолидираните и/или агрегираните активности на правните лица од банкарскиот сектор и секторот за инвестициски услуги се значајни согласно со членот 4 став (2) или (3) од овој закон.

За финансиски конгломерат се смета и секоја подгрупа на групата која ги исполнува условите од оваа точка;

2. „Регулиран субјект" е банка, друштво за осигурување и брокерска куќа;

3. „Банка" е правно лице основано во Република Македонија согласно со Законот за банките или правно лице овластено од страна на надлежен орган во земја членка на Европската унија или трета земја да врши банкарски активности;

4. „Друштво за осигурување" е правно лице основано во Република Македонија согласно со Законот за супервизија на осигурување или правно лице овластено од страна на надлежен орган во земја членка на Европската унија или трета земја да врши работи на осигурување;

5. „Брокерска куќа" е правно лице основано во Република Македонија согласно со Законот за хартии од вредност или правно лице овластено од страна на надлежен орган во земја членка на Европската унија или трета земја да врши инвестициски активности и услуги;

6. „Финансиски сектор" е сектор кој се состои од еден или повеќе од следниве субјекти:

а) банки, финансиски друштва, даватели на финансиски лизинг и друштва за помошни услуги на банка (банкарски сектор);

б) друштва за осигурување, друштва за реосигурување и осигурителни холдинг друштва (осигурителен сектор);

в) брокерски куќи (сектор за инвестициски услуги) и

г) мешовити финансиски холдинг друштва;

7. „Нерегулиран субјект" е секој друг субјект кој не е регулиран субјект;

8. „Финансиско друштво" е правно лице основано согласно со Законот за финансиски друштва;

9. „Давател на финансиски лизинг" е правно лице основано согласно со Законот за лизинг;

10. „Друштво за реосигурување" е правно лице основано во Република Македонија согласно со Законот за супервизија на осигурување или правно лице овластено од страна на надлежен орган во земја членка на Европската унија или трета земја да врши работи на реосигурување;

11. „Осигурително холдинг друштво" е матично лице кое не е регулиран субјект и има седиште во Република Македонија или во земја членка на Европската унија чија основна дејност е стекнување и поседување на учество во подружници, кога тие подружници се друштва за осигурување, друштва за реосигурување или друштва за осигурување со седиште надвор од Република Македонија или надвор од земја членка на Европската унија, при што барем една од подружниците е друштво за осигурување;

12. "Мешовито финансиско холдинг друштво" е матично лице кое не е регулиран субјект и кое заедно со своите подружници, од кои најмалку една е регулиран субјект со седиште во земја членка на Европската унија и со други субјекти сочинуваат финансиски конгломерат;

13. „Матично лице" е правно лице кое има контрола над друго правно лице (подружница);

14. „Подружница" е правно лице кое е контролирано од друго правно лице (матично лице). Секоја подружница основана од подружница се смета за подружница на матичното лице;

15. „Секторски прописи“ се законите и другите прописи со кои се уредува основањето, работењето и супервизијата на регулираните субјекти и тоа банки, друштва за осигурување и брокерски куќи;

16. „Контрола“ е:

а) директно или индиректно поседување на мнозински влог на правно или физичко лице во друго правно лице;

б) директно или индиректно поседување на мнозинството од правата на глас на правно или физичко лице во друго правно лице;

в) право да се назначува и разрешува мнозинството членови на органите на управување од страна на правно или физичко лице во друго правно лице, директно или индиректно, вклучувајќи и склучен договор со еден или повеќе иматели на влог на другото правно лице за отстапување или здружување на нивните права на глас заради остварување заеднички интереси;

г) право да се остварува, директно или индиректно, значително влијание од страна на правно или физичко лице врз управувањето и донесувањето на одлуки на друго правно лице и

д) право да се остварува значително влијание на правно или физичко лице врз друго правно лице според оцена на надлежните органи;

17. "Учество" е директно или индиректно поседување на најмалку 20% од вкупниот број акции или удели или од правата на глас на други правни лица;

18. “Група” е група на правни лица која се состои од:

а) матично лице, неговите подружници и правните лица во кои матичното лице или неговите подружници имаат учество или

б) правни лица кои се меѓусебно поврзани преку заедничко управување или

в) правни лица во кои, во тековната финансиска година и до денот на подготовка на консолидираните извештаи, исти лица се мнозинство членови на органите на управување;

19. "Блиски врски" се кога две или повеќе лица се поврзани преку учество или контрола, како и кога две или повеќе лица се контролирани од исто лице;

20. "Надлежни органи" се органи во Република Македонија и во земја членка на Европската унија овластени со секторските прописи за издавање дозволи/одобренија за основање и работење и/или вршење надзор, односно супервизија на банки и/или друштва за осигурување и/или брокерки куќи на индивидуална или консолидирана основа;

21. "Релевантни надлежни органи" се:

а) надлежни органи во Република Македонија и во земја членка на Европската унија кои се овластени за вршење консолидиран надзор, односно консолидирана супервизија на регулираните субјеки коишто се дел од финансиски конгломерат;

б) координатор назначен согласно со членот 6 од овој закон е доколку различен од надлежниот орган од потточката а) на оваа точка и

в) други надлежни органи, кога тоа е потребно според оцена на надлежните органи од потточките а) и б) на оваа точка, при што особено се зема предвид следново:

- пазарното учество на регулираните субјекти коишто се дел од финансискиот конгломерат во Република Македонија или во земја членка на Европската унија, особено доколку ова учество надминува 5% и

- значењето што во финансискиот конгломерат го има секој регулиран субјект основан во Република Македонија или во земја членка на Европската унија;

22. “Внатрешни трансакции на групата” се сите трансакции што меѓусебе ги извршуваат регулираните субјекти кои се дел од финансискиот конгломерат и чиешто извршување директно или индиректно зависи од другите правни лица во групата или од кое било физичко и правно лице поврзано преку блиски врски со правните лица од групата, а кои се склучени заради исполнување на некоја обврска, без оглед на тоа дали обврската е договорна или не и дали таа се однесува на одредено плаќање или не;

23. „Концентрација на ризик“ се сите изложености со потенцијален ризик од загуба за субјектите во финансискиот конгломерат кои се доволно големи да ја загрозат солвентноста или да ја нарушат општата финансиска состојба на регулираните субјекти во финансискиот конгломерат. Ваквите изложености можат да бидат резултат на ризик од договорната страна/кредитен ризик, инвестициски ризик, осигурителен ризик, пазарен ризик и други ризици поединечно или како комбинација на меѓусебното дејство на повеќе ризици и

24. „Трета земја“ е земја која не е земја членка на Европската унија.

II. Идентификување на финансиски конгломерат и назначување на координатор

Прагови за идентификување финансиски конгломерат

Член 4

(1) Активностите на групата главно се вршат во финансискиот сектор ако збирот на активата на регулираните субјекти и на нерегулираните субјекти од финансискиот сектор во групата во однос на вкупната актива на целата група надминува 40%.

(2) Активностите на различни финансиски сектори се значајни кога за секој финансиски сектор просекот на следните два односа надминува 10%, и тоа:

- односот на активата на одреден финансиски сектор и вкупната актива на финансискиот сектор во групата и

- односот на барањето за адекватност на капитал/солвентноста на одредениот финансиски сектор и вкупните барања за адекватност на капитал/солвентноста на финансискиот сектор во групата.

(3) Активностите во одделните финансиски сектори, исто така, се сметаат значајни и доколку активата на најмалиот финансиски сектор во групата надминува 6 милијарди евра.

(4) Како најмал финансиски сектор во финансискиот конгломерат се смета секторот со најмал просек во смисла на ставот (2) на овој член. При пресметување на просекот и утврдувањето на најмалиот финансиски сектор, банкарскиот сектор и секторот на инвестициски услуги се земаат заедно.

(5) Ако групата не го достигне прагот од ставот (2) на овој член, а го исполнува условот од ставот (3) на овој член, релевантните надлежни органи, со заеднички договор, можат да одлучат дека таквата групата не претставува финансиски конгломерат или да одлучат дека е финансиски конгломерат на кој нема да се применуваат одредбите од членовите 15, 16 и 18 од овој закон, доколку сметаат дека третманот на групата како финансиски конгломерат или примената на членовите 15, 16 и 18 од овој закон е непотребна или би можела да доведе до погрешни заклучоци во однос на целите на вршење на дополнителната супервизија.

(6) При одлучувањето од ставот (5) на овој член, релевантните надлежни органи особено треба да имаат предвид дали:

а) просекот на најмалиот финансиски сектор пресметан на начин утврден во ставот (2) на овој член или процентуалното учество на активата на најмалиот финансиски сектор во вкупната актива на финансискиот сектор или процентуалното учество на барањата за адекватност на капиталот/солвентноста на најмалиот фи-

нансиски сектор во вкупните барања за адекватност на капиталот/солвентноста на финансискиот сектор не надминува 5% или

б) пазарното учество не надминува 5% во Република Македонија или во која било земја членка на Европската унија, пресметано како учество во вкупната актива на банкарскиот сектор или секторот на инвестициски услуги и како учество во вкупните бруто премии запишани во осигурителниот сектор.

(7) Доколку релевантните надлежни органи одлучат согласно со ставот (5) на овој член, за таквата одлука е потребно да ги известат другите надлежни органи.

(8) При оценувањето дали се исполнети условите за постоење финансиски конгломерат согласно со ставовите (1) , (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, релевантните надлежни органи, по пат на заеднички договор, можат:

а) во случаите од членот 8 ставови (10), (11), (12) и (13) од овој закон да исклучат кој било субјект при пресметување на односите од ставовите (1) и (2) на овој член и

б) да го земат предвид исполнувањето на праговите од ставовите (1) и (2) на овој член во последните три последователни години со цел да се избегнат ненадејните промени кои влијаат на постигнување на праговите за идентификување на финансиски конгломерат, освен во случај на значајни промени во структурата на групата.

(9) Доколку финансискиот конгломерат е идентификуван согласно со ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, предлог за постапување по ставот (8) на овој член може да се даде врз основа на предлог даден од координаторот на тој финансиски конгломерат.

(10) Во исклучителни случаи, ако тоа би имало особено значење за целите на дополнителната супервизија, релевантните наделжни органи по пат на заеднички договор, можат да одлучат при пресметка на односите од ставовите (1) и (2) на овој член односот засновн на износот на активата да го заменат или да го дополнат со еден или двата следни параметри:

- структурата на приходите и
- вонбилансните активности.

(11) Во случај кога финансискиот конгломерат над кој се врши дополнителна супервизија не ги исполнува условите од ставовите (1) и (2) на овој член, со цел да се избегне влијанието од ненадејни промени, дополнителната супервизија ќе продолжи да се врши и во следните три години, доколку пресметаниот однос од ставот (1) на овој член надминува 35%, односно пресметаниот просек од ставот (2) на овој член надминува 8%.

(12) Во случај кога финансискиот конгломерат над кој се врши дополнителна супервизија не го исполнува условот од ставот (3) на овој член, со цел да се избегне влијанието од ненадејни промени, дополнителната супервизија ќе продолжи да се врши и во следните три години, доколку активата на најмалиот финансиски сектор во групата надминува 5 милијарди евра.

(13) Во периодот утврден во ставовите (11) и (12) на овој член, координаторот во договор со другите релевантни надлежни органи, може да одлучи да не се применува понискиот просек или понискиот износ утврден во ставовите (11) и (12) на овој член и да не се врши дополнителна супервизија над финансискиот конгломерат.

(14) Пресметките од овој член кои се однесуваат на активата се вршат врз основа на агрегиран биланс на состојба на поединечните субјекти во групата, согласно со нивните годишни финансиски извештаи. Во пресметките се вклучува и збирот на активата на правните лица во кои поединечните субјекти од групата имаат учество и тоа во износ пропорционален на агрегираното учество на поединечните субјекти од групата во тие правни лица.

(15) Доколку се изготвуваат консолидирани финансиски извештаи, истите се користат наместо агрегираните извештаи.

(16) Барањата за адекватност на капиталот/солвентноста, утврдени во ставовите (2) и (6) на овој член, се пресметуваат во согласност со одредбите од соодветните секторски прописи.

Идентификување на финансиски конгломерат

Член 5

(1) Надлежните органи кои издале дозвола/одобрение за основање и работење на регулираните субјекти го идентификуваат постоењето на финансискиот конгломерат согласно со членовите 3, 4 и 7 од овој закон над кој се врши дополнителна супервизија .

(2) Надлежните органи кои издале дозвола/одобрение за основање и работење на регулираните субјекти во групата, меѓусебно соработуваат и разменуваат информации во постапката на идентификување финансиски конгломерат.

(3) Доколку надлежен орган кој издал дозвола/одобрение за основање и работење на регулиран субјект смета дека истиот е член на група која може да биде идентификувана како финансиски конгломерат согласно со овој закон, ги известува другите надлежни органи кои издале дозвола/одобрение за основање и работење на останатите регулирани субјекти во групата.

(4) Координаторот назначен согласно со членот 6 од овој закон го известува матичното лице кое е на чело на групата или, во отсуство на матично лице, регулираниот субјект со најголема актива во најважниот финансиски сектор во групата, дека групата е идентификувана како финансиски конгломерат и дека е поставен координатор.

(5) Најважен финансиски сектор во финансиски конгломерат е секторот со највисок просек во смисла на членот 4 став (2) од овој закон. При пресметување на просекот и утврдувањето на најважниот финансиски сектор, банкарскиот сектор и сектор на инвестициски услуги се земаат заедно.

(6) Известувањето од ставот (3) на овој член особено содржи:

- преглед на правните лица кои го сочинуваат финансискиот конгломерат и назив и седиште на правното лице кое е на чело на групата и
- преглед на релевантни надлежни органи и надлежниот орган кој е назначен за координатор.

(7) За постоењето на финансиски конгломерат координаторот, исто така, ги известува и:

- надлежните органи кои издале дозвола/одобрение за основање и работење на регулираните субјекти во групата,
- надлежните органи во државата во која мешовитото финансиско холдинг друштво има седиште,
- надлежните органи кои издале дозвола/одобрение за основање и работење на правни лица кои не се регулирани субјекти согласно со овој закон, а се дел од финансискиот конгломерат и
- Европската комисија.

Критериуми за назначување на координатор

Член 6

(1) За потребите на вршење дополнителна супервизија, надлежните органи во Република Македонија и земјите членки на Европската унија, како и надлежните органи во земјите членки на Европската унија во кои мешовитото финансиско холдинг друштво има свое седиште и надлежните органи на Република Македонија кога мешовитото финансиско холдинг друштво има седиште во Република Македонија, ќе назначат координатор одговорен за координација и вршење на дополнителна супервизија.

(2) При назначување на координатор се земаат предвид следниве критериуми, ако:

а) на чело на финансискиот конгломерат е регулиран субјект, координатор е надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на тој регулиран субјект;

б) на чело на финансискиот конгломерат е мешовито финансиско холдинг друштво, координатор е надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на регулираниот субјект кој е подружница на мешовитото финансиско холдинг друштво;

в) на чело на финансискиот конгломерат е мешовито финансиско холдинг друштво, кое е матично лице на најмалку два регулирани субјекти со седиште во Република Македонија или во земја членка на Европската унија и најмалку еден од тие субјекти има добиено дозвола/одобрение за основање и работење од надлежниот орган на земјата во која е седиштето на мешовито финансиско холдинг друштво, координатор е надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на тој регулиран субјект;

г) на чело на финансискиот конгломерат е мешовито финансиско холдинг друштво кое е матично лице на најмалку два регулирани субјекти од различни финансиски сектори со седиште во земјата во која е седиштето на мешовитото финансиско холдинг друштво, координатор е надлежниот орган кој му издал дозвола /одобрение за основање и работење на регулираниот субјект од најважниот финансиски сектор, при што за целите за назначување на координатор банкарскиот сектор и секторот за инвестициски услуги се сметаат како посебни сектори;

д) на чело на финансискиот конгломерат се неколку мешовити финансиски холдинг друштва со седиште во Република Македонија или земја членка на Европската унија, при што во секоја земја има регулиран субјект, координатор е надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на регулираниот субјект со најголема актива, доколку регулираните субјекти се од ист финансиски сектор или надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на регулираниот субјект од најважниот финансиски сектор;

ѓ) на чело на финансискиот конгломерат е мешовито финансиско холдинг друштво, кое е матично лице на најмалку два регулирани субјекти со седиште во Република Македонија или земја членка на Европската унија, при што ниту еден од регулираните субјекти нема добиено дозвола/одобрение за основање и работење од надлежниот орган во земјата во која мешовитото финансиско холдинг друштво има свое седиште, координатор е надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на регулираниот субјект со најголема актива во најважниот финансиски сектор и

е) финансискиот конгломерат е група без матично лице или во сите останати случаи, координатор е надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на регулираниот субјект со најголема актива во најважниот финансиски сектор.

(3) Во одредени случаи релевантните надлежни органи со заеднички договор може да назначат друг надлежен орган за координатор, доколку сметаат дека примената на критериумите од ставот (2) на овој член не е соодветна, имајќи ја предвид структурата на финансискиот конгломерат и релативното значење на неговите активности во различни земји, за што надлежните органи обезбедуваат мислење од финансискиот конгломерат.

III. Дополнителна супервизија

1. Опфат

Опфат на дополнителната супервизија

Член 7

(1) Дополнителната супервизија е супервизија која се врши над работењето на финансискиот конгломерат во обем и на начин пропишани со овој закон, а која ја врши орган надлежен за супервизија на банки, орган надлежен за супервизија на брокерски куќи или орган надлежен за супервизија на друштва за осигурување.

(2) Дополнителната супервизија не влијае на овластувањата кои надлежните органи од ставот (1) на овој член ги имаат согласно со секторските прописи, а во врска со вршењето надзор или супервизија на регулираните субјекти врз индивидуална основа.

(3) Предмет на вршење дополнителна супервизија на ниво на финансиски конгломерат се:

- регулиран субјект кој е на чело на финансискиот конгломерат,

- регулиран субјект чие матично лице е мешовито финансиско холдинг друштво со седиште во Република Македонија или во земја членка на Европската унија и

- регулиран субјект поврзан со друго правно лице од финансискиот сектор на начин утврден во членот 3 точка 18 потточки б) и в) од овој закон.

(4) Доколку финансискиот конгломерат претставува подгрупа на финансиски конгломерат на чие чело се наоѓа регулиран субјект, дополнителна супервизија ќе се врши само на регулираните субјекти од тој финансиски конгломерат.

(5) Секој регулиран субјект кој не е предмет на дополнителна супервизија согласно со ставот (3) на овој член, чие матично лице е регулиран субјект или мешовито финансиско холдинг друштво со седиште во трета земја, е предмет на дополнителна супервизија на ниво на финансиски конгломерат на начин утврден во членот 25 од овој закон.

(6) Кога правни и физички лица имаат учество или се капитално поврзани со еден или повеќе регулирани субјекти или остваруваат значително влијание над тие субјекти, а не се опфатени со ставовите (3), (4) и (5) на овој член, релевантните надлежни органи, со заеднички договор, ќе одлучат дали и во кој обем ќе се врши дополнителна супервизија на регулираните субјекти исто како истите да се дел од финансиски конгломерат.

(7) За да се врши дополнителната супервизија од ставот (6) на овој член, најмалку едно од правните лица мора да биде регулиран субјект и да ги исполнува условите утврдени во членот 3 став (1) точка 1 потточки б) и в) од овој закон.

(8) Без да е во спротивност со одредбите од членот 24 од овој закон, вршењето дополнителна супервизија на финансискиот конгломерат не значи дека надлежните органи вршат супервизија на поединечна основа на мешовити финансиски холдинг друштва, регулирани субјекти во финансискиот конгломерат со седиште во трети земји или правни лица кои не се регулирани субјекти согласно со овој закон, а се дел од финансискиот конгломерат.

2. Финансиска состојба

Адекватност на капиталот

Член 8

(1) Без да е во спротивност со секторските прописи, дополнителната супервизија на адекватност на капиталот на регулираните субјекти во финансискиот конгломерат ќе се врши согласно со членовите 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 18 ставови (2), (3), (4) и (5) од овој закон.

(2) Регулираните субјекти во финансискиот конгломерат се должни да располагаат со соодветен износ на сопствени средства на ниво на финансискиот конгломерат и во секое време да го одржуваат нивото на сопствените средства во висина најмалку еднаква на износот на сопствените средства пресметан согласно со членовите 9, 10, 11, 12, 13 и 14 од овој закон (дополнителна адекватност на капитал).

(3) Регулираните субјекти во финансиски конгломерат се должни да имаат соодветни политики за дополнителна адекватност на капиталот на ниво на финансискиот конгломерат.

(4) Регулираните субјекти или мешовитите финансиски холдинг друштва најмалку еднаш годишно ја утврдуваат дополнителната адекватност на капиталот.

(5) Координаторот врши супервизија на усогласеноста на регулираните субјекти со барањата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член.

(6) Резултатите од пресметката на дополнителната адекватност на капиталот на финансискиот конгломерат и релевантните податоци за пресметката до координаторот ги доставува регулираниот субјект кој е на чело на финансискиот конгломерат. Кога на чело на финансискиот конгломерат е субјект кој не е регулиран субјект, тогаш податоците до координаторот ги доставува мешовитото финансиско холдинг друштво или регулираниот субјект во финансискиот конгломерат определен од страна на координаторот, а по договор со другите релевантни надлежни органи и со финансискиот конгломерат.

(7) За целите на пресметување на дополнителната адекватност на капиталот од ставот (2) на овој член, предмет на вршење дополнителна супервизија на начин и во обем дефинирани согласно со членовите 9, 10, 11, 12, 13 и 14 од овој закон се следниве субјекти:

а) банки, финансиски друштва, даватели на финансиски лизинг и друштва за помошни услуги на банка;

б) друштва за осигурување, друштва за реосигурување и осигурителни холдинг друштва;

в) брокерски куќи и

г) мешовито финансиско холдинг друштво.

(8) При пресметување на дополнителната адекватност на капиталот на финансискиот конгломерат со примена на Методот 1 - Консолидација согласно со членот 12 од овој закон, износот на сопствените средства и на барањата за солвентност на субјектите во групата се пресметуваат со примена на соодветните секторски прописи.

(9) При пресметување на дополнителната адекватност на капиталот на финансискиот конгломерат со примена на Методот 2 - Одбивање и агрегација или Методот 3 - Сметководствена вредност/Одбитни ставки, во пресметката се вклучува пропорционалниот дел на матичното лице или на правното лице кое има учество во друго правно лице од групата. Под „пропорционален дел“ се подразбира делот од запишаниот капитал што го поседува правното лице, директно или индиректно.

(10) Координаторот може да одлучи да исклучи одредени правни лица од пресметката на дополнителната адекватност на капиталот во следниве случаи, ако:

а) правното лице има седиште во трета земја во која постојат правни пречки за пренесување на потребните информации;

б) правното лице не е од значаен интерес во однос на целите на вршење дополнителна супервизија на регулираните субјекти во финансиски конгломерат и

в) процени дека вклучувањето на правното лице е несоодветно или ќе доведе до погрешни заклучоци во однос на целите на вршење дополнителна супервизија.

(11) По исклучок од ставот (10) точка б) на овој член, правните лица кои се исклучени од пресметката на дополнителна адекватност на капиталот задолжително се вклучуваат во пресметката, доколку заедно како целина се од значаен интерес во однос на целите на вршење дополнителна супервизија.

(12) Во случајот од ставот (10) точка в) на овој член, координаторот се консултира со другите релевантни надлежни органи пред донесување на одлука, освен во итни случаи.

(13) Кога поединечен регулиран субјект не е вклучен во пресметката на дополнителната адекватност на капиталот согласно со еден од случаите утврдени во ставот 10 точка б) или в) на овој член, надлежните органи од земјата во која е седиштето на регулираниот субјект можат да бараат од правното лице на чело на финансискиот конгломерат да достави информации кои можат да ја олеснат супервизијата на регулираниот субјект.

Методи за пресметка на дополнителна адекватност на капиталот

Член 9

(1) Пресметката на дополнителната адекватност на капиталот на финансискиот конгломерат се врши во согласност со техничките принципи од членовите 10 и 11 од овој закон и со примена на еден или комбинација на следниве три методи: Метод на консолидација (Метод 1), Метод на одбивање и агрегација (Метод 2) и Метод на сметководствена вредност/одбитни ставки (Метод 3) пропишани во членовите 12, 13 и 14 од овој закон.

(2) Координаторот на финансискиот конгломерат во соработка со другите релевантни надлежни органи и со финансискиот конгломерат, го определува методот од ставот (1) на овој член кој ќе се применува за пресметка на дополнителната адекватност на капиталот на финансискиот конгломерат.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога на чело на финансискиот конгломерат е регулиран субјект, надлежниот орган кој му издал дозвола/одобрение за основање и работење на тој субјект го определува методот од ставот (1) на овој член кој ќе се применува за пресметка на дополнителната адекватност на капиталот за финансискиот конгломерат.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога на чело на финансискиот конгломерат не е регулиран субјект, надлежниот орган за регулираните субјекти во тој конгломерат го определува методот од ставот (1) на овој член кој ќе се применува за пресметка на дополнителната адекватност на капиталот за финансискиот конгломерат.

Технички принципи
Обем и начин на пресметка на дополнителната адекватност на капиталот

Член 10

(1) Без оглед на методот кој се применува, кога правното лице е подружница и е подкапитализирано или, во случај кога правното лице е подружница која е нерегулиран субјект од финансиски сектор и има претпоставена подкапитализираност, во пресметката на дополнителната адекватност на капитал се зема предвид вкупниот износ на подкапитализираност на подружницата.

(2) Подкапитализираноста или претпоставената подкапитализираност постои кога износот на сопствените средства на правното лице е понизок од барањата за адекватноста на капиталот/солвентноста или од претпоставените барања за адекватноста на капиталот/солвентноста.

(3) Претпоставено барање за адекватност на капиталот/солвентноста на нерегулиран субјект од финансиски сектор се пресметува согласно со членовите 12, 13 и 14 од овој закон.

(4) Во смисла на ставот (3) на овој член, претпоставено барање за адекватност на капиталот/солвентноста на нерегулиран субјект од финансиски сектор е износ на сопствени средства со кој би требало да располага субјектот согласно со соодветните секторски прописи како да е регулиран субјект во тој финансиски сектор.

(5) Претпоставено барање за адекватност на капиталот/солвентноста на мешовито финансиско холдинг друштво се пресметува согласно со секторските прописи на најважниот финансиски сектор во финансискиот конгломерат.

(6) Во случаите од ставот (1) на овој член, кога според мислење на координаторот одговорноста на матичното лице е ограничена исклучиво и недвосмислено на неговото учество во капиталот на подружницата, координаторот може износот на подкапитализираност на подружницата да го одобри врз пропорционална основа, зависно од учеството во капиталот на подружницата.

(7) Кога не постои капитална поврзаност меѓу субјектите во финансискиот конгломерат, координаторот, по договор со другите релевантни надлежни органи, одлучува кој пропорционален дел ќе се земе при пресметката на дополнителната адекватност на капиталот. При одлучувањето, координаторот ги има предвид обврските што произлегуваат од меѓусебните односи на субјектите во финансискиот конгломерат.

Технички принципи при пресметката на дополнителната адекватност на капиталот

Член 11

(1) При пресметување на дополнителната адекватност на капиталот на регулираните субјекти во финансискиот конгломерат согласно со членовите 12, 13 и 14 од овој закон координаторот, а кога е потребно и другите надлежни органи проверуваат дали се применуваат следниве принципи:

а) задолжително се отстранува повеќекратното вклучување на позициите кои влегуваат во пресметката на сопствените средства на ниво на финансискиот конгломерат и на кое било друго несоодветно креирање сопствени средства меѓу членките во групата. За да се обезбеди елиминирање на повеќекратното вклучување на позициите и несоодветното креирање сопствени средства, надлежните органи ги применуваат соодветните секторски прописи;

б) барањата за адекватноста на капиталот/солвентноста на секој од финансиските сектори во финансискиот конгломерат се еднакви на износот на сопствените средства утврдени во согласност со соодветните секторски прописи;

в) кога има недоволно ниво на сопствени средства на ниво на финансискиот конгломерат, само позициите на сопствените средства кои не се сметаат како одбитни ставки во согласност со поединечните секторски прописи (меѓусекторски капитал) можат да се вклучат во утврдувањето на сопствените средства на ниво на финансискиот конгломерат;

г) во случајот од точката в) на овој став, кога во согласност со секторските прописи се предвидени ограничувања во поглед на можноста за користење на меѓусекторскиот капитал како сопствени средства, овие ограничувања соодветно се применуваат во пресметката на сопствените средства на ниво на финансискиот конгломерат и

д) во случајот од точката в) на овој став, при пресметката на сопствените средства на ниво на финансискиот конгломерат, се земаат предвид и расположливоста на сопствените средства и можноста за нивно непречено пренесување меѓу различните правни лица во групата.

Метод на консолидација (Метод 1)

Член 12

(1) Пресметката на барањето за дополнителна адекватност на капитал на регулираните субјекти во финансискиот конгломерат се врши врз основа на консолидираните финансиски извештаи.

(2) Барањето за дополнителна адекватност на капиталот е еднакво на разликата меѓу:

а) сопствените средства на финансискиот конгломерат пресметани врз консолидирана основа, при што како позиции на сопствените средства се земаат предвид позициите определени со соодветни секторски прописи и

б) збирот на потребниот капитал/потребната солвентност за секој различен финансиски сектор во групата утврден врз основа на соодветните секторски прописи.

(3) За нерегулираните субјекти од финансискиот сектор се пресметува претпоставено барање за потребниот капитал/потребната солвентност и се додава на износот од ставот (2) точка б) на овој член.

(4) Разликата од ставот (2) на овој член не смее да има негативна вредност.

Метод на одбивање и агрегација (Метод 2)

Член 13

(1) Пресметката на барањето за дополнителна адекватност на капиталот на регулираните субјекти во финансискиот конгломерат се врши врз основа на финансиските извештаи на секое правно лица во групата.

(2) Барањето за дополнителна адекватност на капиталот е еднакво на разликата меѓу:

а) збирот на сопствените средства на сите регулирани и нерегулирани субјекти од финансискиот сектор во финансискиот конгломерат пришто како позиции на сопствените средства се земаат предвид позициите определени со соодветните секторски прописи и

б) збирот на:

- потребниот капитал/потребната солвентност за секој регулиран и нерегулиран субјект од финансиски сектор утврдени согласно со соодветните секторски прописи и

- сметководствената вредност на учествата во другите правни лица од групата.

(3) За нерегулираните субјекти од финансискиот сектор се пресметува претпоставеното барање за потребниот капитал/потребната солвентност. Сопствените средства и барањата за потребниот капитал/потребната солвентност се земаат предвид согласно со нивното пропорционално учество како што е утврдено во членот 8 став (9) од овој закон и во согласност со членовите 10 и 11 од овој закон.

(4) Разликата од ставот (2) на овој член не смее да има негативна вредност.

Метод на сметководствена вредност/одбитни ставки (Метод 3)

Член 14

(1) Пресметката на барањето за дополнителна адекватност на капиталот на регулираните субјекти во финансиски конгломерат се врши врз основа на финансиските извештаи на секое правно лица во групата.

(2) Барањето за дополнителна адекватност на капиталот е еднакво на разликата меѓу:

а) сопствените средства на матичното лице или правното лице на чело на финансискиот конгломерат, при што како позиции на сопствените средства се земаат позициите определени со соодветните секторски прописи и

б) збирот на:

- потребниот капитал/потребната солвентност на матичното лице или на правното лице на чело на финансискиот конгломерат и

- поголемиот износ од сметководствената вредност на учеството на матичното лице или на правното лице на чело на финансискиот конгломерат во другите правни лица во групата или од потребниот капитал/потребната солвентност на тие лица во групата, при што потребниот капитал/потребната солвентност на другите правни лица во групата се утврдува согласно со нивното пропорционално учество како што е утврдено во членот 8 став (9) од овој закон и во согласност со членовите 10 и 11 од овој закон.

(3) За нерегулираните субјекти од финансискиот сектор се пресметува претпоставеното барање за потребниот капитал/потребната солвентност. При вреднувањето на соодветните елементи за пресметка на барањата за дополнителна адекватност на капиталот, учеството може да се вреднува по методот на главнина, но само ако матичното лице или правното лице на чело на финансискиот конгломерат е од финансискиот сектор.

(4) Разликата од ставот (2) на овој член не смее да има негативна вредност.

Концентрација на ризик

Член 15

(1) Без да е во спротивност со секторските прописи, дополнителната супервизија на концентрацијата на ризик на регулираните субјекти во финансискиот конгломерат се врши во согласност со членовите 17 и 18 ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

(2) Регулираните субјекти или мешовитите финансиски холдинг друштва редовно, а најмалку еднаш годишно, го известуваат координаторот за секоја значајна концентрација на ризик на ниво на финансискиот конгломерат, согласно со овој член и членот 17 од овој закон.

(3) Известувањето од ставот (2) на овој член до координаторот го доставува регулираниот субјект кој е на чело на финансискиот конгломерат. Кога на чело на финансискиот конгломерат е субјект кој не е регулиран субјект, тогаш известувањето до координаторот го доставува мешовитото финансиско холдинг друштво или регулираниот субјект определен од страна на координаторот во соработка со другите релевантни надлежни органи и со финансискиот конгломерат.

(4) Концентрациите на ризик од ставот (2) на овој член се предмет на супервизија од страна на координаторот согласно со членовите 6, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 од овој закон.

(5) За остварување на целите на дополнителна супервизија, надлежните органи можат да пропишат квантитативни ограничувања или да преземат други супервизорски мерки во однос на секоја концентрација на ризикот на ниво на финансиски конгломерат.

(6) Доколку постојат секторски прописи за концентрацијата на ризик на најважниот финансиски сектор во финансискиот конгломерат, а на чело на финансискиот конгломерат е мешовито финансиско холдинг друштво, тие прописи се применуваат на тој сектор како целина, вклучувајќи го и мешовитото финансиско холдинг друштво.

Внатрешни трансакции на групата

Член 16

(1) Без да е во спротивност со секторските прописи дополнителната супервизија на внатрешните трансакции меѓу регулираните субјекти во финансискиот конгломерат се врши во согласност со членовите 17 и 18 ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

(2) Регулираните субјекти или мешовитите финансиски холдинг друштва редовно, а најмалку еднаш годишно, го известуваат координаторот за сите значајни внатрешни трансакции меѓу регулираните субјекти во финансискиот конгломерат, согласно со овој член и членот 17 од овој закон.

(3) Внатрешната трансакција на групата се смета дека е значајна ако нејзиниот износ надминува најмалку 5% од вкупниот износ на сопствените средства на финансискиот конгломерат.

(4) Известувањето од ставот (2) на овој член до координаторот го доставува регулираниот субјект кој е на чело на финансискиот конгломерат. Кога на чело на финансискиот конгломерат е субјект кој не е регулиран субјект, тогаш известувањето до координаторот го доставува мешовитото финансиско холдинг друштво или регулираниот субјект определен од страна на координаторот во соработка со другите релевантни надлежни органи и со финансискиот конгломерат.

(5) Внатрешните трансакции на групата се предмет на дополнителна супервизија од страна на координаторот.

(6) За остварување на целите на дополнителна супервизија, надлежните органи можат да утврдат квантитативни ограничувања и квалитативни барања или да преземат други супервизорски мерки во однос на внатрешните трансакции на групата.

- задолжително учествува како член во комисијата за јавна набавка кај постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 4.000.000 евра за работи,

- ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведена постапка,
- ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН,
- дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата за јавна набавка и
- врши други работи согласно со овој закон.

(4) Лицето од ставот (1) на овој член е должен во своето работење да постапува согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.“

Член 15

Во членот 38 став (3) по зборот „учество“ се додаваат зборовите: „односно три дена кај постапката со барање за прибирање на понуди“.

Член 16

Во членот 39 став (1) по зборот „учество“ точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно три дена кај постапката со барање за прибирање на понуди“.

Член 17

Во членот 40 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) По исклучок на ставот (1) на овој член право на учество во постапка за доделување договор за јавна набавка нема економски оператор кој има една или повеќе негативни референци во период од една година од денот на објавувањето на последната негативна референца согласно со условите од членовите 47 и 48 од овој закон.

(3) Доставените податоци за негативни референци се јавно достапни на ЕСЈН.“

Член 18

Во членот 43 по ставот (1) се додаваат четири нови става (2), (3), (4), и (5), кои гласат:

„(2) Кај отворената и ограничената постапка за доделување договор за јавна набавка на стоки и услуги со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност договорниот орган е должен, по донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот за јавна набавка, да спроведе технички дијалог со економските оператори, и тоа:

- да ги направи достапни на јавноста преку ЕСЈН техничките спецификации што планира да ги користи во постапката, најмалку пет работни дена од денот на нивното објавување,
- да овозможи секој заинтересиран економски оператор да даде свои предлози и коментари на објавените технички спецификации во периодот од алинејата 1 на овој став, со користење електронски средства или со организирање заеднички состанок во однапред утврдено време и датум и
- по завршување на периодот од алинејата 1 на овој став да ги разгледа добиените предлози и коментари и, доколку се прифатливи, соодветно да ги имплементира во техничките спецификации.

(3) Комисијата за јавна набавка составува записник од спроведениот технички дијалог, кој задолжително содржи опис на предлозите и коментарите на деловната заедница, како и образложение за неприфаќање на оние предлози и коментари кои не ги имплементирала во техничките спецификации. Записникот е дел од досието на постапката.

(4) Договорниот орган може да спроведе технички дијалог и кај постапките за доделување договори за јавни набавки со проценета вредност под износот од ставот (2) на овој член.

(5) Учеството во техничкиот дијалог не се смета за учество во изработка на тендерската документација во смисла на ставот (1) на овој член.“

Член 19

Членот 45 се менува и гласи:

„(1) Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

(2) Договорниот орган не смее од понудувачот да бара дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на подизведувачи или да ангажира одредени производители, освен ако со посебен закон или со меѓународен договор поинаку не е уредено.

(3) Носителот на набавката може, во текот на реализација на договорот за јавна набавка, да ги менува подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка што го отстапил на подизведувачи, само по претходно одобрение од договорниот орган.“

Член 20

Членот 47 се менува и гласи:

„(1) Договорниот орган може да бара гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција или депонирани средства, а во спротивно задолжително бара изјава за сериозност на понудата и тоа задолжително го наведува во тендерската документација.

(2) Во случаите на банкарска гаранција или депонирани средства, договорниот орган ја изразува бараната вредност на гаранцијата на понудата како процент од вредноста на понудата, при што не смее да бара висина на гаранција поголема од 3% од вредноста на понудата без вклучен ДДВ.

(3) Во случаите на изјава за сериозност на понудата, понудувачот изјавува дека нема да ги преземе дејствијата од ставот (5) на овој член. Доколку понудувачот ја прекрши дадената изјава, договорниот орган го исклучува од натамошната постапка и постапува согласно со ставот (6) на овој член.

(4) Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата во оригинална форма.

(5) Договорниот орган ја наплаќа гаранцијата на понудата, ги задржува депонираните средства, односно ја активира изјавата за сериозност на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

(6) Доколку дојде до наплата на гаранцијата на понудата, задржување на депонираните средства или прекршување на изјавата за сериозност на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за доделување договори за јавни набавки во период од една година од денот на објавувањето во случај на прва негативна референца, за што го известува понудувачот. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителна една година при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од пет години.

(7) Забраната за учество во постапките за доделување договори за јавни набавки согласно со условите од ставот (6) на овој член се однесува и на групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и на економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца.

(8) Негативната референца од ставот (6) на овој член договорниот орган ја објавува истовремено со објавување на известувањето за склучен договор или за поништување на постапката. Кај постапките со барање за прибирање понуди, негативната референца се објавува во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот за јавна набавка или поништување на постапката.

(9) Гаранцијата на понудата треба да е со важност не помалку од 14 дена по денот на истекот на важноста на понудата.

(10) Во исклучителни случаи, договорниот орган може да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на гаранцијата на понудата.

(11) Гаранцијата на понудата им се враќа на понудувачите кои не се избрани за најповолни во рамките на периодот на нејзината важност.

(12) Гаранцијата на понудата на понудувачот чија понуда е избрана за најповолна му се враќа откако ќе го потпише договорот за јавна набавка и ќе достави гаранција за квалитетно извршување, доколку истата се бара.“

Член 21

Во членот 48 став (3) сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „услуги“ точката се брише и се додаваат зборовите: „и при доделување рамковна спогодба .“

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Гаранција за квалитетно извршување на договорот може да се бара кај поединечните договори што се доделуваат врз основа на рамковна спогодба.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

По ставот (6) кој станува став (7) се додаваат три нови става (8), (9) и (10), кои гласат:

„(8) Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган до ЕСЈН доставува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот носител на набавка од сите идни постапки за доделување договори за јавни набавки во период од една година од денот на објавувањето во случај на прва негативна референца, за што го известува понудувачот. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителна една година при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од пет години.

(9) Забраната за учество во постапките за доделување договори за јавни набавки согласно со условите од ставот (8) на овој член се однесува и на групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и на економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца.

(10) Негативната референца од ставот (8) на овој член договорниот орган ја доставува во рок од пет работни дена од денот на наплатата на гаранцијата.“

Член 22

Членот 50 се брише.

Член 23

Во членот 52 став (3) зборовите: „веб страницата на Бирото“ се заменуваат со кратенката „ЕСЈН“.

Член 24

Во членот 54 став (1) зборот „истовремено“ се брише, зборовите: „веб страницата на Бирото“ се заменуваат со кратенката „ЕСЈН“, а втората реченица се брише.

Член 25

Во членот 55 зборот „доставува“ се заменува со зборот “објавува“, по зборовите: „известување за склучен договор“ се додава кратенката „на ЕСЈН“, а зборовите: „до Бирото заради објавување на веб страницата на Бирото“ се бришат.

Член 26

Во членот 62 по ставот (1) се додаваат три нови става (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) Во постапката за доделување договор за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

(3) Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

(4) Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или вработените кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот.“

Член 27

Во членот 65 став (1) зборовите: „52 дена од денот на испраќањето на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со зборовите: „45 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН“.

Член 28

Во членот 66 став (1) зборовите: „26 дена од денот на испраќањето на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со зборовите: „20 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН“.

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Член 29

Во членот 69 став (1) зборовите: „37 дена од денот на испраќањето на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со зборовите: „30 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН“.

Член 30

Во членот 70 зборовите: „16 дена од денот на испраќањето на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со зборовите: „15 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН“.

Член 31

Во членот 80 зборовите: „37 дена од денот на испраќањето на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со зборовите: „30 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН“.

Член 32

Во членот 81 зборовите: „30 дена од денот на испраќањето на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со зборовите: „15 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН“.

Член 33

Во членот 89 став (1) алинеја 1 по зборовите: „прифатлива понуда“ се додаваат зборовите: „или ниту една соодветна понуда“.

Член 34

Во членот 90 став (1) зборовите: „37 дена од денот на испраќањето на огласот за објавување во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со зборовите: „30 дена од денот на објавувањето во ЕСЈН“.

Член 35

Во членот 91 зборот „испраќање“ се заменува со зборот „објавување“, а зборовите: „во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Бирото“ се заменуваат со кратенката „во ЕСЈН“.

Член 36

Во членот 99 став (1) зборот „спроведува“ се заменува со зборовите: „може да спроведе“.

Во точката 1 алинеја 2 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 3 по зборовите: „објавување на оглас“ точката се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- во отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со објавување на оглас и постапка со барање за прибирање понуди договорниот орган не може да закаже електронска аукција од причина што не постои доволно конкуренција.“

Во ставот (2) по зборовите: „вредноста на основниот договор“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Во случаите од ставот (1) точка 1 алинеи 3 и 4, точка 2 алинеи 2 и 3 и точка 4 на овој член, договорниот орган нема обврска да ја утврдува способноста на економските оператори.“

Член 37

Членот 100 се менува и гласи:

„(1) Договорниот орган може да спроведе постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.

(2) При спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, соодветно се применуваат одредбите од овој закон, освен ако во овој дел поинаку не е уредено.

(3) Крајниот рок за поднесување на понудите кај постапката со барање за прибирање на понуди не смее да е покус од:

- пет дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН, кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка е до 5.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ и
- десет дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН, кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.“

Член 38

Во членот 101 став (1) зборовите: „и за истата не наплаќа надомест“ се бришат.

Ставот (2) се брише.

Член 39

Членот 102 се менува и гласи:

„(1) Во постапката со барање за прибирање на понуди каде што проценетата вредност на договорот за јавна набавка е до 5.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ, не се спроведува јавно отворање на понудите.

(2) Договорниот орган во постапката со барање за прибирање на понуди каде што проценетата вредност на договорот за јавна набавка е до 5.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ, ја утврдува единствено способноста за вршење професионална дејност на економските оператори.

(3) Во постапката со барање за прибирање на понуди каде што проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ, се спроведува јавно отворање на понудите, при што соодветно се применуваат одредбите од Главата VII Дел 1 оддели 2, 3 и 4 од овој закон.

(4) Во постапката со барање за прибирање на понуди каде што проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ, економските оператори својата лична состојба ја потврдуваат со поднесување на изјава.

(5) Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен до комисијата за јавна набавка да ги достави документите за потврдување на неговата лична состојба, дефинирани во поедноставената тендерска документација.

(6) Комисијата за јавна набавка прифаќа документи за утврдување на личната состојба од ставот (5) на овој член кои се издадени и по денот на јавното отворање на понудите, но не подоцна до денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

(7) Ако економскиот оператор не ги достави документите од ставот (5) на овој член во рокот утврден од страна на комисијата за јавна набавка, или истите се невалидни или несоодветни за утврдување на личната состојба, комисијата за јавна набавка го поканува наредниот рангиран економски оператор или дава предлог за поништување на постапката.

(8) Во постапката со барање за прибирање на понуди не се дозволени алтернативни понуди.“

Член 40

Во членот 103 став (2) зборовите: „до Бирото“ се заменуваат со кратенката „во ЕСЈН“.

Член 41

Во членот 119 ставот (4) се менува и гласи:

„Договорниот орган може да додели договор за јавна набавка согласно со ставот (2) алинеја 1 на овој член само ако сите услови кои го уредуваат доделувањето на договорот се утврдени во рамковната спогодба, при што договорот се доделува врз основа на првичните услови и понуди кои се доставени пред склучување на рамковната спогодба. Доколку најповолниот понудувач не е во можност да го реализира предметниот договор, договорот за јавна набавка се склучува со следниот расположлив најповолен понудувач кој е страна во рамковната спогодба. Договорниот орган во рок од пет дена од денот на склучувањето на договорот доставува известување за склучен договор врз основа на рамковната спогодба на сите понудувачи што се страни во рамковната спогодба.“

Член 42

Во членот 120 став (2) алинеја 2 зборовите: „како и критериумите за доделување на договорот што ќе се применуваат за избор на економски оператор на кој ќе му се додели договорот“ се заменуваат со зборовите: „согласно со критериумот за доделување на договорот утврден во тендерската документација за рамковната спогодба“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Договорниот орган во рок од пет дена од денот на склучувањето на договорот доставува известување за склучен договор врз основа на рамковната спогодба на сите понудувачи кои учествувале во постапката со повторно прибирање понуди.“

Член 43

Во членот 121 став (1) алинеја 1 зборовите: „со објавување на оглас“ се бришат.

Член 44

Членот 123 се менува и гласи:

„(1) Електронска аукција не се користи за доделување на договор за јавна набавка на одредени услуги или работи чиј предмет е интелектуална услуга, како што е дизајнирање на идејно решение и слични услуги, како и во случаи каде што заради специфичност на предметот на договорот за јавна набавка е неизводливо да се спроведе електронска аукција.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член договорниот орган дава образложение на причините за неможноста од користење електронска аукција во ЕСЈН.“

Член 45

Во членот 126 став (2) по зборот „аукција“ се додаваат зборовите: „може да“.

Член 46

Во членот 139 став (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен кога постапката се спроведува во електронска форма, кога записникот го потпишува само претседателот на комисијата или неговиот заменик“.

Член 47

Во членот 141 по зборовите: „при евалуација на“ се додаваат зборовите: „пријавите за учество и“.

Член 48

Во членот 142 по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.“

Член 49

Во членот 144 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.“

Член 50

Во членот 147 став (1) алинеја 2 по зборот „давачки“ и запирката се додаваат зборовите: „освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа“.

Член 51

Во членот 163 став (1) зборовите: „значително отстапува од проценетата вредност на стоките, услугите или работите предмет на договорот за јавна набавка“ се заменуваат со зборовите: „е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен“.

Член 52

Во членот 165 став (1) по зборовите: „финансиската понуда“ точката се брише и се додаваат зборовите: „во рокот на важност на понудата“.

Во ставот (2) по зборовите: „рангиран понудувач“ точката се брише и се додаваат зборовите: „или да ја поништи постапката“.

Член 53

Во членот 166 зборот „јавниот“ се заменува со зборот „државниот“.

Член 54

Во членот 167 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Формата и содржината на известувањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.“

Член 55

Во членот 169 став (1) алинеја 2 по зборот „прифатлива“ се додаваат зборовите: „или соодветна“.

Во алинејата 6 по зборот „недостатоци“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „до моментот на отворање на понудите“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во случај на поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка врз основа на ставот (1) алинеја 7 на овој член, договорниот орган не смее да спроведе нова постапка за истиот предмет на договорот во период од шест месеци од денот на донесувањето на одлуката за поништување на постапката.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 56

Во членот 170 ставот (2) се менува и гласи:

„Договорниот орган објавува известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на ЕСЈН во рок од 30 дена од денот на поништувањето на постапката.“

Член 57

Во називот на Главата VIII зборовите: „Досие за“ се заменуваат со зборовите: „Завршување на“.

Член 58

По називот на Главата VIII се додава нов член 170-а, кој гласи:

„Член 170-а

(1) Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

(2) Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите во тендерската документација.“

Член 59

По членот 198 се додава нов Дел 3-а и пет нови члена 198-а, 198-б, 198-в, 198-г и 198-д, кои гласат:

„Дел 3-а

Посебен начин на доделување на секторски договори за јавни набавки

Член 198-а

(1) Заради утврдување на способноста на понудувачите, договорните органи од членот 4 став (1) точки г) и д) од овој закон можат да воспостават и да водат квалификациски систем на понудувачи.

(2) Договорниот орган може да ги прифати и да ги користи квалификациските системи воспоставени од други договорни органи.

Член 198-б

(1) Квалификацискиот систем се воспоставува со објавување оглас за воспоставување квалификациски систем во ЕСЈН.

(2) Квалификацискиот систем содржи објективни критериуми и правила за утврдување на способноста на понудувачите кои бараат прием во системот.

(3) Квалификацискиот систем ги вклучува стандардните постапки за доделување на договор за јавна набавка во однос на утврдување на способноста на понудувачот и ќе биде во согласност со стандардните постапки за доделување на договор за јавна набавка во

однос на изготвувањето на техничките спецификации или техничките стандарди, при што таквите спецификации и стандарди можат да се модифицираат по потреба.

(4) Квалификацискиот систем може да функционира и да се применува во фази.

(5) Ако квалификацискиот систем трае подолго од три години, огласот за воспоставување на квалификацискиот систем се објавува еднаш годишно во согласност со ставот (1) на овој член.

(6) Формата и содржината на образецот на огласот за воспоставување квалификациски систем ги пропишува министерот за финансии.

Член 198-в

(1) Понудувачот може да поднесе барање за прием во квалификацискиот систем во кое било време, а оценувањето на способноста на понудувачот ќе се спроведе во најкус можен рок, но не подолго од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето.

(2) Доколку оценувањето на способноста на понудувачот кој бара прием во квалификацискиот систем ќе трае подолго од четири месеци од денот на поднесувањето на барањето, договорниот орган има обврска да го извести за тоа понудувачот во рок од два месеца од денот на поднесувањето на барањето, како и за датумот до кога договорниот орган очекува да заврши со оцена на способноста.

(3) Договорниот орган донесува писмена одлука со детално образложение на причините за прием или одбивањето на прием на понудувач во квалификацискиот систем.

Член 198-г

(1) Договорниот орган води список на квалификувани понудувачи применети во неговите квалификациски системи, поделени во категории според видот на договорите за јавни набавки за кој се однесува квалификацијата.

(2) Договорниот орган мора да обезбеди списокот на квалификувани понудувачи да е јавно достапен на неговата веб страница.

Член 198-д

(1) Договори за јавни набавки преку квалификацискиот систем се спроведуваат по пат на втора фаза од ограничена постапка или втора фаза од постапка со преговарање со објавување на оглас.

(2) Покана за поднесување понуди се доставува до сите понудувачи кои се применети во квалификацискиот систем на договорниот орган за поединечниот предмет на договорот.“

Член 60

Во членот 200 ставот (1) се менува и гласи:

„Државната комисија за жалби по јавни набавки (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за решавање по жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки пропишани со овој закон, како и по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство уредени согласно со закон.“

Во ставот (2) по зборовите: „согласно со“ зборот „овој“ се брише.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Државната комисија одлучува и за други барања кои во постапката на правна заштита се дозволени да ги поднесат странките во постапката.

(4) Одредбите од оваа глава соодветно се применуваат при обезбедувањето правна заштита во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство.“

Член 61

Во членот 202 став (5) зборот „јавен“ се заменува со зборот „државен“, а зборовите: „заменик-јавен“ се заменуваат со зборовите: „заменик-државен“.

Член 62

Во членот 207 став (2) зборовите: „јавниот правобранител“ се заменуваат со зборовите: „државниот правобранител“.

Член 63

Во членот 208 ставот (1) се менува и гласи:

„Договорниот орган не смее да го потпише договорот за јавна набавка и да пристапи кон негово извршување во рок од 12 дена, односно пет дена кај постапката со барање за прибирање на понуди, сметајќи од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право во постапката за доделување на договорот за јавна набавка, освен:

- во случаите од членовите 99 и 198 од овој закон,
- во случај кога во постапката учествувал само еден понудувач чија понуда е избрана за најповолна или
- во случај на поединечни договори за јавни набавки врз основа на рамковна спогодба.“

Ставот (2) се брише.

Член 64

Во членот 210 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- постапката за доделување на договор за јавна набавка е спроведена без да се спроведе технички дијалог во случаите каде што неговото спроведување е задолжително согласно со овој закон,“.

Член 65

Во членот 216 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Жалба се изјавува и во рок од три дена од приемот на известувањето за склучен договор врз основа на рамковна спогодба.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 66

По членот 220 се додава нов член 220-а, кој гласи:

„Член 220-а

(1) Во постапката за правна заштита Државната комисија го поништува договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, во целост или делумно, ако договорниот орган склучил:

- договор за јавна набавка или рамковна спогодба без претходно спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, кога тоа е во спротивност на одредбите од овој закон,
- договор за јавна набавка или рамковна спогодба спротивно на членот 208 од овој закон,
- договор за јавна набавка или рамковна спогодба спротивно на членот 217 од овој закон и
- поединечен договор за јавна набавка врз основа на рамковна спогодба спротивно на членовите 119 став (4) и 120 од овој закон.

(2) Во зависност од причините за поништување од ставот (1) на овој член, земајќи ги предвид сите релевантни околности, вклучувајќи ја тежината на повредата на овој закон и постапувањето на договорниот орган, Државната комисија го поништува договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, вклучувајќи ги сите негови правни последици од моментот на неговото настанување или само во однос на неговите договорни обврски кои сé уште не се реализирани.

(3) Државната комисија може да одлучи договорот за јавна набавка или рамковната спогодба да остане на сила во целост или делумно иако е склучен спротивно

на условите од ставот (1) на овој член ако, земајќи ги предвид сите релевантни околности, утврди дека преовладуваат оправдани причини поврзани со општиот интерес за Република Македонија заради кои договорот или рамковната спогодба треба да остане на сила.

(4) Економските интереси може да се сметаат за оправдани причини во смисла на ставот (3) на овој член само во исклучителни случаи кога поништувањето на договорот или рамковната спогодба би довело до несразмерни последици.

(5) Економските интереси кои се директно поврзани со предметот на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, како што се трошоците што настануваат поради доцнење со реализација, трошоците за спроведување на новата постапка за доделување договор за јавна набавка, трошоците што може да настанат поради промена на носителот на набавка и трошоците за правните обврски што се резултат од поништување на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба не претставуваат оправдани причини во смисла на ставот (3) на овој член.“

Член 67

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 97/10), членовите 10 и 11 се бришат.

Член 68

Прописите чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Кодексот за однесување при спроведување на јавните набавки и тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за користење на ЕСЈН ќе се донесат во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 69

Потврдите за положен испит издадени согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10 и 53/11), како и потврдите за положен испит за утврдување на стекнатите знаења од модулот за обука на обучувачи продолжуваат да важат за периодот за кој се издадени, но не подолго од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 70

Постапките за доделување договори за јавни набавки започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 71

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавните набавки.

Член 72

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен членот 44 од овој закон кој ќе започне да се применува од 1 јануари 2012 година, членовите 13, 17, 18, 20, 21, 37, 38, 39, 43 и 59 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2012 година, членот 14 кој ќе започне да се применува од 1 септември 2012 година и членот 60 од овој закон кој ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR FURNIZIME PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për furnizime publike ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonisë" numër 136/2007, 130/2008, 97/10 dhe 53/11), në nenin 1 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "si dhe për koncesione dhe partneritet privat publik."

Neni 2

Në nenin 3 pika 10 fjalët: "ose të përmirësojnë elemente të caktuara nga oferta" shlyhen.

Pas pikës 24 shtohen dy pika të reja 25 dhe 26, si vijojne:

„25. "Oferte përkatëse" është oferta e pranueshme e cila është në kuadër të shumës që e ka përcaktuar organi kontraktues me vendimin për furnizim publik ose që mund ta siguroje plotësisht në pajtim me nenin 28 paragrafi (4) të ketij ligji;

26. "Sherbime për hulumtim dhe zhvillim" janë të gjitha aktivitetet të cilat përfshijnë hulumtim themelor, hulumtim të aplikuar dhe zhvillim eksperimental që përfshin realizim të demonstratorëve teknologjikë, përkatësisht aparate që demonstrojnë veprim të konceptit të ri ose teknologjive të reja në rrethin përkatës ose reprezentativ;".

Në pikën 25 e cila bëhet pika 27 pas fjalëve: "personit juridik" pikëpresja shlyhet dhe shtohen fjalët: "përkatësisht personi i autorizuar nga ai".

Pikat 26, 27, 28, 29, 30 dhe 31 bëhen pika 28, 29, 30, 31, 32 dhe 33.

Neni 3

Pas nenit 6 shtohet neni i ri 6-a, si vijon:

"Neni 6-a

(1) Gjate ndarjes së marrëveshjes për furnizim publik për nevojat e përfaqësive diplomatike-konsullore të Republikes së Maqedonisë në vend të huaj me vlerë të përcaktuar deri në 20 000 euro në kundërvlerë me denarë për mallra dhe shërbime, përkatësisht deri në 50 000 euro në kundervlere me denarë për punë zbatohen nenet 2, 33, 34, 35, 36 dhe 103 të këtij ligji.

(2) Marreveshjet për furnizime publike për nevojat e perfaqesive diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonise në vend të huaj me vlerë të përcaktuar mbi shumat nga paragrafi (1) i këtij neni, ndahen në pajtim me dispozitat e këtij ligji."

Neni 4

Në nenin 14 paragrafi (1) alineja 5 fjalët: "standard" dhe "standardë" shlyhen.

Në alinenë 6 fjalët "ueb faqes së vet" zëvendësohet me fjalen "SEFP".

Pas alinesë 6 shtohen katër aline të reja 7, 8, 9 dhe 10, si vijojnë:

"- e ndjek dorëzimin në kohë të të dhënave dhe pamundeson shfrytëzim të SEFP-së për shfrytëzuesit të cilët nuk i respektojne obligimet e tyre lidhur me shfrytëzimin e SEFP-së,

- ricakton ankand elektronik në rast të gabimit teknik, renies së SEFP-së dhe me vendim të Komisionit Shtetëror për Ankesa për Furnizime Publike,

- i analizon arsyetimet për mosrealizimin e ankandit elektronik në pajtim me nenin 123 të këtij ligji, dhe nëse ato nuk janë të bazuara, i sugjeron organit kontraktues për leshimin e bërë dhe

- propozon kodeks të sjelljes gjatë realizimit të furnizimeve publike, të cilin e miraton ministri i Financave."

Neni 5

Në nenin 14-a paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Byroja përgatit dhe realizon edukim për furnizime publike dhe lëshon vërtetime për provim të dhënë për person për furnizime publike, për çfarë mban evidencë."

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

"(2) Në edukimin për furnizime publike ligjërojnë trajnues të cilët kanë vërtetim për trajnues të cilin e lëshon Byroja."

Paragrafet (2) dhe (3) bëhen paragrafë (3) dhe (4).

Pas paragrafit (4) i cili bëhet paragraf (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

"(6) Vertetimi për provim të dhënë për person për furnizime publike është me vlefshmëri prej tri vjetësh, ndërsa vertetimi për trajnues është me vlefshmëri prej dy vjetësh nga dita e lëshimit të tij."

Paragrafi (5) i cili bëhet paragraf (7), ndryshohet si vijon:

"(7) Programin për realizimin e edukimit për furnizime publike, programin për realizimin e trajnimit për trajnues për furnizime publike, formën dhe përmbajtjen e vërtetimit për provim të dhënë për person për furnizime publike dhe për trajnues, si dhe lartësinë e kompensimit të cilin e paguajne pjesëmarrësit në edukim, i përcakton ministri i Financave."

Neni 6

Në nenin 15 pas paragrafit (1) shtohen katër paragrafë të rinj (2), (3), (4) dhe (5), si vijojnë:

"(2) Lenda e marrëveshjes për furnizim publik mund të formohet në më shumë pjesë të veçanta përkatëse, me ç'rast për çdo pjesë mund të lidhet marrëveshje e veçantë.

(3) Ofruesi mund të paraqesë ofertë për një, më shumë ose për të gjitha pjesët, me ç'rast oferta doemos duhet të perfshije së paku një pjesë të plotë.

(4) Ofruesi duhet në ofertën e vet të theksojë nëse ajo ka të bëjë me lëndën e tërësishme të marrëveshjes për furnizim publik apo vetëm me pjesë të caktuara.

(5) Nese ofruesi paraqet ofertë për dy ose më shumë pjese, atë e parashtron në mënyrë që do të mundësojë që çdo pjesë të evaluohet veç e veç."

Neni 7

Në nenin 22 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Për shfrytëzimin e SEFP-së, organet kontraktuese dhe operatorët ekonomikë paguajnë kompensime sipas listes tarifore të cilën e miraton ministri i Financave. Mjetet e realizuara nga arkëtimi i kompensimeve janë të hyra të Byrose, të cilat shfrytëzohen për avancimin dhe zhvillimin e sistemit të furnizimeve publike."

Neni 8

Në nenin 24 paragrafi (1) fjalët: "që kanë nevojë për lloj të njëjtë të furnizimit" shlyhen.

Neni 9

Në nenin 26 paragrafi (1) shtohet fjali e re si vijon: "Nevojat e përgjithshme i përfshijnë edhe nevojat që realizohen si furnizim në grup apo nëpërmjet trupit qendror për furnizime."

Paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Formen, përmbajtjen, si dhe mënyrën e përpilimit të planit vjetor për furnizime publike i përcakton ministri i Financave."

Neni 10

Neni 26-b ndryshohet si vijon:

"Në kushte të zvogëlimit të mjeteve me Buxhetin e Republikes së Maqedonisë, shfrytëzuesit buxhetorë mund të bejne ndryshim në dinamikën e realizimit dhe/ose pagesës së detyrimeve nga marrëveshjet e lidhura për furnizime publike, të cilat nuk janë përfshirë me pjesën zhvillimore të Buxhetit, pas pëlqimit të siguruar paraprakisht nga pala tjeter kontraktuese, me lidhjen e aneksit të marrëveshjes për vazhdimin e afatit për vitin e ardhshëm ose më tepër. Qeveria e Republikës së Maqedonisë miraton vendim për dhenie të pëlqimit për lidhjen e aneksit të marrëveshjes pas mendimit paraprak të Ministrisë së Financave."

Neni 11

Në nenin 27 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

"(2) Në rast të nevojës për furnizim për të cilin tanimë eshte zbatuar procedura për ndarje të marrëveshjes për furnizim publik në vitin rrjedhës, dhe e cila nuk ka mundur të parashihet në momentin e zbatimit të saj, organi kontraktues e merr parasysh vlerën e përgjithshme të përcaktuar të nevojes përkatëse gjatë zgjedhjes së llojit të procedurës."

Paragrafi (2) bëhet paragraf (3).

Neni 12

Në nenin 28 pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

"(4) Nese gjatë procedurës për ndarje të marrëveshjes për furnizim publik, oferta më e volitshme e pranueshme në pajtim me kushtet e procedurës është me çmim më të larte se shuma e mjeteve e përcaktuar në vendimin për furnizim publik, organi kontraktues mund ta ndryshojë vendimin dhe të sigurojë në mënyrë plotësuese mjete të nevojshme për realizimin e marrëveshjes, me kusht që çmimi i ofruar të mos jetë më i pavolitshëm nga çmimet reale në treg dhe të mos e tejkalojë pragun e vlerës të përcaktuar për llojin e procedurës në pajtim me këtë ligj."

Neni 13

Në nenin 29 paragrafi (1) shtohet alineja e re 1, si vijon:

"- realizon dialog teknik me operatorët ekonomikë,".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Komisioni nga paragrafi (1) i këtij neni, detyrohet të veproje në pajtim me Kodeksin e sjelljes gjatë realizimit të furnizimeve publike."

Neni 14

Pas nenit 29 shtohet nen i ri 29-a, si vijon:

"Neni 29-a

(1) Organi kontraktues cakton person apo formë organizative në kuadër të të cilave do të kryhen edhe punë nga sfera e furnizimeve publike.

(2) Personi nga paragrafi (1) i këtij neni është person i cili është punësuar te organi kontraktues, i cili është i trajnuar për kryerjen e punëve nga sfera e furnizimeve publike në pajtim me këtë ligj dhe i cili ka vërtetim përkatës për provim të dhënë për person për furnizime publike. Nëse organi kontraktues ka përcaktuar formë organizative për kryerjen e punëve për furnizime publike, të gjithë personat nga forma organizative duhet të kenë vërtetim për provim të dhënë për person për furnizime publike.

(3) Personi apo forma organizative nga paragrafi (1) i ketij neni, i kryen punët në vijim:

- e koordinon përgatitjen e planit për furnizime publike,
- e përpilon vendimin për furnizim publik,
- e shpall konkursin për furnizim publik,
- e këshillon komisionin gjatë zbatimit të procedurës për ndarjen e marrëveshjes për furnizim publik,
- detyrimisht merr pjesë si anëtar i komisionit për furnizime publike tek procedurat për ndarje të marrëveshjes për furnizim publik me vlerë të përcaktuar mbi 130 000 euro në kundërvlerë me denarë për mallra dhe shërbime dhe mbi 4 000 000 euro për punë.
- i përpilon aktet e nevojshme në bazë të raportit nga procedura e zbatuar,
- i azhurnon të dhënat të cilat në pajtim me këtë ligj dorezohen në SEFP-në,

- i jep orientime dhe udhëzime organit kontraktues në lidhje me veprimin në procedurën ankimore në bashkepunim me komisionin për furnizim publik dhe
- kryen punë tjera në pajtim me këtë ligj.

(4) Personi nga paragrafi (1) i këtij neni, detyrohet që në punën e vet të veprojë në pajtim me Kodeksin e sjelljes gjate realizimit të furnizimeve publike."

Neni 15

Në nenin 38 paragrafi (3) pas fjalës "pjesëmarrje" shtohen fjalët: "përkatësisht tri ditë te procedura me kërkesë për grumbullimin e ofertave".

Neni 16

Në nenin 39 paragrafi (1) pas fjalës "pjesëmarrje" pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "përkatësisht tri ditë te procedura me kërkesë për grumbullimin e ofertave".

Neni 17

Në nenin 40 pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3), si vijojnë:

"(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, të drejte pjesëmarrjeje në procedurën për ndarje të marreveshjes për furnizim publik nuk ka operatori ekonomik që ka një ose më shumë referenca negative në periudhë prej një viti nga dita e shpalljes së referencës së fundit negative në pajtim me kushtet nga nenet 47 dhe 48 të këtij ligji.

(3) Të dhënat e dorëzuara për referenca negative janë të arritshme publikisht në SEFP-në".

Neni 18

Në nenin 43 pas paragrafit (1) shtohen katër paragrafë të rinj (2), (3), (4) dhe (5), si vijojnë:

"(2) Tek procedura e hapur dhe e kufizuar për ndarje të marreveshjes për furnizim publik të mallrave dhe sherbimeve me vlerë të përcaktuar mbi 130 000 euro në kundervlere me denarë, organi kontraktues detyrohet, pas miratimit të vendimit për furnizim publik, e para shpalljes së konkursit për furnizim publik, të realizojë dialog teknik me operatoret ekonomikë, edhe atë:

- t'i bëjë të arritshme për publikun nëpërmjet SEFP-së specifikimet teknike që planifikon t'i shfrytëzojë në procedure, së paku pesë ditë pune nga dita e shpalljes së tyre,
- të mundësojë që çdo operator ekonomik i interesuar të japë propozime dhe komente të veta për specifikimet e shpallura teknike në periudhën nga alineja 1 e këtij paragrafi, me shfrytëzim të mjeteve elektronike ose me organizim të mbledhjes së përbashkët në kohën dhe datën e percaktuar paraprakisht dhe
- pas përfundimit të periudhës nga alineja 1 e këtij paragrafi, t'i shqyrtojë propozimet dhe komentet e marra dhe, nese janë të pranueshme, në mënyrë përkatëse t'i implementoje në specifikimet teknike.

(3) Komisioni për furnizim publik përpilon procesverbal nga dialogu teknik i realizuar, i cili detyrimisht permban përshkrim të propozimeve dhe komenteve të bashkesise afariste, si dhe arsyetim për mospranimin e atyre propozimeve dhe komenteve të cilat nuk i ka implementuar në specifikimet teknike. Procesverbali është pjesë e dosjes së procedures.

(4) Organi kontraktues mund të realizojë dialog teknik edhe tek procedurat për ndarje të marrëveshjeve për furnizime publike me vlerë të përcaktuar nën shumën nga paragrafi (2) i këtij neni.

(5) Pjesemarrja në dialogun teknik nuk konsiderohet si pjesemarrje në përpilimin e dokumentacionit të tenderit sipas paragrafit (1) të këtij neni."

Neni 19

Neni 45 ndryshohet si vijon:

"(1) Nese ofertuesi ka për qëllim që një pjesë të marreveshjes për furnizim publik t'ia lëshojë njërit ose më shumë nenrealizuesve, në ofertë duhet të theksojë të dhëna për pjesen e marrëveshjes të cilën ka për qëllim t'ia lëshojë nenrealizuesve, si dhe të dhëna për të gjithë nënrealizuesve të propozuar (firma, selia, numri i vetëm amë dhe të ngjashme). Ofertuesi është i obliguar që para organit kontraktues për kryerjen e marrëveshjes për furnizim publik, pa dallim të numrit të nënrealizuesve.

(2) Organi kontraktues nuk guxon nga ofertuesi të kerkoje një pjesë të marrëveshjes për furnizim publik tua leshoje nënrealizuesve ose të angazhojë prodhues të caktuar, pervec nëse me ligj të veçantë ose me marrëveshje të vecante nuk është rregulluar ndryshe.

(3) Bartesi i furnizimit mundet, që gjatë realizimit të marreveshjes për furnizim publik, të ndërrojë nenrealizuesit për këtë pjesë të marrëveshjes për furnizim publik që ua ka lëshuar nënrealizuesve, vetëm me miratim paraprak nga organi kontraktues."

Neni 20

Neni 47 ndryshohet si vijon:

"(1) Organi kontraktues mund të kërkojë garanci për oferten në formë të garancisë bankare ose mjeteve të deponuara, në të kundërtën detyrimisht kërkon deklaratë për seriozitet të ofertës, edhe atë detyrimisht e thekson në dokumentacionin e tenderit.

(2) Në rastet e garancisë bankare ose mjeteve të deponuara, organi kontraktues e shpreh vlerën e kërkuar të garancise së ofertës si përqindje nga vlera e ofertës, me çka nuk guxon të kërkojë larësi të garancisë më të madhe se 3% nga vlera e ofertës pa përfshirë TVSH-në.

(3) Në rastet e deklaratës për seriozitet të ofertës, ofertuesi deklaron se nuk do t'i ndërmarrë veprimet nga paragrafi (5) i këtij neni. Nëse ofertuesi e cenon deklaratën e dhene, organi kontraktues e përjashton nga procedura e metejshme dhe vepron në pajtim me paragrafin (6) të këtij neni.

(4) Garancia e ofertës dorëzohet bashkë me ofertën në forme origjinale.

(5) Organi kontraktues e arkëton garancinë e ofertës, i mban mjetet e deponuara, përkatësisht e aktivizon deklaraten për seriozitet të ofertës nëse ofertuesi:

- e tërheq ofertën e vet para kalimit të periudhës së vlefshmerise së saj,
- nuk e pranon korrigjimin e gabimeve aritmetike nga ana e komisionit,
- nuk e nënshkruan marrëveshjen për furnizim publik ose
- nuk e siguron garancinë për zbatim kualitativ të marreveshjes, nëse organi kontraktues e ka paraparë në dokumentacionin e tenderit.

(6) Nese ndodh arkëtimi i garancisë së ofertës, mbajtja e mjeteve të deponuara ose cenimi i deklaratës për seriozitet të ofertës, organi kontraktues në SEFP-në shpall reference negative që rezulton me përjashtim të ofertuesit lendor nga të gjitha procedurat e ardhshme për ndarje të marreveshjeve për furnizime publike në periudhë prej një viti nga dita e shpalljes në rast të referencës së parë negative, për çfarë e njofton ofertuesin. Periudha e përjashtimit nga ky paragraf rritet për një vit plotësues gjatë çdo reference të ardhshme negative, por jo më tepër se pesë vjet.

(7) Ndalimi për pjesëmarrje në procedurat për ndarje të marreveshjeve për furnizime publike në pajtim me kushtet nga paragrafi (6) i këtij neni, ka të bëjë edhe me grupin e operatoreve ekonomikë ku është anëtar operatori ekonomik i cili ka referencë negative, si dhe me operatorin ekonomik i cili paraqet shoqëri të lidhur me operatorin ekonomik që ka referencë negative.

(8) Referencen negative nga paragrafi (6) i këtij neni, organi kontraktues e shpall në të njëjtën kohë me shpalljen e njoftimit për marrëveshje të lidhur për anulimin e procedures. Tek procedurat me kërkesë për grumbullim të ofertave, referenca negative shpallet në afat prej 30 ditësh nga dita e lidhjes së marrëveshjes për furnizim publik ose anulimit të procedurës.

(9) Garancia e ofertës duhet të ketë vlefshmëri jo më pak se 14 ditë pas ditës së skadimit të vlefshmërisë së ofertes.

(10) Në raste të jashtëzakonshme, organi kontraktues mund të kërkojë nga ofertuesit vazhdim të periudhës së vlefshmerise së garancisë së ofertës.

(11) Garancia e ofertës u kthehet ofertuesve të cilët nuk jane zgjedhur si më të volitshëm në kuadër të periudhës së vlefshmerise së saj.

7) 0,5% shkalle e kontributit plotësues për sigurim të detyrueshem shëndetësor në rast të lëndimit në punë dhe semundjes profesionale dhe
8) 1,2% për kontribut të detyrueshëm për sigurim në rast të papunësisë.
Shkalla e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor për stazhin e sigurimit që llogaritet me kohëzgjatje të zmadhuar, është:
- 9% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 18 muaj;
- 7,5% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 17 muaj;
- 6% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 16 muaj;
- 4,5% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 15 muaj;
- 3% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 14 muaj dhe
- 1,5% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 13 muaj.

Neni 6

Shkallet sipas të cilave llogariten dhe paguhen kontributet, duke filluar me pagesën e rrogës për janar 2014, jane:
1) 17,6% për sigurim të detyrueshëm pensional dhe invalidor;
2) 4% shkalle e kontributit për invaliditet dhe dëmtim trupor të shkaktuar me lëndim në punë ose sëmundje profesionale;
3) 7,3% për sigurim të detyrueshëm shëndetësor;
4) 10% për sigurim të detyrueshëm shëndetësor për detyresit, të cilët kontributin e paguajnë në bazën e percaktuar në nenin 14 pikat 11 dhe 14 alinetë 1, 2, 3 dhe 5 të ketij ligji;
5) 5,4% për sigurim të detyrueshëm shëndetësor për detyresit, të cilët kontributin e paguajnë në bazën e percaktuar në nenin 14 pika 14 alineja 4 të këtij ligji;
6) 13% për sigurim të detyrueshëm shëndetësor për detyresin shfrytëzues të pensionit vendor dhe/ose të huaj, që kontributin e paguan në shumën e pensionit;
7) 0,5% shkalle e kontributit plotësues për sigurim të detyrueshem shëndetësor në rast të lëndimit në punë dhe semundjes profesionale dhe
8) 1,2% për kontribut të detyrueshëm për sigurim në rast të papunësisë.
Shkalla e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor për stazhin e sigurimit që llogaritet me kohëzgjatje të zmadhuar, është:
- 8,8% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 18 muaj;
- 7,33% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 17 muaj;
- 5,87% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 16 muaj;
- 4,4% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 15 muaj;
- 2,93% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 14 muaj dhe
- 1,47% për kryerje të punëve dhe detyrave për të cilat 12 muaj të kaluar efektivë, llogariten në stazh të sigurimit si 13 muaj.

Neni 7

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për kontribute nga sigurimi i detyrueshëm social ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 166/10) neni 10 shlyhet.

Neni 8

Qytetari që nuk është i definuar si detyrës për pagesë të kontributit sipas njërës nga bazat nga neni 10 paragrafi (1) pikat nga 1 deri në 14 të këtij ligji, të drejtat nga sigurimi

shendetesor në vitin 2012 i realizon nëse në vitin 2011 ka realizuar të hyra që nuk janë më të mëdha se 96 600 denarë në nivel vjetor, përkatësisht 8 050 denarë në nivel mujor.

Neni 9

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës që të percaktoje tekst të spastruar të Ligjit për kontribute nga sigurimi i detyrueshëm social.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet me pagesën e rrogës për janar 2012.

4146.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за бесплатна правна помош,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2011 година.

Бр. 07- 5420/1
28 декември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Член 1

Во Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2009), во членот 8 став (2) по зборовите: "заштитата на жртвите од трговија со луѓе" се додаваат зборовите: "признавање на право на азил".

Член 2

Во членот 12 став (3) алинеја (1) пред зборовите: "лице на кое му е признаено правото на азил" се додаваат зборовите: "барателите на правото на азил".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR NDIHMË JURIDIKE FALAS

Neni 1

Në Ligjin për ndihmë juridike falas ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonisë" numër 161/2009), në nenin 8 paragrafin (2) pas fjalëve: "mbrojtja e viktimave nga tregtia me njerëz" shtohen fjalët: "pranimi i të drejtës për azil".

Neni 2

Në nenin 12 paragrafi (3) alineja (1) para fjalëve: "personi të cilit i pranohet e drejta për azil" shtohen fjalët: "kerkuesit e të drejtës për azil".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

4147.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за процена,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2011 година.

Бр. 07- 5421/1
28 декември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

Член 1

Во Законот за процена ("Службен весник на Република Македонија" број 115/10 и 158/11), во членот 2 став 1 точка 3 на крајот од реченицата се бришат точката и запирката и се додаваат зборовите: „или лице вработено во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија, кое има положено стручен испит за проценувач".

Член 2

Во членот 2 став 1 точка 4 на крајот од реченицата точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија".

Член 3

Во членот 6 став 1 алинејата 4 се брише.

Член 4

Во членот 7 став 1 по точката 1 се додава нова точка 2, која гласи:

„2) физичко лице вработено во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија, кое има положено стручен испит за проценувач;".

Точката 2 станува точка 3.

Член 5

Во членот 47-а став 1 на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за банките и штедилниците во Република Македонија за која било активност или постапка, во кои тие се страна".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR VLERËSIM

Neni 1

Në Ligjin për vlerësim ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 115/10 dhe 158/11), në nenin 2 paragrafi 1 pika 3, në fund të fjalisë shlyhet pikëpresja dhe shtohen fjalët: "ose personi i punësuar në bankë ose kursimore të regjistruar në Republikën e Maqedonisë, që e ka dhënë provimin profesional për vlerësues."

Neni 2

Në nenin 2 paragrafi 1 pika 4, në fund të fjalisë pikëpresja zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "në bankë ose kursimore të regjistruar në Republikën e Maqedonisë".

Neni 3

Në nenin 6 paragrafi 1 alineja 4 shlyhet.

Neni 4

Në nenin 7 paragrafi 1 pas pikës 1 shtohet pikë e re 2, si vijon:

"2) personi fizik i punësuar në bankë ose kursimore të regjistruar në Republikën e Maqedonisë, që e ka dhënë provimin profesional për vlerësues;".

Pika 2 bëhet pika 3.

Neni 5

Në nenin 47-a paragrafi 1, në fund të fjalisë pika zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "përveç për bankat dhe kursimoret në Republikën e Maqedonisë për çfarëdo qoftë aktiviteti ose procedure, në të cilat ato janë palë."

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

4148.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО ТРАЕН ВЛОГ ВО ДРУШТВОТО АД ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, ПРОИЗВОДСТВО И ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ИНДУСТРИСКИ ОБЈЕКТИ СО ПОЛНА ОДГОВОРНОСТ ЕМО ОХРИД

Се прогласува Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвото АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО Охрид,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2011 година.

Бр. 07- 5433/1
28 декември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО ТРАЕН ВЛОГ ВО ДРУШТВОТО АД ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, ПРОИЗВОДСТВО И ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ИНДУСТРИСКИ ОБЈЕКТИ СО ПОЛНА ОДГОВОРНОСТ ЕМО ОХРИД

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат начинот и постапката за претворање на побарувањето на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвото АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО ОХРИД (во натамошниот текст: друштвото), заради приватизација на државниот капитал во ова друштво.

(2) Во постапката за претворање на побарувањето на Република Македонија во траен влог се опфаќаат и обврските по основ на јавни давачки и на правните лица кои се капитално поврзани со друштвото од ставот (1) на овој член (друштва со ограничена одговорност и друштва со ограничена одговорност основани од едно лице).

(3) Во постапката за претворање на побарувањето во траен влог, друштвото од ставот (1) на овој член склучува договори за преземање на долговите на капитално поврзаните друштва по основ на јавни давачки спрема Република Македонија, при што постапката за претворање на побарувањата во траен влог се спроведува во друштвото од ставот (1) на овој член.

Член 2

(1) Побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки спрема друштвото, во смисла на овој закон, се побарувањата по основ на даноци, акцизи, царински давачки, придонеси за задолжително социјално осигурување, како и други давачки определени со закон како јавни давачки, како и каматите и другите споредни обврски настанати по основ на јавните давачки кај друштвото и правните лица кои се капитално поврзани со друштвото до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Каматите и другите споредни побарувања на главниот долг од ставот (1) на овој член се пресметуваат согласно со закон до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Висината на главниот долг и каматите и споредните побарувања на главниот долг од ставовите (1) и (2) на овој член, со записник ја утврдуваат претставници на органот на државната управа или друг надлежен орган или институција кој води евиденција за утврдување и наплата на јавната давачка и претставници на друштвото.

Член 3

По утврдување на висината на главниот долг и каматите, како и другите споредни побарувања на главниот долг од страна на субјектите од членот 2 став (3) од овој закон, Владата на Република Македонија преку органите на управување на друштвото предлага свикување на собрание на акционери на кое се одлучува за зголемување на основната главнина на друштвото во висина на побарувањето на Република Македонија определено согласно со членот 2 од овој закон.

Член 4

(1) Постапката за издавање на акции од страна на друштвото се врши согласно со одредбите од Законот за хартии од вредност, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Друштвото акциите ги издава по номинална вредност.

(3) Приватна понуда на хартии од вредност, во смисла на овој закон, е понуда за запишување на хартии од вредност врз основа на претворање на побарувањето во траен влог, која е наменета за Република Македонија.

(4) При издавање на акции, согласно со овој закон, во случај кога Владата на Република Македонија се јавува како познат купувач, не се применува забраната за постојните акционери да се јават како познати купувачи.

Член 5

(1) Владата на Република Македонија ги презема акциите од новата емисија со претворање на своето побарување во траен влог во друштвото.

(2) Претворањето на побарувањето во траен влог во друштвото по основ на сите јавни давачки, освен на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се врши на начин што правото на парично побарување на Република Македонија по основ и висина определени согласно со овој закон се пребива со правото на друштвото да побарува уплата на паричниот влог кој Република Македонија требало да го уплати за преземените акции, кои се по износ еднакви.

(3) Претворањето на побарувањето во траен влог во друштвото по однос на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се врши со уплата на долгуваниот износ на друштвото во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од страна на Владата на Република Македонија, а за уплатениот износ Владата го презема побарувањето спрема друштвото и истото го претвора во траен влог, за што добива соодветен број на акции од новата емисија.

(4) Сите други државни органи и институции чии побарувања се претвораат во траен влог во друштвото, своите побарувања ги пренесуваат на Владата на Република Македонија без надоместок.

Член 6

По уписот на зголемената основна главнина на друштвото во трговскиот регистар и запишување на Република Македонија како сопственик на акциите во Централниот депозитар на хартии од вредност, престанува паричната обврска на друштвото и правните лица кои се капитално поврзани со друштвото по основ на главен долг, камата и други споредни побарувања на главниот долг, согласно со членот 2 од овој закон.

Член 7

(1) Во постапувањето по овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност и Законот за трговските друштва, со исклучок на одредбите на членот 322 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(2) Претворањето на побарувањата на Република Македонија во траен влог во друштвото заради приватизација на државниот капитал не може да биде на штета на побарувањата на трети лица по која било правна основа.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ

PËR SHNDËRRIMIN E KËRKESAVE TË REPUBLIKES SË MAQEDONISË NË BAZË TË DETYRIMEVE PUBLIKE NË DEPOZITË TË PËRHERSHME NË SHOQERINE SHA PËR HULUMTIM, PROJEKTIM, PRODHIM DHE NDËRTIM TË OBJEKTEVE ENERGJETIKE INDUSTRIALE ME PËRGJEGJËSI TË PLOTË EMO OHRID

Neni 1

(1) Me këtë ligj rregullohen mënyra dhe procedura për shndërrimin e kërkesës të Republikës së Maqedonisë në bazë të detyrimeve publike në depozitë të përhershme në shoqërinë SHA për hulumtim, projektim, prodhim dhe ndërtim të objekteve energjetike industriale me përgjegjësi të plotë EMO OHRID (në tekstin e mëtutjeshëm: shoqëria), për privatizimin e kapitalit shtetëror në këtë shoqëri.

(2) Në procedurë për shndërrimin e kërkesës të Republikës së Maqedonisë në depozitë të përhershme përfshihen edhe obligimet në bazë të detyrimeve publike edhe të personave juridikë që janë të lidhur në mënyrë kapitale me shoqërinë nga paragrafi (1) i këtij neni (shoqëri me përgjegjësi të kufizuar dhe shoqëri me përgjegjësi të kufizuar të formuara nga një person).

(3) Në procedurë për shndërrimin e kërkesës në depozitë të përhershme, shoqëria nga paragrafi (1) i këtij neni lidh marrëveshje për marrjen e borxheve të shoqërive të lidhura në mënyrë kapitale në bazë të detyrimeve publike ndaj Republikës së Maqedonisë, me ç'rast procedura për shndërrimin e kërkesave në depozitë të përhershme zbatohet në shoqërinë nga paragrafi (1) i këtij neni.

Neni 2

(1) Kërkesat të Republikës së Maqedonisë në bazë të detyrimeve publike ndaj shoqërisë, sipas këtij ligji, janë kërkesat në bazë të tatimeve, akcizave, detyrimeve doganore, kontributeve për sigurimin e detyrueshëm social si dhe detyrimeve tjera të përcaktuara me ligj si detyrime publike, si dhe kamatat dhe obligimet tjera dytësore të krijuara në bazë të detyrimeve publike te shoqëria dhe personat juridikë që janë të lidhur në mënyrë kapitale me shoqërinë deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Kamatat dhe kërkesat tjera dytësore të borxhit kryesor nga paragrafi (1) i këtij neni llogariten në pajtim me ligjin, deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(3) Lartësinë e borxhit kryesor dhe kamatave dhe kërkesave dytësore të borxhit kryesor nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, me procesverbal e përcaktojnë përfaqësues të organit të administratës shtetërore ose organit tjetër kompetent ose institucionit që mban evidencë për përcaktimin dhe arkëtimin e detyrimit publik dhe përfaqësues të shoqërisë.

Neni 3

Pas përcaktimit të lartësisë së borxhit kryesor dhe kamatave si dhe kërkesave tjera dytësore të borxhit kryesor nga subjektet nga neni 2 paragrafit (3) të këtij ligji, Qeveria e Republikës së Maqedonisë nëpërmjet organeve të menaxhimit të shoqërisë propozon konvokimin e mbledhjes së aksionarëve, në të cilën vendoset për rritjen e kryegjësë themelore të shoqërisë në lartësi të kërkesës të Republikës së Maqedonisë të përcaktuar në pajtim me nenin 2 të këtij ligji.

Neni 4

(1) Procedura për emetimin e aksioneve nga shoqëria kryhet në pajtim me dispozitat e Ligjit për letra me vlerë, përveç nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

(2) Shoqëria aksionet i emeton me vlerë nominale.

(3) Oferta private e letrave me vlerë sipas këtij ligji është ofertë për regjistrimin e letrave me vlerë në bazë të shndërrimit të kërkesës në depozitë të përhershme, që është e dedikuar për Republikën e Maqedonisë.

(4) Gjatë dhënies së aksioneve, në pajtim me këtë ligj, në rast kur Qeveria e Republikës së Maqedonisë paraqitet si blerës i njohur, nuk zbatohet ndalimi që aksionarët e ekzistues të paraqiten si blerës të njohur.

Neni 5

(1) Qeveria e Republikës së Maqedonisë i merr aksionet nga emisioni i ri me shndërrimin e kërkesës së vet në depozitë të përhershme në shoqëri.

(2) Shndërrimi i kërkesës në depozitë të përhershme në shoqëri në bazë të të gjitha detyrimeve publike, përveç kontributeve për sigurim pensional dhe invalidor kryhet në mënyrë që e drejta e kërkesës me para e Republikës së Maqedonisë në bazë dhe lartësi të caktuara në pajtim me këtë ligj, përmbushet me të drejtën e shoqërisë që të kërkojë pagesë të depozitës me para që Republika e Maqedonisë duhej ta paguante për aksionet e marra, të cilat janë me shumë të barabarta.

(3) Shndërrimi i kërkesës në depozitë të përhershme në shoqëri lidhur me kontributet për sigurim pensional dhe invalidor, kryhet me pagesë të shumës të shoqërisë në Fondin për Sigurim Pensional dhe Invalidor të Maqedonisë nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, e për shumën e paguar Qeveria e merr kërkesën ndaj shoqërisë dhe të njëjtën e shndërron në depozitë të përhershme, për çfarë merr numër përkatës të aksioneve nga emisioni i ri.

(4) Të gjitha organet dhe institucionet tjera shtetërore kërkesat të të cilave shndërrohen në depozitë të përhershme në shoqëri, kërkesat e veta i bartin në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë pa kompensim.

Neni 6

Pas regjistrimit të kryegjësë bazë të zmadhuar të shoqërisë në regjistrin tregtar dhe regjistrimin e Republikës së Maqedonisë si pronar i aksioneve në Depozitarin qendror të letrave me vlerë, ndërpritet obligimi me para i shoqërisë dhe personave juridikë që janë të lidhur në mënyrë kapitale me shoqërinë në bazë të borxhit kryesor, kamatës dhe kërkesave tjera dytësore të borxhit kryesor, në pajtim me nenin 2 të këtij ligji.

Neni 7

(1) Në procedimin sipas këtij ligji në mënyrë përkatëse zbatohen dispozitat e Ligjit për letra me vlerë dhe Ligjit për shoqëri tregtare, me përjashtim të dispozitave nga neni 322 paragrafët 3 dhe 4 të Ligjit për shoqëri tregtare, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

(2) Shndërrimi i kërkesave të Republikës së Maqedonisë në depozitë të përhershme në shoqëri për shkak të privatizimit të kapitalit shtetëror nuk mund të bëhet në dëm të kërkesave të personave të tretë në çfarëdo bazë juridike.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

4149.

Врз основа на член 69 од Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.51/2011), Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 27 декември 2011 година, го утврди Пречистениот текст на Законот за одбрана.

Пречистениот текст на Законот за одбрана ги опфаќа: Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/2001), Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2003), Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006), Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/2008), Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.51/2011), Законот за изменување на Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.151/2011), Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.37/2002 („Службен весник на Република Македонија" бр.73/2002) и Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.135/2002 и 155/2001 („Службен весник на Република Македонија" бр.78/2002).

Бр. 10-4749/2
27 декември 2011 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната
комисија на Собранието на
Република Македонија,
Благородна Дулиќ, с.р.

ЗАКОН ЗА ОДБРАНА
(Пречистен текст)

ГЛАВА I
ОСНОВНА ОДРЕДБА

Член 1

Одбраната на Република Македонија (во натамошниот текст: Републиката) се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката.

Одбраната на Републиката ја остваруваат граѓаните, органите на државната власт и вооружените сили како Армија на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

Трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите и единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје (во натамошниот текст: единиците на локалната самоуправа), можат да извршуваат определени задачи во областа на одбраната.

Одбраната на Републиката може да се остварува и преку соработка со колективните системи за безбедност и одбрана во кои Републиката пристапила.

Одбраната на Републиката се остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, законите, Стратегијата за одбрана на Републиката, други документи и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

ГЛАВА II
ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ГРАЃАНИТЕ
ВО ОДБРАНАТА

Член 2

Во остварувањето на одбраната на Републиката, граѓаните ги имаат следниве права и должности:

1) да извршуваат воена служба;
2) да извршуваат работна обврска и
3) да извршуваат материјална обврска.

1. Извршување на воената служба

Член 3

Воена служба може да извршуваат сите граѓани на Републиката на возраст од 18 до 60 години живот, доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон.

Член 4

Воената служба на граѓаните се состои од:

1) доброволно служење на воениот рок и

2) служба во резервните сили на Армијата.

Граѓаните имаат право доброволно да го служат воениот рок на начин и под услови утврдени со овој закон.

Служба во резервните сили на Армијата се извршува во мир и во војна, на начин утврден со овој закон.

Член 4-а

Граѓанинот за време на извршувањето на воената служба е:

1) војник – за време на доброволното служење на воениот рок и

2) припадник на резервните сили на Армијата за време на служба во резервните сили на Армијата.

Член 4-б

Службата во резервните сили на Армијата се состои од:

1) служба во општата резерва и

2) служба во активниот резервен персонал.

Во зависност од потребите на Армијата, на служба во резервните сили на Армијата може да се ангажират лица кој не го одслужеле воениот рок, а се експерти во области од особено значаје за Армијата.

Член 5

На припадникот на резервните сили на Армијата му престанува воената служба ако:

1) не ги исполнува условите за служба во резервните сили на Армијата и

2) му престане државјанството на Република Македонија.

Член 6

Војникот, односно припадникот на резервните сили на Армијата стекнува статус на воено лице со стапувањето во воената служба, а го губи статусот на воено лице со престанокот на воената служба.

Војникот, односно припадникот на резервните сили на Армијата има статус на воено лице и кога се јавува на покана од надлежен орган на државната управа заради извршување на воената служба од моментот на поаѓањето до враќањето во живеалиштето.

Член 7

Доброволното служење на воениот рок трае три месеца.

Доброволно служење на воен рок се извршува во Армијата.

Членовите 8,9 и 10 се избришани

Насловот 2. „Учество во цивилната заштита“ е избришан

Членовите 11 и 12 се избришани

3. Извршување на работна обврска

Член 13

Должност за извршување на работната обврска имаат сите работоспособни граѓани на возраст од 18 до 65 години живот за мажи, односно 60 години живот за жени.

Од должноста за извршување на работната обврска се ослободуваат бремени жени, мајки, односно самохрани родители и старатели кои имаат или се грижат за дете до седум години, односно две и повеќе деца до десет години, граѓани кои се здравствено неспособни за работа и граѓани кои имаат распоред во Армијата и републичките сили за заштита и спасување.

Должноста за извршување на работната обврска се остварува само во воена состојба.

Поблиски прописи за извршување на работната обврска донесува Владата.

4. Извршување на материјална обврска

Член 14

За потребите на Армијата во воена и вонредна состојба, како и при изведување вежбовни активности во мир, граѓаните, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни, на Министерството за одбрана по негово барање да му даваат на користење возила, машини, земјиште, објекти, како и други материјални средства, запрежен и товарен добиток.

Министерството за одбрана води евиденција и врши распоредување на средствата и добитокот од став 1 на овој член.

По барање на Министерството за одбрана граѓаните, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни на Министерството за одбрана да му даваат податоци за материјалните средства и добитокот од став 1 на овој член.

Сопствениците на материјалните средства и добитокот од став 1 на овој член се должни за секоја промена од значење за водење на евиденцијата од став 2 на овој член да го известат Министерството за одбрана во рок од осум дена од денот на настанување на промената.

За користењето на средствата и добитокот од став 1 на овој член, на давателите им припаѓа надоместок за нивно користење, како и надоместок за нивно оштетување или уништување.

Дневниот надоместок за користење на средствата и добитокот од ставот 1 на овој член изнесува до 30% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена во месецот пред давањето на средствата и добитокот, а надоместокот за нивно оштетување или уништување не може да биде помал од пазарната вредност на средството, односно добитокот што истите ја имале во времето кога биле оштетени или уништени, определена врз основа на елементите со помош на кои според обичаите во зависност од времето и местото на пазарот се утврдува пазарната цена.

Поблиски прописи за видот на средствата и добитокот од став 1 на овој член, за начинот на водењето на евиденцијата и за поблиско определување на висината на надоместокот за нивното користење, оштетување и уништување донесува Владата.

Член 15

Должност за давање на средствата и добитокот од член 14 на овој закон во воена состојба имаат и странски државјани кои постојано живеат на територијата на Републиката, како и странските трговски друштва и странски трговци-поединци, односно нивни претставништва и други организациски единици во Републиката.

ГЛАВА III
НАДЛЕЖНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ

Насловот „а) Раководење со одбраната“ е избришан

Член 16

Надлежностите во одбраната се остваруваат во согласност со Уставот на Република Македонија и закон.

Надлежностите во одбраната ги остваруваат Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и министерот за одбрана.

б) Собрание на Република Македонија

Член 17

Во остварувањето на одбраната Собранието на Република Македонија:

1) врши надзор врз остварувањето на надлежностите на Владата во одбраната и ја следи подготвеноста за одбрана на Републиката;

2) утврдува постоење на непосредна воена опасност од напад врз Републиката;

3) прогласува настанување и престанување на воена состојба;

4) одлучува за висината на средствата за потребите на одбраната;

5) донесува буџет на Републиката за воена состојба;

6) донесува одлука за стапување во членство и за истапување на Републиката од членство од колективните системи за безбедност и одбрана;

7) ратификува меѓународни договори кои се однесуваат на влегување, поминување или престојување на странски вооружени сили на територијата на Републиката заради вежбовни активности, обука и учество во мировни или хуманитарни операции, како и за учество во тие активности и операции на единиците на Армијата на Републиката во странство;

8) донесува национална концепција за безбедност и одбрана на Републиката;

9) прогласува ден на Армијата и

10) донесува заклучоци и резолуции во врска со остварувањето на системот на одбраната, плановите за развој на одбраната, опременоста и борбената готовност на Армијата.

Извештај по актите наведени од точка 10 на овој член поднесува Владата по барање на Собранието или најмалку на две години.

Заради запознавање со активностите во Армијата, пратеник во Собранието може да побара од Министерството за одбрана да организира негова посета на единици, команди и штабови на Армијата.

в) Претседател на Република Македонија и врховен командант на Армијата

Член 18

Во остварувањето на одбраната, претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата:

1) донесува стратегија за одбрана на Републиката;

2) донесува план за одбрана на Републиката;

3) ги пропишува мерките на приправност и наредува нивно спроведување;

4) пропишува организација и формација на Армијата;

5) донесува документи за употреба на Армијата и наредува нејзина употреба;

6) дава согласност на документите за развој на Армијата;

7) ги определува мерките за зголемување на борбената готовност на Армијата и наредува нивно спроведување;

8) наредува мобилизација на Армијата;

9) го пропишува командувањето во Армијата;

10) донесува прописи што се однесуваат на борбената готовност, вооружената борба и мобилизацијата на Армијата;

11) поставува старешини на формациски места генерали и унапредува и разрешува генерали и

12) поставува и отповикува воени претставници на Републиката во странство.

Во остварувањето на функциите од областа на одбраната, претседателот на Републиката и врховен командант на Армијата донесува подзаконски акти.

г) Влада на Република Македонија

Член 19

Во остварувањето на одбраната Владата ги има следниве надлежности:

1) предлага висина на средства за потребите на одбраната;

2) предлага буџет на Републиката за воена состојба;

3) дава мислење за Стратегијата за одбрана на Републиката;

4) го утврдува предлогот на планот за одбрана на Републиката;

5) одлучува за влегување и излегување на вооружени сили на странски држави внатре и надвор од територијата на Републиката, престој и преминување во врска со нивното учество во вежби и вежбовни активности, мировни и хуманитарни операции како и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, во согласност со ратификувани меѓународни договори;

6) одлучува за примање и давање воено-техничка помош со други држави;

7) одлучува за воведување работна обврска;

8) наредува употреба на полицијата во воена состојба како поддршка на Армијата;

9) одлучува за вежбовни активности на органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби;

10) донесува уредби за:

- спроведување на мерките на приправност;

- обезбедување резерви за потребите на одбраната во случај на воена состојба;

- планирање на одбраната;

- обучување за одбрана;

- критериуми за распоредување и приоритет при распоредувањето на граѓаните во одбраната;

- критериуми за опремување на органите на државната власт за работа во воена состојба;

- уредување на територијата за потребите на одбраната;

- организација и функционирање на комуникациите за раководење;

- противелектронско обезбедување;

- начинот на користење на податоците и информациите што се пренесуваат и обработуваат со комуникациско-информацискиот систем во областа на одбраната и

11) донесува одлуки за:

- методологија за спроведување на подготовките за одбрана и

- определување на објектите и зоните од значење за одбраната и зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето.

д) Министерство за одбрана

Член 20

Во остварувањето на одбраната Министерството за одбрана:

1) подготвува стратегија за одбрана на Републиката;

2) врши процена на можните воени и други опасности со кои се загрозува суверенитетот, самостојноста и територијалниот интегритет на Републиката ;

3) го организира и подготвува системот на одбраната и предлага мерки за негов развој и усовршување;

4) подготвува план за одбрана на Републиката;

5) го организира пренесувањето на наредбата за спроведување на мерките на приправност и го следи нивното спроведување;

6) го организира и спроведува планирањето на одбраната;

7) ги планира потребите на одбраната и изработува финансиски планови и програми за потребите на одбраната;

8) ги распоредува финансиските средства за одбраната во согласност со Буџетот на Републиката;

9) врши ревизија на реализацијата на финансиските средства распоредени за потребите на Армијата;

10) планира резерви за потребите на одбраната во случај на воена состојба;

11) планира и организира материјално обезбедување за потребите на одбраната;

12) организира и спроведува здравствена заштита за потребите на одбраната;

13) предлага организација и формација на Армијата;

14) врши пополнување на Армијата;

15) организира и спроведува мобилизација на Армијата;

16) врши контрола и оценување на борбената готовност на Армијата;

17) донесува годишен план за вежбовни активности на Армијата;

18) донесува годишен план за школување и стручно оспособување и усовршување на лицата на служба во Армијата и вработените во Министерството, како и извадок од развојниот план за обучување;

19) врши стручни и управни работи во врска со изградбата на воени и други објекти од значење за одбраната и изградбата на инвестициони објекти за потребите на Армијата;

20) организира и спроведува вежбовни активности со органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и други организации од јавен интерес;

21) врши опремување на органите на државната власт за работа во воена состојба;

22) планира и организира уредување на територијата за потребите на одбраната;

23) организира и подготвува комуникации за раководење за потребите на одбраната во воена и вонредна состојба;

24) организира, подготвува и спроведува криптозаштита на класифицирани информации од областа на одбраната;

25) врши фреквентен менаџмент во радиокомуникациите за потребите на одбраната;

26) организира и обезбедува функционирање на интегриран комуникациско- информациски систем;

27) води евиденција на граѓаните кои го отслужиле воениот рок и врши пополнување на резервните сили на Армијата;

28) организира и спроведува разузнавање и контраразузнавање за потребите во одбраната;

29) организира и спроведува спречување и откривање на кривични дела од член 135 на овој закон;

30) го следи остварувањето на заштитата на класифицираните информации од значење за одбраната;

31) организира и спроведува обука за одбрана;

32) изработува наставни планови и програми за обука за одбрана;

33) организира функционирање на Центарот за обука за одбрана;

34) ги врши управните работи во остварувањето на правата и должностите на граѓаните во областа на одбраната;

35) води кадровска политика;

36) води сметка за составот на армискиот раководен кадар и другите лица ангажирани во Армијата, од аспект на националната припадност, без да се наруши критериумот на професионалност и стручност;

37) организира и спроведува информирање на јавноста;

38) организира и остварува издавачка дејност;

39) утврдува стандарди и други акти на стандардизација и метрологија за потребите на одбраната во согласност со закон;

40) врши надзор врз спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на одбраната;

41) дава стручна помош на министерствата и другите органи на државната управа и управните организации во спроведувањето на подготовките за одбрана;

42) организира научно-истражувачка работа за потребите на одбраната;

43) организира научна и научно-техничка соработка од областа на одбраната со институции надвор од Републиката;

44) планира остварување на меѓународна соработка во областа на одбраната;

45) ја организира посетата на пратениците на Министерството и на Армијата;

46) донесува прописи што се однесуваат на школување, стручно оспособување и усовршување на лицата на служба во Армијата и други прописи во врска со вршењето на службата во Армијата;

47) донесува прописи што се однесуваат на стручно оспособување и усовршување на вработените во Министерството за одбрана;

48) донесува стручни упатства од областа на одбраната;

49) организира подготовки на системот на Министерството за одбрана за справување со кризи, како поддршка на системот за кризен менаџмент на Републиката;

50) организира и управува со националниот кодификациски систем за потребите на одбраната и наменската индустрија согласно со стандардите за обезбедување и контрола на квалитет и

51) го организира системот на воено здравство и спроведувањето на здравствената заштита согласно со овој закон и врши здравствена дејност врз основа на дозвола за вршење здравствена дејност согласно со прописите од областа на здравствената заштита.

Во воена состојба Министерството за одбрана, врши штабни и други работи за потребите на претседателот на Републиката.

ѓ) Органи на државната управа

Член 21

Министерствата и другите органи на државната управа и управни организации во остварувањето на одбраната на Републиката се подготвуваат за остварување на нивната функција во воена состојба и учествуваат во изработката на планот за одбрана на Републиката.

Во остварувањето на работите од став 1 на овој член, министерствата и другите органи на државната управа и управните организации во областите за кои се формирани:

1) следат, насочуваат, вршат надзор и преземаат мерки за спроведување на подготовките за одбрана;

2) изработуваат документи за функционирање во воена состојба;

3) предлагаат мерки за усогласување на документите од Планот за одбрана на Републиката;

4) спроведуваат мерки за приправност;

5) изработуваат стручни упатства за спроведување на подготовките за одбрана и

6) вршат и други работи во областа на одбраната во согласност со закон.

Министерствата и другите органи на државната управа и управните организации во воена состојба, го следат извршувањето на документите за функционирање во областите за кои се образувани и преземаат мерки и активности за нивно извршување.

Одредбите од ставовите 1 до 3 на овој член соодветно се однесуваат и на судовите, Јавното обвинителство, Уставниот суд на Република Македонија, Народниот правобранител и другите органи на Републиката, како и на Народната банка на Република Македонија.

ГЛАВА IV
АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Заеднички одредби

Член 22

Армијата е вооружена сила на сите граѓани на Републиката.

Армијата има постојан и резервен состав.

Член 23

Армијата се оганизира, подготвува и оспособува за водење вооружена борба и борбени и други дејствија за остварување на својата уставна функција за одбрана на Републиката.

Член 24

Армијата се организира во единици, команди, штабови и установи.

Организацијата на единиците, командите, штабовите и установите, како и нивната големина, структура, број, состав и намена се пропишуваат со организацијата и формацијата на Армијата.

Армијата се состои од видови, родови и служби.

Видовите се: копнена војска и противоздушна одбрана и воено воздухопловство.

Видовите се состојат од родови и служби.

Претседателот на Републиката ги определува родовите и службите во Армијата, а Министерството за одбрана нивната намена и специјалност.

2. Генералштаб на Армијата

Член 25

Оперативните и стручните работи за организирање, подготвување и командување со Армијата ги врши Генералштабот на Армијата, како највисоко стручно тело во состав на Министерството за одбрана за прашањата кои се однесуваат на Армијата.

Во извршување на работите од став 1 на овој член, Генералштабот на Армијата му предлага на Министерството за одбрана:

1) организација и формација на Армијата;

2) план за употреба на Армијата;

3) мерки за зголемување на борбената готовност на Армијата;

4) годишен финансиски план за потребите на Армијата;

5) годишна програма за опремување на Армијата;

6) годишен план за вежбовни активности на Армијата;

7) годишен план за школување, стручно оспособување и усовршување на лицата на служба во Армијата;

8) лица на служба во Армијата за школување и стручно оспособување и усовршување и

9) доделување на одликувања и признанија за остварените резултати во областа на одбраната за припадниците на Армијата.

Член 26

Во извршувањето на работите и задачите од член 25 став 1 на овој закон, Генералштабот на Армијата:

1) го спроведува годишниот финансиски план за потребите на Армијата одобрен од Министерството за одбрана и ја следи ефикасноста и наменската реализација на средствата согласно со прописите донесени од министерот за одбрана;

2) ја следи борбената готовност на Армијата и презема мерки за нејзино подобрување;

3) го организира и следи спроведувањето на мерките за готовност на Армијата и презема мерки за нивно извршување;

4) извршува мобилизација на Армијата;

5) изведува вежбовни и други активности за оспособување на Армијата во согласност со годишниот план;

6) спроведува логистичка поддршка на Армијата;

7) спроведува персонален менаџмент во Армијата во согласност со кадровската политика на Министерството за одбрана;

8) планира, организира и спроведува обука за припадниците на Армијата;

9) организира и подготвува врски за командување и контрола во Армијата;

10) планира и спроведува криптозаштита на класифицираните информации значајни за Армијата;

11) организира и спроведува противелектронско обезбедување;

12) организира и спроведува набљудување, контрола и обезбедување на суверенитетот на воздушниот простор на Републиката;

13) организира и спроведува разузнавање и контраразузнавање во Армијата;

14) организира и спроведува заштита на силите во Армијата;

15) организира и спроведува откривање и спречување на вршење кривични дела во Армијата;

16) врши уредување на територијата за потребите на Армијата;

17) во согласност со планот на Министерството за одбрана остварува соработка со странски армии;

18) донесува стручни правила и упатства што се однесуваат на употребата на единиците на Армијата, внатрешниот ред и односите во вршењето на службата во Армијата и други стручни правила и упатства од значење за работата во Армијата и

19)врши и други работи во согласност со овој закон и со прописите за служба во Армијата.

Член 27

Со Генералштабот на Армијата раководи началник кој го поставува и разрешува претседателот на Републиката, со мандат од три години.

За својата работа началникот на Генералштабот на Армијата му одговара на претседателот на Републиката и на министерот за одбрана.

За началник на Генералштабот на Армијата исто лице може да биде поставено најмногу два мандати едноподруго.

3. Командување во Армијата

Член 28

Претседателот на Републиката е врховен командант на Армијата.

Со единиците на Армијата непосредно командуваат началникот на Генералштабот на Армијата и командантите на воените единици и установи, во согласност со прописите за командување донесени од претседателот на Републиката.

Командувањето во Армијата се заснова врз принципите на едностарешинство, субординација и единство во командувањето при употреба на силите и средствата.

Наредбите на претпоставениот старешина во Армијата не се извршуваат ако нивното извршување претставува кривично дело.

4. Пополнување на Армијата

Член 29

Пополнувањето на Армијата се врши според организацијата и формацијата на Армијата.

Пополнувањето на постојаниот состав на Армијата се врши со професионални војници, воени старешини, војници на доброволно служење на воениот рок и цивилни лица на служба во Армијата, како и со материјални средства.

Пополнувањето на Армијата со резервни сили се врши со:

а) лица од активниот резервен персонал;

б) лица од општата резерва и

в) лица кои не го отслужиле воениот рок, а се експерти во области од особено значење за Армијата.

Пополнувањето на резервните сили на Армијата со материјални средства се врши со договор меѓу давателите на средствата и Министерството за одбрана.

5. Подготовка и мобилизација на Армијата

Член 30

Подготовката на Армијата опфаќа преземање организациски, безбедносни, воено- стручни и други мерки и постапки потребни за успешното остварување на борбените задачи.

Член 31

Со мобилизација Армијата се доведува во состојба на готовност за извршување на борбени задачи според документите за употреба на Армијата.

Член 32

Мобилизацијата на Армијата може да биде општа и делумна.

Општата мобилизација ја опфаќа целата Армија, а делумната, нејзините одделни формациски состави.

Член 33

Мобилизацијата на Армијата се организира во согласност со документите за употреба, а се извршува според документите за мобилизација.

Член 34

За подготвување, спроведување и извршување на мобилизацијата на Армијата се одговорни:

1) министерот за одбрана-за организирање и спроведување на мобилизацијата на Армијата;

2) началникот на Генералштабот на Армијата-за подготвување и извршување на мобилизацијата на Армијата и

3) воените старешини во постојаниот состав на Армијата - за подготвување и извршување на мобилизација на формациските состави со кои командуваат.

Член 35

Заради проверување на мобилизациската подготвеност и борбената готовност на Армијата, односно заради обука, согласно со планот за вежбовни активности на Армијата, одделни формациски состави на Армијата можат да се мобилизираат во мир.

6. Материјално обезбедување на Армијата

Член 36

Под материјално обезбедување на Армијата, во смисла на овој закон, се подразбира снабдувањето на Армијата со борбени и други материјални средства и опрема, исхрана, санитетско и ветеринарно обезбедување и друга логистичка поддршка.

Член 37

Материјалното обезбедување на Армијата го одобрува и реализира Министерството за одбрана, а го планира Генералштабот на Армијата во согласност со планот за опремување на Армијата.

Член 38

Заради материјално обезбедување на Армијата се формираат потребни материјални резерви.

Видот и обемот на материјалните резерви ги утврдува со правилник министерот за одбрана.

7. Врски за командување и контрола, криптозаштита и противелектронско обезбедување

Член 39

За потребите на Армијата се организираат и подготвуваат врски за командување и контрола и се спроведуваат мерки за криптозаштита, против електронско обезбедување и други мерки за заштита.

Врските за командување и контрола, како и мерките за криптозаштита и противелектронско обезбедување од став 1 на овој член, се составен дел на врските за раководење за потребите на одбраната.

8. Учество на Армијата во отстранувањето на последиците во вонредна и кризна состојба

Член 40

Армијата може да учествува во отстранувањето на последиците од вонредна и кризна состојба.

Наредба за учество на Армијата во отстранувањето на последиците од вонредна и кризна состојба донесува претседателот на Републиката.

Упатство за начинот на учеството на Армијата во отстранувањето на последиците од вонредна и кризна состојба донесува министерот за одбрана.

9. Учество на Армијата надвор од територијата на Републиката

Член 41

Во согласност со ратификуваните меѓународни договори, активниот воен и цивилниот персонал и припадниците на резервните сили на Армијата, на служба во Армијата и вработени во Министерството за одбрана, можат да учествуваат во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции и надвор од територијата на Републиката.

Одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Републиката за учество во вежбовни активности, обука и хуманитарни операции донесува Владата.

Одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Републиката за учество во мировни операции донесува Собранието на Републиката.

Одлука за испраќање на вработени од Министерство за одбрана надвор од територијата на Републиката во случаите од став 1 на овој член, донесува министерот за одбрана.

Член 41-а

По исклучок од членот 41 став 3 на овој закон, одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Република Македонија за учество во

мировни операции предводени од НАТО и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана во согласност со ратификувани меѓународни договори, донесува Владата.

Член 42

Во единиците од постојаниот состав на Армијата кои се испратени надвор од територијата на Републиката, заради учество во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции, не можат да учествуваат војници на отслужување на воениот рок.

Член 43

Припадниците во резервните сили на Армијата можат да бидат ангажирани во единиците на Армијата надвор од територијата на Републиката, доколку се согласат со тоа.

Додека се ангажирани надвор од територијата на Републиката, припадниците во резервните сили на Армијата имаат статус на професионални војници, односно воени старешини од постојаниот состав на Армијата.

Член 44

Правата и обврските на припадниците во резервните сили на Армијата и вработените во Министерство за одбрана испратени надвор од територијата на Републиката во случаите од членот 43 на овој закон, се уредуваат со договор кој се склучува со Министерството за одбрана.

10. Униформа и ознаки на воените лица и знамиња на единиците на Армијата

Член 45

Во вршењето на службата и учеството во хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката, воените лица и припадниците на резервниот состав на Армијата носат униформа на Армијата.

На униформата воените лица носат единствен знак за припадност на Армијата, чин, ознака за родот или службата, ознака на единицата на Армијата на која и припаѓаат и знамето на Републиката како државен симбол.

Единиците на Армијата имаат свои знамиња.

Единствениот знак за припадност на Армијата, униформата, ознаките на чиновите, ознаките на родовите и службите, знамињата и ознакит е на единиците како и начинот и условите за нивното носење ги пропишува претседателот на Републиката.

11. Служба во Армијата

Член 46

Службата во Армијата се уредува со закон.

12. Политичко здружување

Член 47

Во Армијата не можат да се организираат и да функционираат политички партии и здруженија на граѓани.

Припадниците на Армијата во вршењето на службата не можат да се раководат од своите политички убедувања, ниту можат да ги изразуваат и застапуваат во своето работење или да влијаат на другите.

Членството во одредена политичка партија не може да влијае врз поставувањето, унапредувањето во чин, оценувањето, школувањето, стручното оспособување и усовршување, наградувањето и другите права на воените и цивилните лица на служба во Армијата.

Воените лица не можат да присуствуваат и учествуваат на политички собири и манифестации во униформа, ниту да манифестираат партиски обележја, симболи или други знаци на политички партии.

13. Штрајк

Член 48

Се забранува штрајк во Армијата во воена и вонредна состојба, како и во случај на извршување меѓународни договори што се однесуваат на вежбовни активности, обука, мировни или хуманитарни операции во Републиката или надвор од неа во кои учествуваат единици на Армијата.

Правото на штрајк во Армијата може да се остварува под услови да не се нарушува борбената готовност на Армијата и животот и здравјето на припадниците на Армијата.

Заради спречување на евентуални штетни последици за борбената готовност на Армијата и животот и здравјето на припадниците на Армијата за време на штрајкот, министерот за одбрана и началникот на Генералштабот на Армијата се должни да обезбедат остварување на виталните функции на Армијата.

За време на штрајкот учесниците во штрајкот се должни да останат на своите работни места и да ги извршуваат активностите неопходни за остварување на виталните функции на Армијата.

Штрајкот мора да се најави најмалку десет дена пред неговото започнување. Во него истовремено не можат да учествуваат повеќе од 10% од вработените во Армијата и не може да трае подолго од три дена.

14. Синдикално организирање

Член 49

Се забранува синдикално организирање во Армијата во воена и вонредна состојба.

ГЛАВА V
ВОЕНА СЛУЖБА

Член 50

Воена служба извршуваат граѓаните на доброволно служење на воениот рок и припадниците на резервните сили на Армијата.

Поднасловот а) „Регрутна обврска“ е избришан

Членовите 51,52,53,54,55,56,57,58,59,60 и 61 се избришани

а) Доброволно служење на воениот рок

Член 62

Сите граѓани на Републиката кои ги исполнуваат условите за воена служба можат доброволно да се упатат на служење на воен рок по наполнувањето на 18 години, но не подоцна од наполнети 26 години.

Граѓанинот ќе биде упатен на служење на воениот рок согласно со потребите на Армијата.

Поканата за служење на воениот рок се доставува до граѓанинот најдоцна 30 дена пред денот на упатување на служење на воениот рок.

Член 62-а

Со стапување во Армијата, граѓанинот станува војник и од тој ден се смета дека го служи воениот рок.

Член 62-б

Лекарски и други прегледи и психолошки испитувања на граѓаните заради утврдување на способноста за воена служба врши воено медицински центар.

Наодите од лекарските и други прегледи и психолошките испитувања на граѓаните се впишуваат во здравствен картон на граѓанинот, на образец кој го пропишува министерот за одбрана.

Член 62-в

Способноста на граѓанинот за воена служба, врз основа на наодите на извршените лекарски и други прегледи и психолошки испитувања, ја оценува комисија формирана од министерот за одбрана.

Со актот од ставот 1 на овој член се определува составот, седиштето и начинот на работа на комисијата.

Оцената за способност на граѓанинот за воена служба комисијата од ставот 1 на овој член ја утврдува особено врз основа на здравствената и психофизичката способност на граѓанинот.

Поблиските критериуми за оценување на здравствената и психофизичката способност на граѓанинот за воена служба ги пропишува министерот за одбрана.

Член 62-г

Оцена на комисијата од членот 62-в на овој закон може да биде:

1) исполнува критериуми за воена служба и

2) не исполнува критериуми за воена служба.

Член 62-д

Оцената за способност на граѓанинот за воена служба комисијата од членот 62-в на овој закон ја запишува во воената книшка на граѓанинот.

Формата и содржината на образецот за воена книшка од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за одбрана.

Член 62-ѓ

За оцената за способност на граѓанинот за воена служба комисијата од членот 62-в на овој закон донесува решение.

Против решението од ставот 1 на овој член граѓанинот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Членовите 63,64,65,66 и 67 се избришани

Член 68

На служење на воениот рок не се упатува:

1) граѓанин кој правосилно е осуден на казна малолетнички затвор или безусловно на казна затвор поради кривично дело – додека не ја издржи казната или не биде пуштен на условен отпуст;

2) граѓанин врз кој е применета заводска воспитна мерка или мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа-додека трае мерката што е применета и

3) граѓанин против кого е поведена кривична постапка поради кривично дело за кое се гони по службена должност, а за кое е предвидена казна затвор од најмалку пет години - додека постапката не биде правосилно завршена.

Граѓаните кои од причините наведени во став 1 на овој член не се упатени на служење на воениот рок, се упатуваат на служење, односно на доотслужување на воениот рок по издржаната казна, по пуштањето на условен отпуст, по запирањето од извршување или истекувањето на воспитната мерка или на мерката на безбедност, односно по правосилно завршената кривична постапка, доколку тоа го побараат по денот на престанокот на причините од ставот 1 на овој член, а најдоцна до крајот на календарската година во која полнат 26 години.

Лицата осудени на казна малолетнички затвор или безусловно на казна затвор поради кривично дело, за време на воена состојба можат да бидат упатени на служење на воениот рок ако им е одложено издржувањето на казната.

Членовите 69,70,71 и 72 се избришани

Член 73

Доброволното служење на воениот рок во текот на служењето му се прекинува на војник, ако:

1) не исполнува критериуми за воена служба;

2) е осуден со правосилна пресуда на казна затвор во траење над шест месеци;

3) ако против него е поведена кривична постапка за кривично дело сторено пред стапување на отслужување на воениот рок кое се гони по службена должност, ако за тоа дело е предвидена казна затвор над три години;

4) ако е примен за питомец на Воената академија;

5) ако е примен на стручно оспособување и усовршување за воен старешина - офицер на Воената академија;

6) ако е избран за стручно оспособување и усовршување за воен старешина - подофицер и

7) се самоодалечил од единицата повеќе од еден месец.

По исклучокот на став 1 на овој член, служењето на воениот рок не му се прекинува на војник кој со правосилна пресуда е осуден на казна малолетнички затвор до две години или на безусловна казна затвор до две години, доколку до завршувањето на служењето на воениот рок му останале помалку од 1 месец.

Член 74

Служењето на воениот рок на војник може, по негово барање, да му се прекине ако поради смрт или тешка болест на член на семејството или поради елементарна непогода семејството се доведува во тешка положба поради неговата отсутност, за времето додека постојат тие причини, а најмногу за една година.

Служењето на воениот рок може да му се прекине на војник по негово барање и по барање на Сојузот за физичка култура на Република Македонија, заради негово учество во состав на репрезентацијата на Републиката на регионално, европско или светско натпреварување или на олимписки игри, доколку не користи отсуство за учество на овие спортски натпревари.

Војник на кој му е прекинато служењето на воениот рок од причините наведени во став 2 на овој член, се упатува на дослужување на воениот рок во текот на календарската година во кое е завршено натпреварувањето, а најдоцна до крајот на календарската година во која полни 26 години.

Членот 75 е избришан

Член 76

Во служење на воениот рок не се смета времето што војникот ќе го помине:

1) во самоволно оддалечување и бегство од Армијата што непрекинато траело повеќе од 24 часа и

2) во притвор што против него е определен со кривична постапка, ако тоа време со правосилна пресуда му е пресметано во казната поради извршеното кривично дело.

За времето што војникот ќе го помине во случаите од став 1 на овој член му се продолжува служењето на воениот рок.

Член 77

Решение за прекинување на служењето на воениот рок на војникот и решение за продолжување на воениот рок донесува старешината кој командува со единицата, односно установата, на положба командант на самостоен баталјон дивизион и повисоко.

Против решението од став 1 на овој член, војникот може да изјави жалба во рок од осум дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата не го задржува решението од извршување.

Член 78

Оцена на способноста за воена служба на војникот за времето на служење на воениот рок, во согласност со правилникот од член 62-в став 3 на овој закон, врши воено-лекарска комисија формирана од министерот за одбрана.

Начинот на работата на воено-лекарската комисија од став 1 на овој член се уредува со правилник што го донесува министерот за одбрана.

Членот 79 е избришан

Член 80

Времето и начиот на упатување на граѓаните на одслужување на воениот рок и за постапката за прекинот служењето на воениот рок и одпуштањето на војниците од Армијата се уредува со правилник што го донесува миистерот за одбрана.

Членот 80-а е избришан

б) Служба во резервните сили на Армијата

Член 81

Служба во резервните сили на Армијата се извршува во општата резерва и во активниот резервен персонал на Армијата.

Служба во општата резерва извршуваат лица кои го отслужиле воениот рок во Армијата и не се постари од 60 години живот.

Служба во активниот резервен персонал извршуваат лица кои го отслужиле воениот рок во Армијата и не се постари од 50 години живот.

Служба во резервните сили на Армијата можат да извршуваат и лица кои не го отслужиле воениот рок а се експерти во области од особено значење за Армијата и кои склучиле договор со Министерството за одбрана.

Член 82

За време на воена состојба, претседателот на Републиката може да ја продолжи обврската за служење во активниот резервен персонал до наполнувањето 60 години.

Член 83

Припадниците на резервните сили на Армијата службата во резервните сили на Армијата ја извршуваат со учество на воени вежби и други форми на обука, учество во хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката, а во војна со извршување на определените воени должности.

Членот 84 е избришан

Член 85

Припадникот на резервните сили на Армијата, по негово барање се ослободува од обврската за учество на воена вежба:

1) поради болест на припадникот;

2) поради смрт или тешка болест во семејството;

3) поради полагање испит или колоквиум во време на изведувањето на воената вежба;

4) поради елементарна непогода со која се загрозува имотот на семејството и

5) заради стапување во брак на припадникот или на член на неговото семејство.

Членот 86 е избришан

Член 87

Начинот на извршувањето на обврската за служење во резервен состав на Армијата се уредува со правилник што го донесува министерот за одбрана.

Членот 87-а е избришан

в) Евиденција на воените обврзници

Член 88

За потребите на одбраната за служба во резервните сили се води воена евиденција на граѓаните.

Воведувањето во воена евиденција се врши по наполнувањето на 17 години живот.

Евиденцијата на граѓаните ја води Министерството за одбрана.

Граѓаните воведени во воената евиденција се должни за секоја промена на податокот значаен за водење на воената евиденција да го известат Министерството за одбрана во рок од 8 дена од денот на настанувањето на промената.

По барање на Министерството за одбрана, органите на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и единиците на локалната самоуправа се должни на Министерството за одбрана да му даваат податоци за граѓаните од значење за водење на воената евиденција.

Начинот на водењето на евиденцијата на граѓаните ја пропишува министерот за одбрана.

Член 89

Граѓаните повикани од надлежен орган за извршување на правата и должностите од член 2 на овој закон се должни да се јават на органот, во место и време означени во поединечната покана или општиот повик.

ГЛАВА VI
ОБВРСКИ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, УСТАНОВИ И СЛУЖБИ И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

а) Трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби

Член 90

За потребите на одбраната во воена состојба, се определуваат трговски друштва и јавни установи и служби, како субјекти од посебно значење за одбраната кои продолжуваат со производството, односно со вршење на услугите, под услови и на начин утврден со меѓусебен договор.

Субјектите од ставот 1 на овој член со уредба ги определува Владата на Република Македонија.

Член 90-а

Јавните пртпријатија продолжуваат со производството, односно вршењето на услугите во воена состојба.

Член 91

Јавните претпријатија, трговските друштва и јавните установи и служби од посебно значење за одбраната имаат обврска да се подготвуваат за продолжување на производството и вршење на услугите во воена состојба.

Членот 92 е избришан

Член 93

Јавните претпријатија, јавните установи и служби и трговските друштва од посебно значење за одбраната, можат да учествуваат во изведувањето на вежбовни активности.

За учеството во изведувањето на вежбовните активности, јавните претпријатија, јавните установи и служби и трговските друштва од посебно значење за одбраната, имаат право на надоместок.

Начинот на учество во изведувањето на вежбовните активности и висината на надоместокот се утврдува со договор со Министерството за одбрана.

Членот 94 е избришан

Член 95

Во воена состојба, јавните претпријатија и трговските друштва од областа на енергетиката, сообраќајот, врските, комуналните дејности и градежништвото имаат обврска да дадат приоритет на задоволување на потребите на Армијата, органите на државната власт, републичките сили за заштита и спасување, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за одбраната.

Потребите на субјектите од ставот 1 на овој член, поблиску се определуваат и регулираат со меѓусебен договор склучен меѓу производителите, односно давателите на услугите и корисниците на производите и услугите.

б) Обврски на јавните установи и служби

Членот 96 е избришан

Член 97

Јавните установи и служби од областа на здравството, социјалната заштита, предучилишното и основното образование продолжуваат со работа во воена состојба.

Членот 98 е избришан

Членот 99 е избришан

в) Обврски на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје

Член 100

Во воена состојба органите на единиците на локалната самоуправа продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и имаат обврска да преземат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да се подготвуваат за извршување на обврските од став 1 на овој член на начин утврден со нивниот статут.

ГЛАВА VII
КОМУНИКАЦИИ ЗА РАКОВОДЕЊЕ И КРИПТОЗАШТИТА

Член 101

За органите за државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за одбраната, единиците на локалната самоуправа и силите за заштита и спасување, Министерството за одбрана организира и подготвува комуникации за раководење и криптозаштита во воена и вонредна состојба.

Комуникациите за раководење и криптозаштита, Министерството за одбрана ги остварува преку постојните капацитети за телекомуникации во Републиката, интегрираниот комуникациско-информациски систем на Министерството за одбрана и посебно организирани комуникаци.

Министерството за одбрана, организира криптозаштита и за потребите на воените претставници на Републиката во странство, во соработка со Министерството за надворешни работи.

Член 102

Корисниците на системите за комуникации преку кои се врши пренос на податоци и документи од значење за одбраната, се должни да ги применуваат мерките за криптозаштита, противелектронско обезбедување и другите мерки за заштита.

ГЛАВА VIII НАБЉУДУВАЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ТРЕВОЖЕЊЕ е избришана

Членовите103,104,105 и 106 се избришани

ГЛАВА IX ЦИВИЛНА ЗАШТИТА е избришана

Членовите 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 126-а и 126-б се избришани

ГЛАВА X
ОБУЧУВАЊЕ ЗА ОДБРАНА

Член 127

Обучувањето за одбрана опфаќа активности за стекнување на неопходни, воено-стручни и други знаења за учество на граѓаните, органите на државната власт, јавните претпријатија, трговските друштва и јавни установи и служби од посебно значење за одбраната, како и единиците на локалната самоуправа, во одбраната на Републиката.

Член 128

Обучувањето на граѓаните за одбрана се организира и спроведува во Армијата и во Центарот за обука за одбрана.

Член 129

Обучувањето во Армијата се уредува со правилник што го донесува министерот за одбрана.

Член 130

Обучувањето во Центарот за обука за одбрана, се организира и спроведува заради обучување на кадри за потребите на одбраната и на припадници во резервните сили на Армијата кои не се распоредени во резервниот состав на Армијата.

Спроведувањето на обуката во Центарот за обука за одбрана се уредува со правилник што го донесува министерот за одбрана.

Членот 131 е избришан

Член 132

Во остварувањето на обуката за одбрана и во подготовките за упатување на припадниците на резервните сили на Армијата во извршувањето на задачите во мировните операции надвор од територијата на Републиката, Министерството за одбрана може да соработува со Организацијата на резервните офицери на Армијата на Република Македонија.

За време на спроведувањето на активностите од ставот 1 на овој член членовите на Организацијата на резервните офицери на Армијата на Република Македонија носат униформа и ознаки на Армијата.

ГЛАВА XI
РАЗУЗНАВАЊЕ, КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА И ЗАШТИТА НА СИЛИТЕ И ТАЈНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ОДБРАНАТА

Член 133

Разузнавањето во Армијата опфаќа мерки, активности и постапки што се преземаат заради собирање, документирање и анализирање на разузнавачки податоци значајни за одбраната на Републиката.

Работите од став 1 на овој член ги вршат овластени службени лица на Министерството за одбрана кои ги определува министерот за одбрана.

Во вршењето на работите од став 1 на овој член овластените службени лица имаат право да собираат податоци, известувања и информации од својот делокруг на работа.

Член 134

Контраразузнавањето во Армијата опфаќа мерки, активности и постапки што се преземаат заради:

- откривање и спречување на разузнувачка и друга субверзивна дејност на странски воено-разузнавачки и разузнавачки служби, која се врши во земјата или од странство, а е насочена кон одбраната на Републиката;

- откривање и спречување на сите форми на терористичка дејност насочена кон одбраната на Републиката и

- спроведување на контраразузнавачка заштита на задачите и плановите, документите, материјално-техничките средства, подрачјата, зоните и објектите од интерес за одбраната на Републиката.

Работите од став 1 на овој член ги вршат овластени службени лица на Министерството за одбрана кои ги определува министерот за одбрана.

Во вршењето на работите од став 1 на овој член овластените службени лица имаат право да собираат податоци, известувања и информации од својот делокруг на работа.

Член 135

Спречување и откривање на кривични дела во воените единици и установи, на простори на кои логоруваат воени единици или се изведуваат вежбовни активности на Армијата, како и во објекти и зони што ќе ги определи Владата, опфаќа мерки, активности и постапки кои се преземаат заради спречување за вршење на кривични дела како и за откривање и фаќање на сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежните органи.

Работите од став 1 на овој член ги вршат овластени службени лица на Министерството за одбрана кои ги определува министерот за одбрана.

Во вршењето на работите од став 1 на овој член, овластените службени лица ги имаат следниве права и должности:

- да легитимираат лице заради утврдување на неговиот идентитет и на негово барање сами да се легитимираат;

- да вршат затворање на пристапот и да го оневозможат напуштањето на просторот без одобрение до завршување на службените дејствија;

- да вршат преглед на превозни средства, лица и багаж;

- присилно да отстранат лице од определениот простор, како и лице кое не постапува по наредба на овластеното службено лице и

- да употребат огнено оружје ако со други средства на присилба не можат да го заштитат животот на лицата на тој простор, да одбијат од себе непосреден напад со кој се загрозува нивниот живот, да одбијат напад на објект или личност што се обезбедува или да спречат бегство на лице затечено при извршување на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Во извршување на работите од став 1 на овој член учествуваат и овластени службени лица на Воената полиција кои ги определува министерот за одбрана.

Член 136

Овластените службени лица од членовите 133, 134 и 135 на овој закон, имаат легитимации.

Образецот на легитимацијата и начинот на нејзиното издавање ги пропишува министерот за одбрана.

Поблиски прописи за остварување на работите од членовите 133, 134 и 135 на овој закон донесува министерот за одбрана.

Член 136-а

На државните службеници во Министерството за одбрана кои согласно со членовите 133, 134 и 135 од овој закон се определени како овластени службени лица, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 20%.

Член 137

Заштитата на силите во воените единици и установи, на простори на кои логоруваат воени единици или се изведуваат вежбовни активности на Армијата, како и во објекти и зони што ќе ги определи Владата, опфаќа мерки, активности и постапки што се преземаат заради:

- одржување на воен ред и дисциплина;

- обезбедување на лица, команди и објекти определени од министерот за одбрана;

- регулирање и контрола на воениот сообраќај и

- учество во борба против диверзантски, терористички и други вооружени групи.

Работите од став 1 на овој член ги врши Воената полиција.

Поблиски прописи за работата на Воената полиција донесува министерот за одбрана.

Членот 138 е избришан

Член 139

Припадниците на Армијата се должни да ги чуваат и штитат класифицираните информации од значење за Армијата и да ги извршуваат пропишаните мерки за нивна заштита, во согласност со закон.

Член 140

Заради заштита на безбедноста на Републиката во зоните кои согласно со Планот за одбрана на Републиката се посебно уредени за потребите на одбраната или се предвидува нивно уредување, може да се ограничи слободата на движењето, престојот или населувањето.

Одлука за определување на зоните од став 1 на овој член донесува Владата.

Член 141

Снимање од воздух и други видови на истражувања за изработка на картографски публикации можат да вршат само правни лица кои ќе добијат одобрение од Владата.

Физички и правни лица не можат да вршат снимање ниту научни и други истражувања во објекти и зони од значење за одбраната, како и во зоните во кои се ограничува движење, престој и населување, без одобрение на Министерството за одбрана.

ГЛАВА XII
ПЛАНИРАЊЕ

Член 142

Заради систематски, рационален и плански развој на одбраната на Републиката се воведува систем на планирање, програмирање и буџетирање на одбраната.

Основен носител, организатор и реализатор на системот на планирање, програмирање и буџетирање за потребите на одбраната е Министерството за одбрана.

Член 143

Планирањето на одбраната се остварува како планирање на развојот, оперативно и тековно планирање.

Планирањето на одбраната претставува континуиран процес и се организира и реализира како долгорочно, среднорочно и краткорочно.

Член 144

Планирањето се врши преку основни и специјализирани планови, програми, потпрограми, активности и потребни ресурси за нивна реализација.

Бројот, видот, содржината, називот како и начинот на изработка и реализација на плановите и програмите на одбраната ги определува министерот за одбрана.

ГЛАВА XIII
ФИНАНСИРАЊЕ

Член 145

Финансиски средства за потребите на одбраната на Републиката се обезбедуваат од Буџетот на Републиката.

Финансиски средства за потребите на одбраната на Републиката можат да се обезбедат и од други извори, во согласност со закон.

Финансиски средства за органите на државната власт за потребите на одбраната се обезбедуваат од Буџетот на Републиката, во рамките на финансиските средства на тие органи.

Финансиски средства за единиците на локалната самоуправа за потребите на одбраната се обезбедуваат од нивните средства во согласност со закон и од средствата на Републиката.

Трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за одбраната, финансиски средства за потребите на одбраната обезбедуваат од сопствени средства и од средства на Републиката.

Член 146

План за финансиски средства потребни за Министерството за одбрана што се обезбедуваат со Буџетот на Републиката, изработува Министерството за одбрана.

Со финансискиот план од став 1 на овој член се искажуваат по програми, потпрограми, намени, задачи и динамика потребните финансиски средства за остварување на функциите на единиците, командите и установите на Армијата и другите активности на Министерството за одбрана.

Начинот и постапката за изработка на планот од став 1 на овој член се утврдува со правилник што го донесува министерот за одбрана.

Член 147

За висината на средствата во Буџетот на Републиката за потребите на одбраната одлучува Собранието на Републиката.

Во согласност со Буџетот на Републиката, Министерството за одбрана врши реализирање на одобрените финансиски средства и по потреба врши ревизија на нивната реализација.

За реализацијата на средствата од став 2 на овој член, Министерството за одбрана ги известува Владата и Собранието на Републиката.

ГЛАВА XIV
НАДОМЕСТОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ ВО ОДБРАНАТА

Член 148

Граѓаните повикани заради извршување на правата и должностите од областа на одбраната во врска со извршување на воена служба, извршување на работна и материјална обврска, имаат право на паричен надомест утврден со овој закон.

Член 149

Граѓаните од член 148 на овој закон имаат право на следниве парични надоместоци:

- плата, пензија или други парични примања;
- трошоци за превоз, сместување и исхрана;
- трошоци за дополнително ангажирање;
- еднократна парична помош во случај на смрт, повреда или оштетување на организмот;
- погребни и други трошоци и
- за изведување обука за одбрана.

Член 150

Граѓаните кои се во работен однос или вршат самостојна дејност, примаат паричен надоместок по основа на невработеност или примаат пензија, имаат право на паричен надоместок во висина на плата или надоместок исплатен за последниот месец пред повикувањето или ангажирањето на кои е пресметан и уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување, односно во висина на пензијата.

Граѓаните кои не се во работен однос, не вршат самостојна или професионална дејност, не примаат паричен надоместок по основа на невработеност или не остваруваат право на пензија, имаат право на паричен надоместок во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена од Државниот завод за статистика во последниот месец пред повикувањето, односно ангажирањето (во натамошниот текст: просечна месечна плата).

Член 151

Граѓаните кои склучиле договор за ангажирање во активниот резервен персонал на резервните сили на Армијата, за периодот кога не се ангажирани во извршувањето на правата и обврските од членот 83 на овој закон, остваруваат право на месечен паричен надоместок согласно со закон.

За периодот кога граѓаните распоредени во активниот резервен персонал на резервните сили на Армијата се ангажирани во извршувањето на задачите во хуманитарни и мировни операции, остваруваат право на плата под услови и на начин утврден за воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата упатен во хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката.

Членот 152 е избришан

Член 153

За време на служење на воениот рок на војниците им припаѓа парично примање во висина до 10% од просечната месечна плата, во зависност од чинот и должноста што ја извршуваат.

Член 154

Граѓаните за време на извршување на правата и должностите во областа на одбраната имаат право на надоместок на трошоците за превоз, исхрана и сместување – ноќевање, доколку не се обезбеди бесплатен превоз, бесплатна исхрана и бесплатно сместување – ноќевање.

Надоместокот на трошоците за превоз е во висина на цената на возниот билет во јавниот сообраќај, доколку станот во кој живее граѓанинот е оддалечен над километри од местото на јавување односно доаѓање.

По исклучок од став 2 на овој член, за правците во кои нема организиран јавен превоз, надоместокот на трошоците направени со возило е во висина од 30% од продажната цена на 1 литар гориво за возилото кое се користи за секој изминат километар.

Висината на надоместокот на дневните трошоци за исхрана е 5% од просечната месечна плата, доколку ангажирањето траело до осум часа, односно 8% доколку ангажирањето траело подолго од осум часа.

По исклучок од став 4 на овој член, на граѓаните – регрути при извршувањето на лекарски и други прегледи и психолошки испитувања со времетраење до осум часа, им припаѓа надоместок во висина од 50% од висината на надоместот од став 4 на овој член.

Во случај кога не е обезбедено бесплатно сместување – ноќевање, а граѓаните се повикани на извршување на должностите од областа на одбраната надвор од местото на живеалиштето односно престојувалиштето, висината на надоместот е во износ на стварните трошоци за сместување, а се исплатува според поднесена сметка за сместување во хотели до „Б" категорија.

Членот 155 е избришан

Член 156

Висината на надоместокот на еднократна парична помош на семејството во случај на смрт, односно загинување на граѓани за време на извршување на должностите во одбраната изнесува пет просечни месечни плати.

Член 157

Висината на надоместокот на еднократната парична помош во случај на повреда и оштетување на организмот од најмалку 20% за време на извршување на воените должности изнесува 50% од просечната месечна плата.

Член 158

Висината на надоместокот на погребните и други трошоци (сандак со опрема и венец), трошоците за превоз на умрениот, односно загинатиот граѓанин од местото на смртта до местото на погребувањето, доколку семејството ги врши и другите трошоци сторени со традиционален обичај за време на погребот изнесува пет просечни месечни плати.

Член 159

Лица ангажирани во обучувањето за одбрана како предавачи, имаат право на надоместок во висина утврдена со договор склучен со Министерството за одбрана.

Членот 160 е избришан

Член 161

Средствата за надоместокот на граѓаните во извршување на правата и должностите во одбраната се обезбедуваат од средствата на Министерството за одбрана.

Поблиски прописи за висината и начинот на остварувањето на надоместокот на граѓаните во извршување на правата и должностите во одбраната донесува Владата.

ГЛАВА XV
ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 162

Во постапката за вршење на инспекциски надзор во областа на одбраната (во натамошниот текст: инспекциски надзор), ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Член 163

Инспекциски надзор на спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на одбраната се врши во органите на државна власт, Армијата, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од посебно значење за одбраната и единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: субјекти на надзорот).

Инспекцискиот надзор од ставот 1 на овој член го врши Министерството за одбрана преку инспектори за одбрана.

По исклучок од ставот 2 на овој член, во случаи ако тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или имотот од поголема вредност, неопходно за преземање на итни мерки кои не трпат одлагање, како и во други случаи утврдени со закон, инспекцискиот надзор се врши во соработка со други инспекциски служби.

Член 164

Инспекторите за одбрана покрај општите услови за вработување, како посебни услови за вршење на инспекциски надзор потребно е да имаат соодветно високо образование или стекнати 180-300 кредити според ЕКТС и најмалку четири години работно искуство, од кои две години во државна служба.

Член 165

Инспекцискиот надзор може да биде редовен, вонреден или контролен.

Редовниот инспекциски надзор го опфаќа надзорот на спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на одбраната и се врши според годишна програма која ја донесува министерот за одбрана најдоцна до 31 декември во тековната, за наредната година.

Вонредниот инспекциски надзор го опфаќа надзорот на спроведувањето на одделни прописи или одредени прашања од областа на одбраната и се врши врз основа на процена на генералниот, односно главниот инспектор за одбрана, по барање на орган на државната власт, правно или физичко лице, како и по пријава на инспекторот за одбрана во случаи на сомневање за повреди на одредбите на овој закон или други прописи од областа на одбраната.

Вонредниот инспекциски надзор по барање на орган на државната власт, правно или физичко лице, како и по пријава на инспекторот за одбрана, се спроведува во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето односно пријавата.

Контролниот инспекциски надзор го опфаќа надзорот во субјектот на надзорот по истекот на рокот определен во решението за отстранување на надостатоците утврдени при извршениот редовен или вонреден инспекциски надзор.

Начинот на вршење на инспекцискиот надзор го пропишува министерот за одбрана.

Член 166

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за одбрана има право:

- на непречен пристап и целосен увид во просториите во кои се примаат, чуваат, изработуваат или обработуваат документи и други акти во врска со спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на одбраната, материјално техничките средства и опрема со кои се изработуваат или обработуваат и заштитуваат документите и актите од областа на одбраната, како и да ги користи информатичките и комуникациските средства на инспектираниот субјект и
- писмено или усно да бара објаснувања, како и да повикува и испитува лица во врска со спроведувањето на активностите на инспекцискиот надзор.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за одбрана е должен:

- да постапува по барањето за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата,
- да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ на вршењето на инспекцискиот надзор, како и за почетокот на вршењето на надзорот, освен во случаите кога со таквото известува-

ње ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот,

- да се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното лице или друго овластено лице на субјектот на надзорот,

- да ги почитува и спроведува мерките за заштита на класифицираните информации добиени или осознаени при вршењето на надзорот,

- да постапува во согласност со законите и правилата за однесување на државните службеници како и правилата за однесување на овластените лица при вршењето на инспекцискиот надзор и

- да состави записник за извршениот инспекциски надзор.

Член 166-а

Инспекторот за одбрана може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор привремено да одземе документи, средства и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветна постапка.

Инспекторот за одбрана е должен привремено да одземе предмети во случаите кога е пропишано нивното задолжително одземање, кога со нив е сторен прекршок или кривично дело или ако тоа е потребно заради спречување на потешки последици, во согласност со закон.

За одземените документи, средства и други предмети од ставовите 1 и 2 на овој член, инспекторот за одбрана на субјектот на надзорот му издава соодветна потврда.

Условите за чување на привремено одземените документи, средства и други предмети до нивното предавање на органот надлежен за водење на соодветна постапка, ги обезбедува Министерството за одбрана.

Член 166-б

За извршениот инспекциски надзор, инспекторот за одбрана составува записник со приказ на утврдената фактичка состојба и истиот го потпишува и предава на субјектот на надзорот веднаш по потпишувањето, а најдоцна во рок од осум дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

Записникот од ставот 1 на овој член се доставува и до министерот за одбрана.

По приемот на записникот од ставот 1 на овој член, субјектот на надзорот може да даде забелешки на записникот во рок од осум дена од денот на приемот и истите писмено да ги достави до инспекторот за одбрана кој го извршил инспекцискиот надзор.

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди повреда на закон или друг пропис од областа на одбраната, во записникот се констатираат утврдените недостатоци и неправилности и со решение се определува рок за нивно отстранување.

Субјектот на надзорот е должен да постапи според записникот и да го извести инспекторот за одбрана за преземените мерки во рокот определен во записникот.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот инспекциски надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности, донесува заклучок со кој се запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот инспекциски надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган.

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор во областа на одбраната инспекторот за одбрана смета дека повредата на прописите претставува прекршок или кривично дело, должен е до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за покренување соодветна постапка.

Член 166-в

Субјектот на надзорот може да изјави жалба против решението на инспекторот за одбрана во рок од осум дена од денот на приемот на истото.

Жалбата од ставот 1 на овој член се поднесува до комисија која ја формира министерот за одбрана.

Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Претседател на комисијата од ставот 2 на овој член е генералниот или главниот инспектор за одбрана, а членови на комисијата се од редот на раководни државни службеници во Министерството за одбрана.

Член 166-г

Министерството за одбрана за извршените инспекциски надзори изготвува кварталнии извештаи кои се објавуваат на интернет страницата на Министерството.

Член 166-д

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за одбрана утврди дека е сторена неправилност од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон, инспекторот за одбрана е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност, со укажување за отстранување на неправилноста во рок од осум дена, со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на субјектот на надзорот од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за спроведување на едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата го пропишува министерот за одбрана.

Едукацијата ја организира и спроведува Министерството за одбрана, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или историдни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин субјектите од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон над кои се спроведува едукација не се јават на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку субјектите од членовите 170 став 2 и 171 на овој закон над кои се спроведува едукација се јават на закажаната едукација и истата ја завршат, ќе се смета дека се едуцирани по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку инспекторот за одбрана при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилностите од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен орган.

Министерството за одбрана, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за одбрана.

ГЛАВА XVI
ПОСЕБНА ОДРЕДБА

Член 167

Работните места на определени должности во Министерството за одбрана и во постојаниот состав на Армијата на кои тежината на работата и посебните услови под кои тие се вршат битно влијаат врз намалувањето на работната способност, ги определува Владата со уредба.

Владата може да определи и други работни места што имаат карактер на одредени должности во смисла на став 1 на овој член.

Заработката на работниците на должностите од ставовите 1 и 2 на овој член се поголеми најмногу до 30% од заработката на другите работници со соодветни квалификации.

ГЛАВА XVII
ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 168

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на граѓанинот за прекршок, ако:

1) не даде средства или добиток по основа на материјална обврска или податоци во врска со нив (член 14);

2) не го извести Министерството за одбрана за промена на податокот значаен за водење на воената евиденција (член 88 став 3) ;

3) не се отповика на покана од надлежен орган (член 89) и

4) врши снимање или научни и други истражувања без одобрение на Министерството за одбрана (член 141 став 2).

Глобата од став 1 на овој член ќе му се изрече и на странски државјанин ако не даде средства или добиток по основа на материјална обврска (член 15).

Член 169

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на припадникот на Армијата ако организира политичка партија или здружение на граѓани во Армијата, во вршењето на службата во Армијата се раководи од своите политички убедувања и истите ги изразува и застапува или влијае на другите, манифестира партиски обележја, симболи или други знаци на политички партии или ако на политички собири и манифестации учествува во воена униформа.

Член 170

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговско друштво, јавно претпријатие, установа или служба, ако:

1) не даде на користење средства или добиток по основ на материјална обврска или податоци во врска со тоа (член 14);

2) не даде податоци за граѓаните од значење за водење на воената евиденција (член 88 став 5);

3) не преземе мерки за заштита и спасување на работниците, материјалните добра и корисниците на услугите во воена состојба (член 91);

4) не се подготвуваат за продолжување на производството и вршење на услугите во воена состојба (член 91);

5) не се подготвува за производство и вршење услуги во воена состојба (членови 92 и 98);

6) не учествува во изведување вежбовни активности (членови 93 став 1 и 99 став 1);

7) во воена состојба не даде приоритет на задоволувањето на потребите на Армијата, органите на државната власт, републичките сили за заштита и спасување, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби што се од посебно значење за одбраната (член 95 став 1);

8) не ги применува мерките за криптозаштита, противелектронско обезбедување и други мерки за заштита (член 102); и

9) врши снимање од воздух и други видови истражувања без одобрение на Владата или Министерството за одбрана (член 141).

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во трговското друштво, јавното претпријатие, установа или служба, за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глобата од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на странско трговско друштво или трговец-поединец ако не даде средства или добиток по основ на материјална обврска.

Член 171

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на единицата на локалната самоуправа ако не се подготвува за извршување на обврските од областа на одбраната (член 100).

Член 171-а

За прекршоците утврдени во членовите 168, 169, 170 и 171 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за одбрана.

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред прекршочен орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Комисија) формирана од страна на министерот за одбрана.

Комисијата е составена од претседател и два члена. Претседателот на Комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од пет години во својата област, а членовите се со високо образование и работно искуство од пет години во својата област.

Покрај членовите на Комисијата, министерот за одбрана може да определи секретар на Комисијата кој врши административни работи за Комисијата и заменици членови кои по исклучок учествуваат во работата на Комисијата во случај на отсуство на некои од членовите.

Комисијата донесува деловник за работа.

Член 171-б

Комисијата има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и да презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

Комисијата е самостојна и независна во работата и одлучува врз основа на стручно знаење и самостојно убедување.

Комисијата работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Против решението на Комисијата со кое се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

Комисијата води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот за одбрана.

Член 171-в

Ако Комисијата утврди дека е сторен прекршок, пред изрекувањето на прекршочната санкција е должна на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

ГЛАВА XVIII
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 172

(член 172 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001)

Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на неговото влегување во сила освен прописите предвидени со членовите 142, 143 и 144 – Глава XII Планирање, што ќе се донесат најдоцна за две години.

Член 173

(член 173 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001)

Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија» број 8/92 и 30/95).

Прописите донесени врз основа на Законот од став 1 на овој член ќе се применуваат до донесувањето на прописите од член 172 на овој закон, доколку не се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 174

(член 13 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2003)

Регрутите упатени на служење на воен рок во Армијата со оружје или без оружје, односно во цивилна служба во месец јануари 2003 година, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се наоѓаат на служење на воениот рок, го служат воениот рок во траење од шест, односно од десет месеци.

На регрутите упатени на служење на воен рок во Армијата со оружје или без оружје, односно во цивилна служба во месец јули и месец октомври 2002 година, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се наоѓаат на служење на воениот рок, воениот рок им се скратува за 30 дена.

Член 175

(член 14 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2003)

Војниците на кои им е прекинато служењето на воениот рок, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле пет или повеќе месеци воен рок се преведуваат во резервниот состав на Армијата.

Војниците на кои им е прекинато служењето на воениот рок, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле помалку од пет месеци воен рок, се упатуваат на дослужување на преостанатиот дел од воениот рок до шест, односно до десет месеци.

Член 176

(член 15 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2003)

Војниците кои се самоодалечиле од единиците на Армијата, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле шест или повеќе месеци воен рок, се преведуваат во резервниот состав на Армијата.

Војниците кои се самоодалечиле од единиците на Армијата, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон отслужиле помалку од шест месеци воен рок, се упатуваат на дослужување на преостанатиот дел од воениот рок до шест, односно до десет месеци.

Член 177

(член 53 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006)

Регрутите упатени на служење на воен рок во Армијата со оружје или без оружје, односно во цивилна служба, а кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се наоѓаат на служење на воениот рок, продолжуваат да го служат воениот рок во траење до истекот на воениот рок на кој биле упатени пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 178

(член 54 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006)

Воените обврзници кои до денот на влегувањето во сила на овој закон биле распоредени во резервниот состав, продолжуваат да служат во резервниот состав, на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 179

(член 55 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006)

Одредбата од членот 16 на овој закон ќе се применува по приемот на Република Македонија во членство во НАТО.

Член 180

(член 56 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006)

Мандатот на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија поставен на должноста пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се смета од денот на неговото поставување на оваа должност.

Член 181

(член 57 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006)

Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на неговото влегување во сила.

Прописите донесени врз основа на Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001 и 5/2003), продолжуваат да се применуваат до донесувањето на прописите од ставот 1 на овој член, доколку не се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 182

(член 65 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011)

Започнатите постапки за инспекциски надзор пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008).

Член 183

(член 66 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011)

Одредбите од членовите 58 и 59 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

Член 184

(член 67 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011)

Одредбите од членовите 60, 61 и 62 на овој закон, ќе се применуваат за прекршоците сторени од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 185

(член 68 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011)

Подзаконските прописи утврдени со овој закон, ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 186

(член 3 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.151/2011)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

4150.

Врз основа на членот 9 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11 и 51/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5434/1
28 декември 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4151.

Врз основа на член 88 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

1. Сузана Настоска се разрешува од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св.Наум Охридски“ – Скопје, поради истек на мандатот за кој е именувана.

2. За член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св.Наум Охридски“ – Скопје, се именува Слаѓана Морска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-8408/1
27 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

4152.

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008, 67/2009, 88/2010, 44/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ ПРИЛЕП

1. Драги Деспотоски се разрешува од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Прилеп.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Прилеп, се именува Бранко Дукоски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-8412/1
27 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

4153.

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008, 67/2009, 88/2010, 44/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА ХИРУРГИЈА-СКОПЈЕ

1. Горги Горгиев се разрешува од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, се именува Маја Морачанин.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-8413/1
27 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

4154.

Врз основа на член 100 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011 и 51/2011) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008 и 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ – СКОПЈЕ

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Јавната установа за згрижување деца со воспитно – социјални проблеми – Скопје се разрешуваат:

- Љупчо Ламбевски,
- Алук Сали.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Јавната установа за згрижување деца со воспитно – социјални проблеми – Скопје се именуваат:

- Столе Иванов,
- Бранка Георгијевска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-8415/1 Претседател на Владата
27 декември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

_____

4155.

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

1. За член на Органот за надзор – претставник на основачот на Јавната установа Завод за социјални дејности – Скопје се именува Славица Арсова.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-8416/1 Претседател на Владата
27 декември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

_____

4156.

Врз основа на член 38, став 1, 3 и 5 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98 и 40/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „ПЕЛАГОНИЈА“ – СКОПЈЕ

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје, поради истек на мандатот за кој се именувани, се разрешуваат:

- Бобан Коруновски,
- Томе Трајанов.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје, се именуваат:

- Ивица Петровски,
- Саша Николиќ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-8418/1 Претседател на Владата
27 декември 2011 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

4157.

Врз основа на член 38, став 2 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09 и 95/10), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ

Член 1

Во Правилникот за класификација на приходите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/09, 153/09 и 43/10), во Класификацијата на приходите на синтетичките конта од класата 7 - Приходи, во поткатегоријата 71 - Даночни приходи, во ставката 711 - Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, во аналитичката ставка 7111 - Персонален данок на доход, по потставка 711141 се додава нова потставка 711142 која гласи:

“711142 - Данок на пензиски надоместок по основ на доброволно пензиско осигурување”.

Во аналитичката ставка 7112-Данок на добивка, по потставка 711230 се додава нова потставка 711231 која гласи:

“711 231 - Камата за ненавремено плаќање на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивка”.

Во ставката 712 - Придонес за социјално осигурување, во аналитичката ставка 7122 - Придонес за здравствено осигурување, по потставка 712225 се додава нова потставка 712226 која гласи:

“712226 - Придонес за задолжително здравствено осигурување по судски постапки“.

Во ставката 715 - Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки), во аналитичката ставка 7153 - Други увозни давачки и такси потставките 715330 и 715331 се бришат.

Во ставката 718 - Такси на користење или дозволи за вршење дејност, во аналитичката ставка 7181-Дозволи за вршење на дејност, по потставка 718143 се додаваат шест нови потставки 718144, 718145, 718146, 718147, 718148 и 718149 кои гласат:

“718144 - Надомест за добивање сертификат за стручна оспособеност и уверение за положен стручен испит за вршење на работи за управување и/или постапување со отпад”

“718145 - Надоместок за користење на води“

“718146 - Надоместок за испуштање на води“

“718147 - Надоместок за вадење на песок, чакал и камен“

“718148 - Надомест за управување со отпад од пакување и кеси за транспорт на стоки“

“718149 - Надомест за управување со отпадни батерии и акумулатори“.

Член 2

Во поткатегоријата 72 - Неданочни приходи, во ставката 722 - Глоби, судски и административни такси, во аналитичката ставка 7221 - Глоби по посебни прописи, по потставка 722135 се додаваат осум нови потставки 722136, 722137, 722138, 722139, 722140, 722141, 722142 и 722143 кои гласат:

“722136 - Глоби за сторени прекршоци за внатрешната пловидба од инспекторот за безбедност при капетанијата на пристаништата”

“722137 - Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на органот за образование и наука”

“722138 - Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Министерството за информатичко оптество и администрација“

"722139 - Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за заштита од конкуренција"

"722140 - Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Агенција за супервизија на осигурување"

"722141 - Глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Државна изборна комисија"

"722142 - Глоби за сторени прекршоци од областа на капитално финансирано пензиско осигурување"

"722143 - Глоби за заштита од бучава".

Во ставката 724 - Други владини услуги, во аналитичката ставка 7241 - Други владини услуги по потставка 724159 се додаваат три нови потставки 724160, 724161 и 724162 кои гласат:

"724160 - Надомест за издавање овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа"

"724161 - Надомест за добивање лиценца и овластување за изведување на рударски работи"

"724162 - Надомест за добивање лиценца и овластување за добивање на геолошка документација".

Во ставката 725 - Други неданочни приходи, во аналитичката ставка 7259 - Други неданочни приходи, по потставка 725959 се додаваат четири нови потставки 725960, 725966, 725967 и 725968 кои гласат:

"725960 - Приходи од извршување на управни акти за бесправно изградени објекти"

"725966 - Еднократна посебна такса во присилна наплата на други јавни приходи изречени со одлуки на други државни органи, институции и судови"

"725967 - 1% од бруто полисирана премија за задолжително осигурување на сопственици, односно корисници на моторни возила од одговорност за штети предизвикани од трети лица во и надвор од територијата на Република Македонија"

"725968 - Други неданочни приходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија".

Член 3

Во поткатегоријата 73 - Капитални приходи, во ставката 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања, во аналитичката ставка 7331-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања, по потставка 733135 се додаваат осум нови потставки 733136, 733137, 733138, 733139, 733140, 733141, 733142 и 733143 кои гласат:

"733136 - Надомест за детални геолошки истражувања кој е приход на ЕЛС"

"733137 - Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор) кој е приход на ЕЛС"

"733138 - Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) кој е приход на ЕЛС"

"733139 - Приходи остварени при отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во постапки согласно кои паричните средства се распределуваат 20% на Буџетот на Република Македонија и 80% за Дирекција за технолошки индустриски развојни зони"

"733140 - Приходи остварени при закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во постапки согласно кои паричните средства се распределуваат 20% на Буџетот на Република Македонија и 80% за Дирекција за технолошки индустриски развојни зони"

"733141 - Приходи остварени при отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија кои се приход на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони"

"733142 - Приходи остварени од комунална техничка службеност (непотполна експропријација) на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија"

"733143 - Надомест за концесии за користење на аеродроми".

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-42987/1 Министер за финансии,
27 декември 2011 година м-р **Зоран Ставрески**, с.р.
Скопје

4158.

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09 и 95/10), министерот за финансии донесе

У П А Т С Т В О ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ И ПОВРАТ НА ЈАВНИТЕ ПРИХОДИ

1. Во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/09, 153/09 и 43/10) во шифрарникот на уплатни сметки за јавни приходи, во делот I. Приходи на Републиката и на единиците на локалната самоуправа во точка 1. Данок од добивка по уплатната сметка со реден број 11 се додава нова уплатна сметка со реден број 12 која гласи:

12	840-1669	камата за ненавремено плаќање на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивка	711231

2. Во точка 2. Персонален данок на доход, потточка 2.1. Данок на доход на плати и други лични примања по уплатната сметка со реден број 9 се додава нова уплатна сметка со реден број 10 која гласи:

10	840-1653	данок на пензиски надоместок по основ на доброволно пензиско осигурување	711142

3. Во точка 3. Данок на додадена вредност и акцизи, Во потточка 3.3 Јавни приходи кои ги открива Управата за јавни приходи во постапка за инспекциски надзор потточка 3.3.1 Споредни даночни давачки по уплатната сметка со реден број 5 се додава нова уплатна сметка со реден број 6 која гласи:

6	840-3455	еднократна посебна такса во присилна наплата на други јавни приходи изречени со одлуки на други државни органи, институции и судови	725966

4. Во точка 6. Царински и посебни увозни давачки уплатните сметки под реден број 20 и 21 се бришат.

5. Во точка 7. Глоби по посебни прописи по уплатната сметка со реден број 23 се додаваат осум нови уплатни сметки со реден број 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 кои гласат:

24	840-5374	глоби за сторени прекршоци за внатрешната пловидба од инспекторот за безбедност при капетанијата на пристаништата	722136
25	840-5395	глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Министерството за образование и наука	722137
26	840-5402	глоби за заштита од бучава	722143
27	840-7300	глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација	722138

28	840-7337	глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата	722139
29	840-7342	глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Агенција за супервизија на осигурување	722140
30	840-7358	глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Државна изборна комисија	722141
31	840-5759	глоби за сторени прекршоци од областа на капитално финансирано пензиско осигурување	722142

6. Во точка 8. Приходи што ги остваруваат органите на управата, правосудните органи и други приходи по уплатната сметка со реден број 82 се додаваат осумнаесет нови уплатни сметки со реден број 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99 и 100 кои гласат:

83	840-7160	надомест за издавање овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа	724160
84	840-7176	приходи од извршување на управни акти за бесправно изградени објекти	725960
85	840-7181	надомест за добивање сертификат за стручна оспособеност и уверение за положен стручен испит за вршење на работи за управување и/или постапувањесо отпад	718144
86	840-7197	надоместок за користење на води	718145
87	840-7204	надоместок за испуштање на води	718146
88	840-7225	надоместок за вадење на песок, чакал и камен	718147
89	840-7230	надомест за добивање лиценца и овластување за изведување на рударски работи	724161
90	840-7246	надомест за добивање лиценца и овластување за добивање на геолошка документација	724162
91	840-7267	надомест за детални геолошки истражувања кој е приход на ЕЛС	733136
92	840-7272	надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор) кој е приход на ЕЛС	733137
93	840-7288	надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) кој е приход на ЕЛС	733138
94	840-7293	приходи остварени при отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во постапки согласно кои паричните средства се распределуваат 20% на Буџетот на Република Македонија и 80% за Дирекција за технолошки индустриски развојни зони	733139
95	840-7316	приходи остварени при закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија во постапки согласно кои паричните средства се распределуваат 20% на Буџетот на Република Македонија и 80% за Дирекција за технолошки индустриски развојни зони	733140
96	840-7321	приходи остварени при отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија кои се приход на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони	733141
97	840-7363	приходи остварени од комунална техничка службеност (непотполна експропријација) на градежно земјиште во сопс тве ност на Република Македонија	733142
98	840-7379	надомест за управување со отпад од пакување и кеси за транспорт на стоки	718148
99	840-7384	надомест за управување со отпадни батерии и акумулатори	718149
100	840-7407	надомест за концесии за користење на аеродроми	733143

7. Во делот II. Приходи на Фондовите во точка 9. Приходи на Фонд за здравствено осигурување на Македонија по уплатната сметка со реден број 15 се додаваат три уплатни сметки со реден број 16, 17 и 18 кои гласат:

16	843-523	придонес за задолжително здравствено осигурување по судски постапки	712226
17	843-544	1% од бруто полисирана премија за задожително осигурување на сопственици, односно корисници на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица во и надвор од територијата на Република Македонија	725967
18	843-565	други неданочни приходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија	725968

8. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-42986/1 Министер за финансии,
27 декември 2011 година м-р **Зоран Ставрески**, с.р.
Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

4159.

Врз основа на член 11 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6 и член 61 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08 и 53/11), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО

Член 1

Во Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11 и 169/11), во член 4 став (1) по точката 15 се додава нова точка 16 која гласи:

„16. „Работно возило" е моторно или приклучно возило со вградени уреди или опрема за вршење на работа,чија најголема вкупна маса е еднаква со масата на возилото (на пример : дигалки и слично), а според особините спаѓаат во една од категориите на моторни или приклучни возила. Работното возило не е наменето за превоз на лица или товар и неговата конструкциски определена брзина поминува 25 km/h."

Точките 16 и 17 стануваат точки 17 и 18.

Член 2

Во членот 6 во став (4) зборовите „категорија M_1, произведени во" се заменуваат со зборовите „категориите L и M_1, произведени во или за".

Во членот 6 по став (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Техничките барања кои возилата од член 4 став (1) точка 16 од овој правилник треба да ги исполнуваат во постапката за единечно одобрување се дадени во Прилог XX на овој правилник."

Член 3

Во членот 7 став (6) зборовите „(5) и (6)" се заменуваат со зборовите „(5), (6) и (7)" .

Член 4

Во членот 8 став (3) во алинеја 6, по зборовите „ставот (6)“ се додаваат зборовите „и (7)“.

Член 5

Во насловот на Прилог XIX зборовите „категорија M1“ се заменуваат со зборовите „категориите L и M_1“.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 25-7973/6
29 декември 2011 година
Скопје

Министер,
Ваљон Сараќини, с.р.

_____

4160.

Врз основа на член 24 став (6) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ број 33/06, 63/07, 24/11, 51/11 и 148/11) министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

Член 1

Со овој правилникот се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, во рокот утврден во член 24 став (5) од Законот за безбедноста на производите.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барањето заради недонесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност” во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум, во средишниот дел назив на барањето, општи податоци за барателот - назив на правното лице – подносител на барањето, седиште на правното лице - подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето .

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25-9237/3
27 декември 2011 година
Скопје

Министер,
Ваљон Сараќини, с.р.

БАРАЊЕ

заради недонесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност

Од _____
(назив на правно лице - подносител на барање)

_____
(седиште на правно лице/адреса – поднесител на барање) :

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, министерот за економија, во рокот утврден во член 24 став (8) од Законот за безбедност на производите, да постапи по барањето за донесување на решение за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, поднесено под број _____на ден _____до _____, чија копија се доставува во прилог.

Подносител на барање

_____

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

4161.

Врз основа на член 48-а ставови 2 и 9 од Законот за безбедност и здравје при работа (Службен весник на Република Македонија бр. 92/07 и 136/11) министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведување на едукацијата.

Член 2

Кога во вршењето на иснпекцискиот надзор, инспекторот за труд, констатира сторена неправилност за прекршок, на лицето или работодавачот, му врачува покана за едукација.

Поканата за едукација од член 1 на овој правилник, се врачува лично на лицето или на работодавачот што се повикува на едукација.

Инспекторот треба да обезбеди уреден доказ дека лицето или работодавачот што се повикува на едукација, уредно ја примило поканата од став 1 на овој член.

Поканата од став 1 на овој член, се печати на хартија со бела боја, на А4 формат, во три идентични примероци, и ги содржи следниве елементи:

- грбот на Република Македонија и назив на органот кој ја спроведува едукацијата;
- архивски број и датум на издавање;
- назив на поканата;
- податоци за лицето кое се повикува на едукација (име и презиме, ЕМБГ, место на раѓање, адреса на живеење, функцијата што ја врши кај работодавачот, занимање и државјанство);
- податоци за работодавачот (назив и седиште, жиро сметка, даночен број и депонент банка на работодавачот);
- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата;
- кратко назначување на предметот на поканата и одредбата според која е направена неправилноста;
- име и презиме на инспекторот кој ја врши едукацијата;
- место и датум на издавање на поканата;
- место на печат, и
- забелешка: согласно член 48-а, став 5 од Законот за безбедност и здравје при работа, доколку во закажаниот термин лицето или правното лице над кое се спроведува едукацијата не се јави на едукација ќе се смета дека истата е спроведена.

Образецот на поканата за едукација е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Едукацијата се врши во просториите на Државниот инспекторат за труд.

По исклучок од став 1 на овој член, едукацијата може да се врши и во деловните простории на работодавачот во кои при вршењето на инспекцискиот надзор е утврдена неправилноста.

Член 4

Едукацијата се врши во времето кое ќе го одреди Државниот инспекторат за труд.

Едукацијата се врши два пати месечно, а по потреба и повеќе пати.

Член 5

За спроведената едукација, се води евиденција, рачно и во електронска форма.

Евиденцијата од став 1 на овој член содржи:

- реден број;
- број и датум на поканата за евиденција;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- назив и седиште на работодавачот;
- кратко означување на предметот на едукација;
- име и презиме на инспекторот кој ја извршил едукацијата;
- датум кога е извршена едукацијата, и
- забелешка.

Образецот за водење на евиденцијата за спроведената едукација, е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07/8516/1
9 декември 2011 година
Скопје

Министер,
Спиро Ристовски, с.р.

Прилог бр. 1

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
Државен инспекторат за труд
Бр._____од _____ година

П О К А Н А
за спроведување на едукација

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација

Име и презиме_____
ЕМБГ _____ место на раѓање _____
Адреса на живеење _____
Функција што ја врши кај работодавачот _____
Занимање _____државјанство_____

2. Податоци за работодавачот

Назив и седиште _____
Жиро сметка _____даночен број _____
Депонент банка на работодавачот _____

Државниот инспектор за труд ќе спроведе едукација во _____ часот, на ден _____година , во просториите на _____ , лоцирани на ул. _____
Предмет на поканата е _____
_____

Име и презиме на инспекторот
_____
М.П.
Место и датум на издавање
_____

ЗАБЕЛЕШКА :

Согласно со член 48-а став 5 од Законот за безбедност и здравје при работа , доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Прилог бр. 2

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Реден бр.	Број и датум на поканата за едукација	Име и презиме на лицето кое се повикува на едукација	Назив и седиште на работодавачот	Кратко означување на предметот на едукација	Име и презиме на инспекторот кој ја извршил едукацијата	Датум кога е извршена едукација	Забелешка

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4162.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11) и член 16 од Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ“ бр. 21/11 и 168/11), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2012 година за регулирана дејност производство на електрична енергија на АД ТЕЦ НЕГОТИНО во државна сопственост Неготино бр. 02-759/1 од 31.10.2011 година, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД ТЕЦ НЕГОТИНО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ НЕГОТИНО ЗА 2012 ГОДИНА

1. На АД ТЕЦ НЕГОТИНО во државна сопственост - Неготино, се одобрува регулиран максимален приход (MAR) за 2012 година во износ од 185.045.377 денари, кога ТЕЦ НЕГОТИНО е ангажирано од страна на АД ЕЛЕМ – Скопје како ладна резерва за обезбедување на моќност и системски услуги за безбедно и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем.

2. Ангажирањето на АД ТЕЦ Неготино во државна сопственост - Неготино како производител на електрична енергија, моќност и системски услуги за безбедно и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем за потребите на тарифните потрошувачи од страна на АД ЕЛЕМ – Скопје, се уредува со меѓусебен регулиран договор.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08- 70 Претседател,
30 декември 2011 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

4163.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11) и член 16 од Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ“ бр. 21/11 и 168/11), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и цена за регулирана дејност – производство на електрична енергија на АД ЕЛЕМ-Скопје за 2012 година, бр. 02-5246/1, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ЦЕНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ ЗА 2012 ГОДИНА

1. На АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА – Скопје, за 2012 година се одобрува регулиран максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност производство на електрична енергија да изнесува 13.276.618.518 денари, за обезбедување на количини на електрична енергија, на влез во преносна мрежа, од сопствено производство во износ од 5.700.640.000 kWh и количини на електрична енергија од други производители и/или трговци на електрична енергија во износ од 158.000.000 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, е вклучен и планиран приход за обезбедување на системските услуги на операторот на електроенергетскиот систем во износ од 685.624.028 денари.

3. Цената на електричната енергија (BEGP) за 2012 година за вршење на регулираната енергетска дејност производство на електрична енергија на АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА – Скопје, утврдена согласно член 21 од Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи, изнесува 2,2087 ден/kWh.

4. Во согласност со цената на електрична енергија утврдена во точка 3 на оваа Одлука, како и регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија и регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија, цените за пресметковните елементи за електрична енергија и моќност испорачана на потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа кои вршат дејност од јавен интерес, се утврдени да изнесуваат:

Напон kV	Пресметковен елемент	Единица	Тарифно време	цена (денари)
110	Моќност	kW		803,5930
	Енергија	kWh	ВТ	1,9567
			НТ	0,9783
		kvarh	ВТ	0,4966
			НТ	0,1956

5. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 Број 08-73 Претседател,
30 декември 2011 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

4164.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11) и член 19 и 21 од Правилникот за начин и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Сл.весник на РМ“ бр.21/11 и 168/11), постапувајќи по Барањето за одобрување основен приход за регулиран пери од 2012 до 2014 година и регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за вршење на регулирана дејност дистрибуција на електрична енергија на ЕВН Македонија АД Скопје, број 08-74, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА ЗА 2012 ГОДИНА, КАКО И ОСНОВЕН ПРИХОД ЗА 2012, 2013 И 2014 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ЕВН МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

1. На ЕВН Македонија АД Скопје се одобрува основниот приход (BR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија да изнесува:

- 4.995.714.656 денари, за 2012 година;
- 5.235.459.694 денари, за 2013 година;
- 5.443.397.276 денари, за 2014 година.

2. Се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2012 година да изнесува 8.876.292.965 денари.

3. Регулираната просечна тарифа за вршење на дејноста наведена во точка 2 од оваа Одлука, за 2012 година се утврдува да изнесува 1,7098 ден/kWh за планирана испорака на 5.191.292.161kWh електрична енергија за тарифните потрошувачи.

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08-74
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател
Димитар Петров, с.р.

4165.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11) и член 16 од Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ“ бр. 21/11 и 168/11), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и цена за вршење на регулирана енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифните потрошувачи на мало на ЕВН Македонија АД – Скопје, за 2012 година, бр.07 – 11248/1 од 31.10.2011 година, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ЦЕНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕВН МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ЗА 2012 ГОДИНА

1. На Акционерското друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, ЕВН Електростопанство на Македонија – Скопје, за 2012 година се одобрува регулиран максимален приход (MAR), за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи да изнесува 22.360.875.467 денари, за испорачани 5.191.292.161kWh електрична енергија.

2. Просечната продажна цена на електричната енергија по која ЕВН Македонија АД – Скопје, ги снабдува тарифните потрошувачи за 2012 година се утврдува да изнесува 4,3074 денари за kWh електрична енергија.

3. Во согласност со просечната продажна цена на електрична енергија утврдена во точка 2 на оваа Одлука, цените на пресметковни елементи врз основа на кои тарифните потрошувачи ја плаќаат испорачаната електрична енергија изнесуваат:

3.1 За категорија на тарифни потрошувачи на 35 kV напонско ниво и категорија на тарифни потрошувачи на 6kV,10(20) kV напонско ниво

Пресметковен елемент	Единица	Време на испорака на електрична енергија во текот на денот	Цени за пресметковни елементи (денари)		
			Категорија на тарифни потрошувачи на 35 kV напонско ниво		Категорија на тарифни потрошувачи на 6kV,10(20) kV напонско ниво
			Група 35 kV директни	Група 35 kV	
Активна моќност	kW		863,69	910,41	702,16
активна електрична енергија	kWh	ВДО	2,13	2,68	2,95
		НДО	1,08	1,39	1,45
прекумерно превземена реактивна електрична енергија	kvarh	ВДО	0,53	0,69	0,65
		НДО	0,20	0,34	0,40

3.2 За категорија на тарифни потрошувачи на 0,4 kV (380 / 220V) напонско ниво

Пресметковен елемент	Единица	Време на испорака на електрична енергија во текот на денот	Цени за пресметковни елементи (денари)				
			Категорија на тарифни потрошувачи на 0,4 kV (380 / 220V) напонско ниво				
			Група домаќинства		Група останати		Група јавно осветлување
			Едно тарифно мерење	Дво тарифно мерење	Подгрупа I тарифен степен	Подгрупа II тарифен степен	
Активна моќност	kW		(*)	(*)	682,59	(*)	
активна електрична енергија	kWh	ВДО	3,05	3,80	3,26	5,93	5,09
		НДО		1,90	1,60		
прекумерно превземена реактивна електрична енергија	kvarh	ВДО			0,81	1,50	
		НДО			0,41		

(*)Во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ“, бр. 88/11) активната моќност на потрошувачите од категорија на тарифни потрошувачи на 0,4 kV (380 / 220V) напонско ниво, група „домаќинства“ и група останати, подгрупа останати, подгрупа II-тарифен степен учествува во вкупната вредност на електричната енергија од 25 %, а се пресметува на таков начин што вредноста на превземената активна електрична енергија (kWh) се зголемува за 33,33% за секој потрошувач.

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08 – 74/1
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4166.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеа 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11) и член 19 и 21 од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РМ“ бр.21/11 и 168/11), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО - Скопје за регулираниот период 2012 - 2014 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под број УП1-08-76, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ОСНОВЕН ПРИХОД ЗА 2012, 2013 И 2014 ГОДИНА, РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА 2012 ГОДИНА И РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА ЗА 2012 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА АД МЕПСО – СКОПЈЕ

1. На АД МЕПСО-Скопје се одобрува основен приход (BR) за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија, да изнесува:
-1.183.222.944 денари за 2012 година;
-1.293.366.209 денари за 2013 година;
-1.409.644.682 денари за 2014 година.
2. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија, се одобрува да изнесува 2.336.959.1-30 денари за 2012 година.
3. Регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија за 2012 година се утврдува да изнесува 0,2722 ден/kWh за планирана испорака од 8.586.177-.000 kWh електрична енергија на излез од преносната мрежа.
4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП 1 бр. 08-76 Претседател,
30 декември 2011 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

4167.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеа 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11) и член 19 од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РМ“ бр.21/11 и 168/11), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на АД МЕПСО - Скопје за регулираниот период 2012 година и пресметка за 2013 и 2014 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр. 08-76 од 01.11.2011 година, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА 2012 ГОДИНА И РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА ЗА 2012 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА, АД МЕПСО - СКОПЈЕ

1. Се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД МЕПСО - Скопје за 2012 година да изнесува 160.982.637 денари.
2. Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија за 2012 година се утврдува да изнесува 0,0187 ден/kWh за тргување со планирани количини на електрична енергија од 8.586.177.000 kWh.
3. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08-76/1 Претседател,
30 декември 2011 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

4168.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/11) и член 21 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 151/11), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран приход и тарифа за дејностите пренос и управување со системот за пренос на природен гас за регулиран период од 01.01.2012 година до 31.12.2016 година, бр. 0702-2923 од 11.11.2011 година, доставено од Акционерското друштво ГА-МА Скопје, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ПРЕНОС И УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА 2012 ГОДИНА И ГОДИШЕН ПРИХОД ПО СОСТАВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ПРЕНОС И УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2012-2016 ГОДИНА НА АД ГА-МА СКОПЈЕ

1. На Акционерското Друштво ГА-МА Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 295.004.885 денари и тарифа од 1,1753 ден/nm3 за услугите пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас за 2012 година, за пренесени 251.000.000 nm3 природен гас.
2. На Акционерското Друштво ГА-МА Скопје, се одобрува годишен приход по составни елементи (АВВ) за услугите пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас за регулиран период 2012-2016 година да изнесува:
- за 2012 година - 251.923.895 денари,
- за 2013 година - 255.070.235 денари,
- за 2014 година - 256.880.224 денари,
- за 2015 година - 259.955.791 денари, и
- за 2016 година - 261.861.924 денари.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр.08-78 Претседател,
30 декември 2011 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

4169.

Врз основа на член 22, точка 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11), член 17 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 151/11) и Барањето за одобрување на регулиран приход и тарифи за регулираниот период 2012-2016 година, бр. 07-914/1 од 15.11.2011 година, доставено од Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони – Скопје, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС И СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС НА ТАРИФНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКО - ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ – СКОПЈЕ, (ДТИРЗ) ЗА 2012 ГОДИНА И ГОДИШЕН ПРИХОД ПО СОСТАВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2012-2016 ГОДИНА

1. На Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони – Скопје се одобрува цена за услугите дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2012 година цената да изнесува 3,1338 ден/nm3, за испорака на планирани годишни количини на природен гас од 3.276.900 nm3.

2. На Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони – Скопје, се одобрува годишен приход по составни елементи (АВВ) дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за регулиран период 2012-2016 година да изнесува:

- за 2012 година - 107.242.829 денари,
- за 2013 година - 113.892.212 денари,
- за 2014 година - 119.522.446 денари,
- за 2015 година - 128.085.947 денари, и
- за 2016 година - 141.883.487 денари

3. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони – Скопје, ќе ја формира продажната цена на природниот гас за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во согласност со член 11 и член 15, став 2 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ“ бр. 94/05 и 43/10).

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 Број 08-80
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4170.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, точка 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11), Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09), постапувајќи по Барањето за одобрување на максимален приход и цена за регулиран период кој ја опфаќа календарската година 2012 за регулираната енергетска дејност производство на топлинска енергија, бр. 01- 3110/1 од 17.11.2011 година, доставено од Друштвото за производство на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД СКОПЈЕ

1. На друштвото за производство на топлинска енергија Топлификација АД-Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност производство на топлинска енергија за 2012 година да изнесува 2.539.808.522 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 642.590.836 kWh и ангажирана моќност од 505.344 kW.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Сл.весник на РМ“ бр.151/09), се утврдуваат следните тарифни ставови за производство на топлинска енергија на ниво на производител:

ПРОИЗВОДСТВО		
Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на производител	ден/kW/година	474,66
Топлинска енергија за категорија домаќинства на ниво на производител	ден/kWh	2,5874
Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на производител	ден/kW/година	949,32
Топлинска енергија за категорија останати на ниво на производител	ден/kWh	5,1748

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08 – 81
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4171.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, точка 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11), Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/2009), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и цена на топлинска енергија за греење за регулиран период бр.08-82 од 17.11.2011 година, доставено од Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД – Скопје, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2012 ГОДИНА НА СКОПЈЕ СЕВЕР АД-СКОПЈЕ

1. На Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД – Скопје, се одобрува регулираниот максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за 2012 година, да изнесува 120.127.016 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 25.986.068 kWh на ниво на производител и испорачана количина на топлинска енергија од 24.167.043 kWh, на ниво на мерно место.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, како и согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија за греење, тарифните ставови за период од 1 јануари до 31 декември 2012 година се одобрува да изнесуваат:

Ред. бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	Цена од 01.01.2012 до 31.12.2012 година
	КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/година	1.191,33
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	2,7010
	КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/година	2.382,66
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	5,4020

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08 – 82
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4172.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, точка 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011), Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09) и Барањето за одобрување на максимален приход и цена за дистрибуција на топлинска енергија за 2012 година, бр. 01- 727/1 од 17.11.2011 година, доставено од Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ-Скопје, на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД НА ДРУШТВОТО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ-Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност дистрибуција на топлинска енергија за 2012 година во износ од 129.908.178 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 565.479.936 kWh.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1, на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се утврдуваат следните тарифни ставови за дистрибуција на топлинска енергија за 2012 година на ниво на дистрибутер:

ДИСТРИБУЦИЈА		
Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на дистрибутер	ден/kW/ година	195,8769
Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на дистрибутер	ден/kW/ година	391,7538

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08 – 83
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4173.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, точка 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11 и 136/11) и член 22, став 3 Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ“ бр. 62/09), на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2012 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 800.282.881 денари за 2012 година, за дистрибуирана и испорачана количина на топлинска енергија од 157.881.998 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 709.114.540 денари, за набавени 179.411.361 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 36.270.363 денари за дистрибуирани и испорачани количини на топлинска енергија од 157.881.998 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 54.897.979 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 157.881.998 kWh, на ниво на мерно место.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија ("Сл.весник на РМ" бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

Ред бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	цена од 01.01.2012 до 31.12.2012 година
	КАТЕГОРИЈА ДОМАКИНСТВА		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	1.011,4692
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	2,9403
	КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	2.022,9384
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	5,8806

6. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 4 на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се одобруваат следните тарифни ставови за услугата снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на снабдувач:

Ред бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	цена од 01.01.2012 до 31.12.2012 година
	СНАБДУВАЊЕ – ИСТОК		
1.	Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинстава на ниво на снабдувач	ден/kW/ година	276,2033
2.	Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на снабдувач	ден/kW/ година	552,4066

7. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08 – 84
30 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров,** с.р.

4174.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, точка 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11 и 136/11) и член 22, став 3 Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ" бр. 62/09), на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2012 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 852.314.894 денари за 2012 година, за дистрибуирана и испорачана количина на топлинска енергија од 168.569.569 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 757.116.920 денари, за набавени 191.556.328 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 38.725.628 денари за дистрибуирани и испорачани количини на топлинска енергија од 168.569.569 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 56.472.346 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 168.569.569 kWh, на ниво на мерно место.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија ("Сл.весник на РМ" бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

Ред бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	цена од 01.01.2012 до 31.12.2012 година
	КАТЕГОРИЈА ДОМАКИНСТВА		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	1.011,4692
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	2,9403
	КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	2.022,9384
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	5,8806

6. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 4 на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се одобруваат следните тарифни ставови за услугата снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на снабдувач:

Ред бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	цена од 01.01.2012 до 31.12.2012 година
	СНАБДУВАЊЕ – ЗАПАД		
1.	Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинстава на ниво на снабдувач	ден/kW/ година	276,2033
2.	Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на снабдувач	ден/kW/ година	552,4066

7. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08 – 85
30 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров,** с.р.

4175.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, точка 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11 и 136/11) и член 22, став 3 Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење („Службен весник на РМ" бр. 62/09), на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2012 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. На друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход од 1.200.300.702 денари за 2012 година, за дистрибуирана и испорачана количина на топлинска енергија од 239.028.369 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за набавка на топлинска енергија изнесува 1.073.577.063 денари, за набавени 271.623.147 kWh на влез на дистрибутивната мрежа и истиот износ го плаќа на производителот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 54.912.187 денари за дистрибуирани и испорачани количини на топлинска енергија од 239.028.369 kWh до крајните потрошувачи, и истиот износ го плаќа на дистрибутерот на топлинска енергија согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука трошокот за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 71.811.452 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 239.028.369 kWh, на ниво на мерно место.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија ("Сл.весник на РМ" бр.151/09), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

Ред бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	цена од 01.01.2012 до 31.12.2012 година
	КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	1.011,4692
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	2,9403
	КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ		
1.	Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место	ден/kW/ година	2.022,9384
2.	Топлинска енергија на ниво на мерно место	ден/kWh	5,8806

6. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 4 на оваа Одлука, согласно тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, се одобруваат следните тарифни ставови за услугата снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на снабдувач:

Ред бр.	ТАРИФНИ СТАВОВИ	Единица мерка	цена од 01.01.2012 до 31.12.2012 година
	СНАБДУВАЊЕ – ЦЕНТАР		
1.	Ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на снабдувач	ден/kW/ година	276,2033
2.	Ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на снабдувач	ден/kW/ година	552,4066

7. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08 – 86
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4176.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11 и 136/11), на седницата одржана на хх декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМЕНА НА ЦЕНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС НА ТАРИФНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НА МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС ДООЕЛ СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува важноста на Одлуката за примена на цена за вршење на дејноста снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас на МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС ДООЕЛ Скопје УП1.бр.11-44 од 11.7.2011 година, објавена во („Службен весник на Република Македонија" бр.93/11).

Член 2

Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08-98
30 декември 2011 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

4177.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11 и 136/11), на седницата одржана на 30 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА И ПРИМЕНАТА НА ОДЛУКИТЕ ЗА АД ЕЛЕМ ПОДРУЖНИЦА "ЕНЕРГЕТИКА"

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува важноста и примената на следниве одлуки:

1. Одлука за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за дистрибуција за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за АД ЕЛЕМ Подружница "Енергетика" - Скопје за 2011 година, („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/11); и

2. Одлука за одобрување на регулиран максимален приход и цена за вршење на регулираната енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи за АД ЕЛЕМ Подружница "Енергетика" - Скопје за 2011 година, („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/11).

Член 2

Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

УП1 бр. 08-99 Претседател
30 декември 2011 година **Димитар Петров**, с.р.
Скопје

4178.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 9 од Правилникот за условите, начинот и постапката за стекнување и престанување на својството на квалификуван потрошувач на природен гас („Службен весник на Република Македонија„ бр. 49/07), постапувајќи по барањето на МАКСТИЛ АД Скопје на седницата одржана на 30.12.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ НА ПРИРОДЕН ГАС

1. Акционерското Друштво за производство и трговија со производи за црна металургија МАКСТИЛ АД Скопје се стекнува со својство на квалификуван потрошувач на природен гас.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.01. 2012 година.

УП1 бр. 11 – 92
30 декември 2011 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

4179.

Врз основа на член 49, став (4) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11 и 136/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА МЕРКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ КАЈ ВОДНИТЕ ЖИВОТНИ(*)

Член 1
Предмет

Со овој правилник се пропишуваат основните мерки за сузбивање и искоренување кои се применуваат во случај на сомневање или појава на жариште на одредени болести кај водните животни.

Член 2
Дефиниции

(1) Поимите дефинирани во Законот за ветеринарно здравство и прописите донесено врз основа на тој закон се применуваат и во овој правилник.

(2) Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) „дел каде се одгледуваат мекотели“ е простор за производство или за повторно насадување во кој сите бизниси за производство на аквакултура се одвиваат под заеднички биосигурносен систем;

2) „диви водни животни“ се водни животни кои не припаѓаат на аквакултура;

3) „оддел“ е една или повеќе фарми под заеднички биосигурносен систем во кои има популација на водни животни со јасно одреден здравствен статус во однос на одредена болест;

4) „заеднички биосигурносен систем“ е применување на исти мерки за надзор, сузбивање и искоренување на болести кај водните животни;

5) „заштитен појас“ е простор околу заразената фарма или делот каде се одгледуваат мекотели каде се применуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста со цел спречување на ширење на болеста;

6) „жариште на нова болест“ е ново идентификувана болест, за која причината за појавување може или не може да се утврди, која има потенцијал да се рашири помеѓу популацијата на водни животни по пат на трговијата со водни животни и/или со производи од водни животни, како и појавување на болести кај нови приемчиви видови - домаќини на болеста, а кои не се наведени во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 како приемчиви видови;

7) „пауза во одгледувањето“ е операција при која фармата се празни од аквакултура која е приемчива за болеста за која се работи, или може да го пренесува причинителот на болеста, и, доколку е можно, и од водата.

Член 3
Пријавување

(1) Во случај кога постои сомневање на присуство, или е потврдено присуство на некоја од болестите наведени во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 кај водните животни, веднаш се пријавува до Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата).

(2) Во случај кога постои зголемена смртност кај водните животни тоа веднаш се пријавува до Агенцијата или овластен ветеринар.

(3) Обврска за пријавување од ставовите (1) и (2) од овој член се однесува на лицата согласно со Законот на ветеринарно здравство.

Член 4
Пријавување до Светската организација за здравствена заштита на животните - ОИЕ и до Комисијата на Европската Унија

Во случај на потврда на присуство на болест, Агенцијата ја известува Светската организација за здравствена заштита на животните - ОИЕ и Комисијата на Европската Унија во согласност со Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1.

Член 5
Почетни контролни мерки

(1) Во случај на сомневање на егзотични болести, или не егзотични болести, наведени во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 во Република Македонија, зона или оддел со здравствен статус од категорија I или III како што е наведено во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник, треба да се обезбеди земање на примероци и испитување во лабораторија во согласност со член 22 на овој правилник;

(*) Со овој правилникот се врши усогласување со ДИРЕКТИВАТА НА СОВЕТОТ 2006/88/ЕЗ од 24 октомври 2006 за здравствените барања за аквакултурата и производи од аквакултура, и за спречување и контрола на одредени болести кај водни животни, број 32006L0088; со последната измена со Директива на Комисијата 2008/53/ЕЗ, број 32008L0053.

(2) Во зависност од резултатите од став (1) од овој член:

1) фармата, или делот каде се одгледуваат мекотели, каде постои сомневање за постоење на болеста, се става под официјален надзор и се спроведуваат соодветни мерки за сузбивање и искоренување за да се спречи ширењето на болеста на други водни животни;

2) да нема внесување и изнесување на аквакултура во и од фармата или делот каде се одгледуваат мекотели, каде постои сомневање за присуство на болест, освен ако не е одобрено од страна на Агенцијата и

3) да се отпочне епизоотиолошко испитување од член 6 на овој правилник.

Член 6
Епизоотиолошко испитување

(1) Епизоотиолошкото испитување од член 5 став (2) точка 3) на овој правилник, се врши каде испитувањето од член 5 став (1) на овој правилник покажува присуство на:

1) егзотична болест наведена во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 или

2) не-егзотична болест наведена во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 во Република Македонија, зона или оддел со здравствен статус од категорија I или III, како што е наведено во Прилог 1 на овој правилник.

(2) Епизоотиолошкото испитување од став (1) од овој член опфаќа:

1) утврдување на потеклото и начинот на контаминирање;

2) утврдување дали водните животни ја напуштиле фармата или делот каде се одгледуваат мекотели во одреден период пред пријавувањето на сомневањето од член 3 ставови (1) и (2) на овој правилник и

3) испитување дали постои присуство на болест на други фарми.

(3) Кога епизоотиолошкото испитување од став (1) на овој член покажува дека е можно болеста да е внесена во еден или повеќе фарми, делови каде се одгледуваат мекотели или отворени води, мерките од член 5 на овој правилник треба да се применуваат и во овие фарми, односно, делови каде се одгледуваат мекотели или отворени води.

(4) Во случај на големи водни сливови или крајбрежни области, може да се ограничи примената на почетните контролни мерки од член 5 на овој правилник на помала област во близина на фармата или деловите каде се одгледуваат мекотели за која постои сомневање дека има присуство на болест, за која се смета дека е доволно мала што гарантира дека болеста нема да се шири.

(5) Доколку е потребно соседните земји да преземат мерки во врска со присуство на болест, надлежните органи на соседните земји треба да бидат информирани за сомневањето за присуство на болест.

Член 7
Повлекување на ограничувањата

Доколку испитувањето од член 5 став (1) на овој правилник не покаже присуство на болест, ограничувањата од член 5 став (2) на овој правилник се повлекуваат.

Член 8
Мерки во случај на потврда на егзотична болест кај аквакултура

Мерките од членовите 9, 10. 11, 12 и 13 на овој правилник се применуваат во случај на потврда на присуство на егзотична болест наведена во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 кај аквакултура.

Член 9
Општи мерки во случај на потврда на егзотична болест кај аквакултура

Во случај на потврда на присуство на егзотична болест кај аквакултура треба:

1) да е потврдено присуство на болест во фармата или делот каде се одгледуваат мекотели официјално;

2) да е формиран заштитен појас, заштитна зона и зона на надзор околу фармата или делот каде се одгледуваат мекотели каде е потврдено присуство на болеста;

3) да не се врши повторно населување и внесување, изнесување или движење на аквакултура во рамките на заштитниот појас, освен доколку тоа не е одобрено од страна на Агенцијата и

4) да се преземаат мерки потребни за да се спречи понатамошното ширење на болеста.

Член 10
Собирање и понатамошна обработка во случај на потврда на егзотична болест кај аквакултура

(1) Аквакултурата која има постигнато комерцијална големина и не покажува клинички знаци на болест може да се собере за човечка исхрана или за понатамошна обработка под надзор на официјален ветеринар.

(2) Собирањето, внесувањето во центрите за испраќање или центрите за прочистување, понатамошна обработка и други операции поврзани со вклучување на аквакултурата за влез во синџирот на исхрана треба да се врши на начин со кој се спречува ширењето на патогенот кој е одговорен за предизвикување на болест.

(3) Центрите за испраќање, центрите за прочистување и други објекти поврзани со операции во врска со понатамошната обработка треба да бидат опремени со систем за третман на отпадни води за инактивирање на патогенот кој е одговорен за предизвикување на болеста, или врз отпадните води треба да се примени друг вид на третман за намалување на ризикот од пренесување на болести на природните води на прифатливо ниво.

(4) Понатамошната обработка на аквакултурата која има постигнато комерцијална големина и не покажува клинички знаци на болест треба да се врши во одобрени преработувачки објекти.

Член 11
Отстранување и нештетно уништување во случај на потврда на егзотична болест кај аквакултура

(1) Угинатите риби и ракови, како и живите риби и ракови кои покажуваат клинички знаци на болест, се отстрануваат и нештетно се уништуваат под надзор на официјален ветеринар, во согласност со Законот за нуспроизводи од животинско потекло*2 и планот за итни мерки.

(2) Аквакултурата која не достигнала комерцијална големина и не покажува клинички знаци на болест треба во соодветна временска рамка, земајќи ги предвид

видот на производството и ризикот за понатамошно ширење на болеста, да се отстрани и нештетно да се уништи под надзор на официјален ветеринар во согласност со Законот за нуспроизводи од животинско потекло*2 и планот за итни мерки во согласност со Законот за ветеринарно здравство.

Член 12

Пауза во одгледувањето во случај на потврда на егзотична болест кај аквакултура

(1) Доколку е можно фармите или деловите каде се одгледуваат мекотели каде има присуство на болеста треба да бидат подложени на пауза во одгледувањето откако ќе се испразнат и доколку е можно треба да се исчистат и дезинфицираат.

(2) Паузата во одгледувањето во фарми или делови каде се одгледуваат мекотели, каде се одгледува аквакултура која не е подложна на болеста за која се работи, се применува врз основа на проценката на ризикот.

Член 13

Повлекување на мерките воведени во случај на потврда на егзотична болест кај аквакултура

Мерките од членовите 9, 10, 11 и 12 на овој правилник се применуваат до:

1) спроведување на мерките за сузбивање на болест;

2) добивање на негативни резултати од земените мостри и надзорот во заштитниот појас, соодветно за болест за која се работи и видот на бизнис за производство на аквакултура.

Член 14

Постапување во случај на потврда на не-егзотични болести кај аквакултура

(1) Во случај на потврда на присуство на не-егзотична болест наведена во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 во Република Македонија, во зона или оддел слободни од таа болест:

1) се применуваат мерките од членовите 9, 10, 11, 12 и 13 на овој правилник со цел да се воспостави повторно статусот на слободна од болест и

2) се изготвува програма за сузбивање и искоренување во согласност со Законот за ветеринарно здравство.

(2) По исклучок од член 11 став (2) на овој правилник, може да се дозволи животните кои не покажуваат клинички знаци на болест да продолжат да се одгледуваат до постигнување на комерцијална големина пред да бидат пуштени за исхрана на луѓе или да се пренесат во друга зона или оддел каде има присуство на болеста. Во такви случаи, се преземаат мерки за да се намали колку што е можно и да се спречи понатамошното ширење на болеста.

(3) Доколку статусот слободна од болест зона или оддел не се воспоставува повторно се применува членот 15 на овој правилник.

Член 15

Мерки за спречување на ширење на болеста

(1) Во случај на потврда на присуство на не-егзотична болест наведена во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 во Република Македонија, во зона или оддел кои не се слободни од таа болест, Агенцијата ги презема неопходните мерки утврдени во став (2) на овој член за спречување на ширење на болеста.

(2) Мерките за спречување на ширење на болеста се состојат најмалку од:

1) прогласување на фармата или делот каде се одгледуваат мекотели за заразени;

2) воспоставување на заштитен појас соодветен за болеста за која се работи, вклучувајќи и заштитна зона и зона на надзор околу фармата или делот каде се одгледуваат мекотели кои се прогласени за заразени;

3) ограничување на движењето на аквакултурата од заштитниот појас така што:

(а) внесување во фармите или деловите каде се одгледуваат мекотели се врши во согласност со Законот за ветеринарно здравство*3 или

(б) собирање за исхрана на луѓе се врши во согласност со член 10 став (1) на овој правилник;

4) отстранување и нештетно уништување на угинати риби и ракови, согласно Законот за нуспроизводи од животинско потекло*2, во соодветен рок, земајќи го во предвид видот на производство и ризикот што угинатите животни го претставуваат за понатамошно ширењето на болеста.

Член 16

Основни мерки за сузбивање и искоренување на болести кај диви водни животни

(1) Доколку постои сомневање или потврда за присуство на егзотична болест наведена во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 кај диви водни животни, Агенцијата ја следи ситуацијата и презема мерки за намалување и спречување на понатамошното ширење на болеста.

(2) Доколку постои сомневање или потврда за присуство на не-егзотична болест наведена во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 кај диви водни животни во Република Македонија, зона или оддел кој е слободен од таа болест, Агенцијата ја следи ситуацијата и презема мерки за намалување и спречување на понатамошното ширење на болеста.

Член 17

Мерки за сузбивање и искоренување во случај на жариште на нова болест

(1) Во случај на жариште на нова болест се преземаат соодветни мерки за сузбивање и искоренување на таа болест, како и спречување на ширење во случај кога постои опасност од загрозување на здравствената состојба на водните животни.

(2) Во случај на жариште на нова болест и кога наодите се од епидемиолошко значење, Агенцијата веднаш ги информира Светската организација за здравствена заштита на животните - ОИЕ и Комисијата на Европската Унија.

(3) По спроведената постапка од страна на Европската Комисија со која Комисијата е овластена да постапува за работи кои се однесуваат на безбедност на храна и ветеринарна политика, мерките од став (1) на овој член може да се продолжат, изменат или повлечат.

(4) По спроведената постапка од страна на Европската Комисија со која Комисијата е овластена да постапува за работи кои се однесуваат на безбедност на храна и ветеринарна политика, доколку е потребно, листата на болести од Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1 може да се измени и дополни за да се вклучи и новата болест или нов приемчив вид – домаќин на болест која веќе се наоѓа на листата.

Член 18

Постапка за донесување на ад хок епидемиолошки мерки за болестите наведени во Прилог 1 Дел Б од Правилникот за начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат и листа на болести кои задолжително се пријавуваат*1

По спроведената постапка од страна на Европската Комисија со која Комисијата е овластена да постапува за работи кои се однесуваат на безбедност на храна и ветеринарна политика, применување на ад хок мерки за одреден временски период под услови соодветни на епидемиолошката состојба, може да се одобри доколку:

1) мерките од членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 19 и 20 на овој правилник не се соодветни на епидемиолошката состојба;

